Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Се прогласува Буџетот на Република Македонија за 2008 година,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2007 година.

Бр. 07-5642/1
29 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2008 година се состои од:

		во илјади денари
I	**Вкупни приходи,**	**128.739.888**
	и тоа:	
	- изворни приходи	126.065.690
	- капитални приходи	680.000
	- донации	1.994.198
II	**Вкупни расходи,**	**134.279.812**
	и тоа:	
	- утврдени намени	134.029.812
	- резерви	250.000
III	**Дефицит**	**5.539.924**
	од тоа:	
Приливи		**12.522.934**
	-домашни приливи	4.200.000
	-странски кредити	4.945.414
	- депозит	3.377.520
Одливи		**6.983.010**
	-отплата на главнина	6.983.010

ВОВЕД

Буџетот на Република Македонија за 2008 година го отсликува континуитетот на активностите на Владата на Република Македонија во остварувањето на амбициозните програмски цели за забрзување на економскиот раст, подобрување на животниот стандард на населението, зголемување на вработеноста, засилена борба против корупцијата и итензивирање на интеграционите процеси за ЕУ и НАТО.

Цврстата определба на Владата за трансформација на досегашната функција на државата, односно нејзино поставување во функција на развој на приватниот сектор ги дава очекуваните ефекти и сé повеќе ја стимулира нејзината реформска определба, насочена кон постигнување на крајните цели, високи стапки на економски раст и подигање на животниот стандард.

Потврдената практика во земјите во транзиција на ефикасни даночни системи со транспарентни, едноставни и ниски даноци ги дадоа очекуваните резултати во текот на 2007 година и истите ја оправдуваат определбата за натамошно намалување на даночното оптоварување во 2008 година како еден од основните предуслови за економски напредок

Зголемување на капиталните инвестиции, инвестиции во образованието, здравството и информатичката технологија, реално афирмирање на земјата за привлекување на странските и домашните инвеститори, потранспарентно и поодговорно работење на државните институции, подобрување на јавната инфраструктура, подготвеноста на јавните институции за спроведување на реформите, како и засилената борба против корупцијата, ги претставуваат приоритетните реформски политики и активности на Владата на Република Македонија за 2008 година.

Во рамките на макроекономската политика за 2008 година, фискалната политика и понатаму е во функција на остварување на подинамичен економски развој, заснован на продуктивна јавна потрошувачка и зголемени капитални инвестиции.

МАКРОЕКОНОМСКИ ПРЕДВИДУВАЊА ЗА 2008 ГОДИНА

Економските резултати во Република Македонија во 2007 година кои се генерално најдобри во досегашниот период на транзиција, беа поддржани со дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика.

Стапката на раст на бруто домашниот производ (БДП) за првата половина од 2007 година изнесува 5,5%, при што значајно е дека порастот е диверзифициран, односно пораст забележаа сите производни сектори. Притоа, растот беше најизразен кај услужниот сектор, односно транспорт и комуникации (11,1%), трговијата на големо и мало (14%), градежништвото (5%) и финансиското посредување (4,5%).

Позитивните економски движења се остварени во услови на ниска и стабилна инфлација, која за првите девет месеца од 2007 година изнесува 1,4%, што е за 1,1 процентни поени (п.п) пониско од очекуваното.

Растот во реалниот сектор е пресликан и во надворешниот сектор, при што за првите осум месеца од 2007 година растот на извозот изнесува 31,8%, додека растот на увозот 18,6%, што истовремено укажува на реално намалување на трговскиот дефицит. Позитивните економски движења се поддржани и со силниот раст на увозот на инвестициски производи и интермедијарни добра од 33,5% што укажува на зголемена производствена инвестициска активност во земјата.

Во социјалната сфера, исто така, почнуваат да се чувствуваат ефектите на интензивираната економска активност. Така, стапката на невработеност

според анкетата на работна сила (ILO дефиниција) за вториот квартал од 2007 година изнесува 35,0%, што во однос на истиот период од 2006 година претставува намалување од 1,1 процентни поени. Бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување на крајот од септември 2007 година изнесува 361,600 што во однос на крајот од 2006 година претставува намалување од 1,6%. Истовремено, во периодот јануари-август е остварен номинален раст на просечната плата од 6,1% и реален раст од 5%, што предизвика пораст на куповната сила на граѓаните, односно личната потрошувачка, со високо позитивно влијае врз растот на БДП.

Позитивните движења во реалниот сектор се поддржани и со движењата во монетарната сфера. Имено, во првите седум месеца од 2007 година се забележува ниско, но континуирано намалување на просечните пондерирани активни каматни стапки на комерцијалните банки со истовремено значително (23% во јули 2007 споредено со крајот од 2006) зголемување на долгорочните кредити за корпоративниот сектор (средства кои се користат за инвестиции), што е значителна поддршка за економската активност.

Јавните финансии во првите шест месеца се забележува стабилно и прудентно водење на фискалната политика, согласно со договорениот аранжман со Меѓународниот монетарен фонд. Притоа, е важно да се напомене дека во 2007 година беа преземени значителни фискални реформи, односно беше воведена единствена стапка од 10% на персоналниот данок на доход и данокот на добивка, односно рамен данок, со преодна стапка од 12% во 2007 година, намалување на ДДВ за земјоделските производи од 18% на 5%, а во втората половина на годината и за дополнителни производи како лекови и медицински помагала, компјутери и компјутерска опрема, сончеви колектори и јавен превоз. Од особена важност е што во овој период и покрај значителните даночни реформи, даночните приходи забележаа раст поголем за 12% од планираниот, при што приходите од данокот на добивка надминуваат 50% од планираното. Ваквото зголемување на даночните приходи се должи на повеќе фактори од кои најважни се значително зголемениот економски раст на почетокот на годината, високиот раст на профитабилноста на фирмите во 2006 година (29,7%), административните олеснувања за плаќање на даноци, како и решителната борба на Управата за јавни приходи и Царината за подобра наплата на даночните приходи.

Согласно со остварените движења во текот на 2007 година сосема е извесно дека оваа година ќе биде остварена највисока стапка на пораст на БДП во целиот транзициски период и покрај влошените услови на размена, односно зголемување на цените на суровините, вклучително и енергијата, на светските пазари. Според проекциите, истиот тренд ќе продолжи и во следниот тригодишен период со што, на среден рок, позитивни ефекти ќе се почувствуваат и во животниот стандард на населението.

Основна цел на Владата на Република Македонија за наредната 2008 година ќе биде задржување, но и забрзување на високиот економски раст присутен во 2007 година и понатаму придружен со ниска и стабилна стапка на инфлација, со значително позитивно влијание врз расположливиот доход на граѓаните, а со тоа и животниот стандард. Во перидот 2008-2010 година се очекува просечната стапка на пораст на БДП да биде на нешто повисоко ниво отколку во 2007 година, меѓу 6 и 6,5%. Притоа, поттикнувач на економскиот раст од аспект на расходната страна на БДП, ќе бидат личната потрошувачка и инвестициите (особено странските директни инвестиции - СДИ). Од производен аспект, пак, главниот двигател на растот ќе бидат услугите, поради нивното доминантно учество во создавањето на БДП, а нешто понизок пораст се очекува кај индустриското производство, со што ќе дојде до натамошна промена на структурата на домашното производство кон услугите, слично на развиените западни земји.

График 1 Придонес во пораст на БДП, производен метод



Во насока на пораст на личната потрошувачка ќе дејствува и воведувањето на рамниот данок, односно намалениот персонален данок на доход од 15%, 18% и 24% во 2006 година на 10% во 2008 година.

Во согласност со заложбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика (дефицит на општиот владин буџет не повисок од 1,5% од БДП), придонесот на јавната потрошувачка во БДП во идниот период ќе се движи меѓу 0,5 и 1 процентни поени, а во наредниот период се очекува и зголемување на процентот на искористување на капиталните инвестиции кои би придонеле за поинтензивен раст на БДП.

Намалувањето на данокот на добивка од 15% на 12% во 2007 година и на 10% во 2008 година, како и ослободувањето на одаточувањето на реинвестираната добивка претставува дополнителен импулс за поголема инвестициска активност, според проекциите од околу 15%. Така, во периодот 2008-2010 година се очекува бруто инвестициите просечно да растат меѓу 13 и 16% и да имаат придонес во растот од околу 2 до 2,5 процентен поен. Земајќи ја предвид увозната зависност на македонската економија, значително високиот очекуван прилив на странски директни инвестиции (Johnson Controls, Агрокор, ERA City итн.), како и очекуваната експанзија на личната потрошувачка, се очекува придонесот на нето извозот во идниот период да биде негативен, но стабилизиран на ниво од -1,5 до -2,0 процентни поени. Висок раст на увозот е неопходен за забележување на повисоки стапки на економски раст, тренд присутен кај напредните земји во транзиција.

График 2 Придонес во растот, расходен метод



Стапката на инфлација, според проекциите, на среден рок ќе биде ниска, едноцифрена и во согласност со очекуваниот пораст на вработеноста, платите и личната потрошувачка, како и со проекциите за движење на цените на енергенсите на светските пазари. Се очекува стапката на инфлација во анализираниот период да се движи меѓу 2,5 и 3%, при планиран годишен пораст на вработеноста од 4% и на продуктивноста од 4 до 5%. Во правец на натамошно одржување на ценовната стабилност во економијата како основна монетарна цел, ќе дејствува и монетарната политика. Во исто време ќе продолжи и примената на стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото, со што одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот ќе претставува индиректна монетарна цел. Во овие рамки, побарувачката на пари ќе се зголемува во согласност со инфлацијата и порастот на БДП, а се очекува и поинтензивно кредитирање на приватниот сектор во согласност со зголемената конкуренција во банкарскиот сектор, како и порастот на просечната плата во Република Македонија.

Во доменот на надворешно-трговската размена, а во корелација со интензивираната и активна политика за привлекување на СДИ, се очекува пораст на трговскиот дефицит и дефицитот на тековната сметка во периодот 2008–2010 година. Имено, согласно со очекувањата, во 2008 година во Република Македонија ќе се влеат 403 милиони долари по основ на СДИ, што во однос на 2007 година ќе претставува пораст од 12%. Влегувањето во НАТО, според светските искуства ќе ја зголеми политичката и безбедносната стабилност и сигурност во Република Македонија, што е еден од предусловите за поголеми странски директни инвестиции кои претставуваат основен поттикнувач на економскиот раст и една од главните цели на економската политика на Владата.

Земајќи ја предвид увозната зависност на македонската економија, како и високата увозна компонента на СДИ (особено на фирмите како Johnson Controls), се очекува увозот во периодот 2008-2009 година да забележи повисок раст (14% во 2008 и 9% во 2009) што ќе придонесе за зголемување на трговскиот дефицит, процес кој е присутен речиси во сите напредни економии во транзиција кои остваруваат високи стапки на раст (на пример, Бугарија и Естонија). Се разбира, мерките кои ги презема Владата на Република Македонија за креирање на подобра бизнис клима и зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, како и трговската политика насочена кон создавањето на услови за зголемување на извозот на стоки и зголемување на учеството на македонските производи на меѓународните пазари (оценета од страна на EBRD со највисока оценка 4+), ќе придонесе за висок пораст и на извозот (од 9% во 2008 година и 12% во 2009).

Паралелно со зголемувањето на трговскиот дефицит и дефицитот на тековната сметка ќе забележи пораст и ќе изнесува околу -5% од БДП во 2008 и 2009 година, при стабилен номинален прилив по основ на приватни трансфери и намалување на дефицитот на билансот на услугите.

Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, а особено зголемената економска активност на малите и средни претпријатија, односно остварувањето на подинамични стапки на економски раст (од 6-6,5% на среден рок), ќе придонесат за пораст на вработеноста од околу 4% на годишно ниво во анализираниот период, со истовремено намалување на стапката на невработеност. Исто така, високиот економски раст ќе овозможи и натамошни фискални и структурни реформи во насока на подобрување на бизнис окружувањето, подобрување на инфраструктурата, капацитетот на јавните институции и примена на бизнискратија наместо бирократија.

БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Република Македонија, како основен инструмент за финансирање на функциите на државата со силно економско, социјално и политичко значење е одраз на вкупната економска политика на современата држава.

Поставените цели на фискалната политика изразени преку Буџетот на РМ за 2008 година и понатаму остануваат непроменети, во целост дизајнирани во функција на заживување на економскиот раст, одржување на макроекономската стабилност, стабилизирање на нивото на јавниот долг и релаксирање на монетарната политика.

Определбите за дисциплинирана фискална политика и фискална одржливост, како и анализите на тековните макроекономски и буџетски остварувања, беа предмет на преговорите со мисијата на Меѓународниот монетарен фонд во насока на натамошна имплементација на структурниот аранжман кој го поддржува континуитетот на рефромските процеси во фискалната 2008 година. Притоа политиката на рационално трошење на буџетските средства, како карактеристика на буџетската политика за 2008 година има за цел постигнување на фискална одржливост на среден рок.

Буџетот на РМ за 2008 година е конципиран врз основа на следниве базични постулати:

1) проектирани основни макроекономски индикатори за 2008 година;
2) Програма на Владата на РМ;
3) утврдени таргети во аранжманите со ММФ и Светската банка и
4) реализација на Буџетот на РМ во текот на 2007 година.

Буџет на Република Македонија за 2008 година

	Буџет 2007	Буџет 2008
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***116.117***	***128.740***
Даночни приходи и придонеси	**98.270**	**107.287**
Даночни приходи	**66.945**	**74.070**
Придонеси	**31.325**	**33.217**
Неданочни приходи	**15.463**	**18.779**
Капитални приходи	**564**	**680**
Донации	**1.820**	**1.994**
ВКУПНИ РАСХОДИ	***119.614***	***134.280***
Тековни расходи	***105.301***	***112.845***
Плати и надоместоци	*24.340*	*23.204*
Стоки и услуги	*17.161*	*18.695*
Трансфери до ЕЛС	*3.631*	*9.548*
Субвенции и трансфери	*6.830*	*6.032*
Социјални трансфери	*50.586*	*53.057*
Каматни плаќања	*2.753*	*2.309*
Капитални расходи	**14.313**	**21.435**
ДЕФИЦИТ	**-3.497**	**-5.540**

ФИНАНСИРАЊЕ		**3.497**	**5.540**
Прилив		***23.539***	***12.523***
	Домашни извори	4.791	4.200
	Странски извори	3.571	4.945
	Депозити	15.177	3.378
Одлив		***20.042***	***6.983***
	Отплати на странско задолжување	12.841	1.749
	Отплати на домашно задолжување	5.901	5.234
	Други одливи	1.300	0

Вкупните приходи на Буџетот на РМ за 2008 година се планирани на ниво од ***128.740 милиони денари***, во кои даночните приходи и ***придонесите*** учествуваат со ***107.287 милиони денари,*** односно 83,3%.

Од планираното ниво на даночни приходи и придонеси, Централниот буџет се очекува да оствари ***даночни приходи во износ од 73.372 милиони денари*** (кое ниво во однос на последниот ребаланс за 2007 година е повисоко за околу 7.000 милиони денари, односно пораст од 9,5%), додека социјалните буџетски фондови се очекува да реализираат придонеси и акцизи во износ од 33.915 милиони денари.

Даночната политика за 2008 година отсликана во Буџетот на РМ преку планираното ниво на даночни приходи се базира на планираните макроекономски индикатори, одличната реализација во текот на годинава и континуитет во даночните реформи изразени преку натамошно намалување на даночното оптоварување, како еден од приоритетите на Владата.

Во 2008 година во рамките на даночната политика се предвидени реформи кои имаат насока на хармонизирање на нашиот даночен систем со современите даночни системи во сферата на даночната легислатива, насока на подобрување на деловниот амбиент заради привлекување на странски инвестиции и зголемување на вработеноста, ефикасно утврдување и наплата на даночните приходи, како и борба против даночните измами.

За постигнување на овие цели, во сферата на даночната легислатива од 1 јануари 2008 година ќе започне примената на пропишаната намалена даночна стапка, односно рамен данок од 12% на 10% кај данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Во насока на хармонизација со директивите на ЕУ кај Законот за добивка се предвидува редуцирање на видовите приходи кои потпаѓаат во групата на приходи кои се оданочуваат со данокот по задршка. Во оваа група на приходи кои треба да се редуцираат спаѓаат приходите од забавни или спортски активности, приходите од наем на подвижни и недвижни добра, приходите во форма на награди добиени во РМ, како и приходите од технички, административни и други услуги.

Согласно со Законот за персонален данок на доход од 1 јануари 2008 година е предвидено да започне и оданочувањето на каматите на орочените штедни влогови а заради водење на поефикасна постапка за задолжување со данок во сите случаи на непријавени приходи се предлага скратување на пропишаната постапка, односно УЈП кога ќе утврди постоење на имот или средства поголеми од оданочените, без одлагање да донесе решение за задолжување со данок според пропишаната стапка (70%).

Согласно со стенд-бај аранжманот склучен меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународниот монетарен фонд, во рамките на даночните реформи е предвидено од април 2008 година да започне интегрираната наплата на социјалните придонеси, додека пак до јули 2008 година хармонизација на минималните основици за плаќање на социјалните придонеси. Исто така, согласно со аранжманот е предвидено да се изготви Стратегија за усогласување на основиците на кои ќе се пресметуваат социјалните придонеси и персоналниот данок на доход. Целта на ваквата реформа е намалување на даноците на работната сила, борба против неформалната економија, подобрување на деловното окружување, поедноставување на даночното оптеретување на фирмите и стимулирање на вработеноста.

Во областа на индиректното оданочување кај Законот за акцизите е предвидено укинување на извозните бандероли на цигарите со што ќе се поттикне извозот на овие производи и ќе се олеснат извозните процедури.

Се предвидува и ослободување од акциза, ДДВ и царина на донираните патнички автомобили наменети за државни органи и јавните установи.

Во 2008 година се планира да се изготви нов закон за игрите на среќа и забавните игри со кој ќе се овозможи надминување на досегашните проблеми при примената на постојниот закон, ќе се доуредат и појаснат одделни состојби во реализирањето и примената, а некои одредби ќе се усогласат и со европското законодавство.

Во насока на реформирање на Управата за јавни приходи како даночен орган кој се стреми кон подигање на степенот на професионализам и ефикасност во работењето и насочување кон изградба на дисциплиниран и модерен даночен орган, во Законот за УПЈ се изврши конкретизирање на статусот на вработените во УЈП зависно од надлежностите, специфичноста на правата, обврските и одговорностите кои истите ги имаат.

Вршењето на определени овластувања од страна на УЈП предвидени согласно со Законот за даночни постапки, треба да придонесе за поефикасно извршување на законите што, пак, е во насока на исполнување на барањата за членство во ЕУ. Таквите овластувања предвидуваат изземање на постапката по приговор и обезбедување на двостепеност во одлучувањето по правото на жалба на даночните обврзници.

Планираното намалување на даночните стапки во 2008 година треба да се надокнади со зголемување на ефикасноста во работењето како на Управата за јавни приходи, така и на Царинската управа. Ова подразбира поголемо почитување на правилата, поефикасни системи за собирање, подобро спроведување на контролите и ефикасна интервенција за да се откријат и истражат проневерите. Сето ова ќе се постигне и со планираната модернизација и јакнење на техничката основа и институционалниот капацитет и на Царинската управа, односно со помош на ангажирање на меѓународно призната и искусна консултантска куќа во областа на царинското работење. Од овие причини Министерството за финансии во согласност со правната постапка за набавки ја покани консултантската куќа Crown Agents на преговори за изготвување на Програма за детална експертиза и ресурси со соодветна стручност како поддршка на Царинската управа во остварувањето на целите.

Како резултат на воведувањето на софистицираната опрема за рентгенско скенирање на граничните премини, како и поради зголемената соработка меѓу Царинската управа и Управата за јавни приходи во откривањето на нелегалниот увоз и даночната евазија во 2008 година се очекува зголемување на ефикасноста во наплатата на даночните и царинските приходи.

Проекцијата на приходите кај социјалните фондови за 2008 година се утврдени имајќи ги предвид остварените движења во 2007 година, проектираните макроекономски индикатори за 2008 година, продолжување на процесот на

хармонизација на основиците за наплата на социјалните придонеси, ефектите од намалувањето на стапката на персоналниот данок и зголемената даночна дисциплина и контрола. Врз овие основи е планирано да се наплатат 22,500 милиони денари по основ на пензиско и инвалидско осигурување, 9,234 милиони денари од здравствено осигурување и 1,457 милиони денари од осигурување по основ на невработеност.

Неданочните приходи на Буџетот на РМ се планирани на ниво од 18.779 милиони денари во кои најзначајно е учеството на приходите кои буџетските корисници треба да ги реализираат на сопствените сметки по основ на самофинансирачки активности, кредити и донации. Во неданочните приходи се вклучени и приходите кои треба да ги оствари Фондот за патишта од патарини и регистрација на возила (1.803 милиони денари) и дивиденди од АД Македонски телекомуникации за 2006 и 2007 година (2.600 милиони денари).

Во вкупните приходи за 2008 година се планирани и две донации од Холандија за платно билансна-поддршка во вкупен износ од 629 милиони денари, како придружни грантови на ПДПЛ кредити од Светската банка. Буџетските корисници во текот на 2008 година е планирано да остварат донации по основ на билатерални договори во износ од 1.365 милиони денари за финансирање на одделни проекти и активности.

Буџетот на РМ за 2008 година предвидува да оствари ***дефицит од 1,5% од БДП, односно 5.540 милиони денари***. Ова ниво на дефицит е резултат на планираниот дефицит на основниот буџет во износ од 2.845 милиони денари (0,8%), дефицитот на Фондот за патишта во износ од 1.292 милиони денари и Фондот за ПИОМ во износ од 50 милиони денари (0,3%) и дефицитот по основ на задолжувања на буџетските корисници за одделни проекти во износ од 1.353 милиони денари (0,4%).

Согласно со планираното ниво на вкупни приходи и договорениот дефицит од 1,5% од БДП, ***вкупните расходи на Буџетот на РМ за 2008 година*** се утврдени во износ од ***134.280 милиони денари***.

Во структурата на вкупните расходи сé уште во значителен износ доминираат тековните расходи со 84%, додека капиталните расходи учествуваат со 16%.

Во рамките на ***тековните расходи*** кои се планирани на ниво од ***112.845 милиони денари***, дури 47% (53.057 милиони денари) се однесуваат на законските обврски за исплата на пензии, социјални надоместоци, надоместоци за невработени и услугите за здравствена заштита.

За исплата на пензии по сите основи (редовни, земјоделски, воени, реформа на јавна администрација, ретроактивна исплата на корисници на пензија кои биле вработени во органите за внатрешни работи) се обезбедени 28.488 милиони денари. Со овие средства ќе бидат исплаќани пензии на околу 279.000 пензионери.

За исплата на паричен надоместок по основ на невработеност преку Агенцијата за вработување се обезбедени 1.576 милиони денари. Со обезбедените средства во 2008 година ќе се исплаќа паричен надоместок на околу 24.500 невработени лица, согласно со законските прописи.

За финансирање на здравствените услуги и за исплата на надоместоци по основ на боледувања се обезбедени 16,264 милиони денари. Во здравствениот сектор се очекува да продолжат реформските процеси во насока на економично и ефикасно користење на средствата на корисниците, како и обезбедување на поквалитетни здравствени услуги.

За исплата на плати на вработените на централната власт се планирани 23.204 милиони денари, односно 20,6 % од тековните расходи, во ова ниво на планирани средства вклучени се ефектите од планираното зголемување на плати од 1 октомври 2008 година, доекипирање на органите на централната власт согласно со НПАА програма, а не се вклучени платите на вработените во

образованието, културата, детската и социјалната заштита во општините кои преминаа во втората фаза од децентрализација.

Во вкупното планирано ниво на расходи покрај планираните законски обврски, се планирани и средства за поддршка на приоритетите и реформските активности во следниве области:

- субвенции во земјоделството и руралниот развој во износ од околу 2.700 милиони денари,
- активности за привлекување на странски инвестиции, унапредување на деловните активности, информатички развој, поддршка на мали и средни претпријатија,
- реформи во полицијата во износ од околу 800 милиони денари,
- реформи во царината,
- зајакнување на Буџетот на Агенцијата за странски инвестиции во функција на привлекување на странски инвестиции и засилени промотивни активности,
- инвестиции во слободни економски зони,
- купување на амбасади во износ од 1.200 милиони денари,
- капитални инвестиции преку Министерството за транспорт (мостови, свлечилишта, водоснабдителни и канализациони системи, трансфери за железничка инфраструктура),
- капитални инвестиции во областа на културата (Стариот театар, Тврдината Кале, Музејот на вода Охрид, Универзитетот Плаошник, Тетовското Кале, локалитетот Скупи и Стоби, 60 томско издание, преводи на дела од нобеловци, Библиотеката во Тетово, театар во Велес, монументална фонтана на плоштад, реставрација на куќата на Мајка Тереза и музеј на ВМРО и жртви на комунизмот),
- инвестиции во образованието (набавка на компјутери, реконструкција на санитарни јазли, набавка на клупи, изградба на спортски сали, интерактивни лекции и е-учење),
- изградба на спортски сали и игралишта преку Агенцијата за млади и спорт,
- инвестиции во здравството за набавка на медицинска опрема и реконструкција на клиники и болници,
- реконструкција на казнено-поправни установи,
- за рамномерен и регионален развој и изведба на инфраструктурни проекти во неразвиените подрачја и
- инвестиции во патна инфраструктура преку Фондот за патишта близу 4.600 милиони денари.

За финансирање на ова ниво на расходи и навремено сервисирање на обврските по главнина од домашно и странско задолжување во износ од околу 7.000 милиони денари, се планирани приливи во Буџетот на РМ во износ од околу 12.523 милиони денари и тоа од странско задолжување во износ од 5.000 милиони денари, 4.000 милиони денари по основ на ново нето домашно задолжување и повлекување на депозитите на Буџетот во НБРМ во износ од околу 3.500 милиони денари.

ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се преземаат во насока на стимулирање на економскиот раст, забрзување на структурните реформи и обезбедување на стабилно и безбедно опкружување. Тие се опишани во неколку документи: Договорот за партнерство со Европската унија, извештаите за макроекономската и фискалната политика на Владата, претходните аранжмани со ММФ, повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн.

Владините програми претставуваат тековни владини приоритети и активности или пак посебна компонента на тие активности и се адаптирани во согласност со одлуките на Владата. Финансирањето на владините програми се обезбедува од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни институции. Во многу случаи, утврдените владини програми предизвикуваат промена на редовната работа на министерствата како последица на промената на приоритетите. Најдобар пример за тоа е Министерството за одбрана, каде што голем дел од оперативните политики и процедури се променети во насока на исполнување на стандардите за влез во НАТО. Буџетската политика за 2008 година има за цел да обезбеди информации за користењето на средствата и опис на програмите, како резултат на моменталната визија, како и следење на успешноста во исполнувањето на овие цели на крајот на буџетската година.

Програма	Назив	Општ Буџет од централни приходи	Буџет на заеми	Буџет на самофинансирачки активности	Буџет на дотации и донации	Вкупно
А	Децентрализација	9.548.185	0	0	0	**9.548.185**
Б	Мерки за намалување на сиромаштијата	144.848	135.203	200	14.100	**294.351**
В	Унапредување на одбраната и безбедноста	800.500	0	0	0	**800.500**
Г	Јакнење на владеење на правото	74.465	183.000	80		**257.545**
Д	Економски развој	1.477.722	91.000	0		**1.568.722**
Е	Реформа на земјоделството	13.105	0	0	0	**13.105**
S	Реформа на образованието	11.000	61.000		285.000	**357.000**
И	Реформа на здравството	22.000	126.189	800		**148.989**
J	Реформа на пензискиот систем	2.310.000	0	25.435	0	**2.335.435**
K	Реформа на јавната администрација	478.306		0	103.700	**582.006**
Л	Реформа на катастар и регистрација на недвижности	57.000	214.000	0		**271.000**
М	Интеграција во ЕУ	31.831	0	0	54.780	**86.611**
	ВКУПНО	**14.968.962**	**810.392**	**26.515**	**457.580**	**16.263.449**

Владини програми
(вкупен износ, во илјада денари 16.263.449)



Владините програми накратко се резимирани подолу. Индивидуалните програмски компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани во посебен дел на Буџетот за 2008 година, како програми кај одделните буџетски институции.

А. Децентрализација

Децентрализацијата на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст, подобрувањето на образовниот и културниот развој на општините и обезбедувањето на локалните услуги, се јавува како приоритет според Рамковниот договор и Договорот за партнерство во ЕУ. Повеќе меѓународни институции и влади на други држави обезбедија техничка и финансиска помош во процесот на спроведувањето на децентрализацијата.

Општините презедоа надлежности во повеќе области кои се особено значајни за населението, со што им се зголемија и обврските. Целта на локалната власт по дефиниција е да се дадат квалитетни и ефикасни услуги на граѓаните.

Управувањето со поголем обем на финансиски средства, кои со законите им се доделени на општините за реализација на нивните функции бараат потребни знаења и вештини на добро управување. Општините имаат право и обврска да ги реализираат сопствените надлежности и да ги администрираат сопствените приходи и утврдените трансфери од Буџетот на Република Македонија.

Оваа програма се реализира преку две потпрограми *А0-Децентрализација* и *А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС*. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза по периодот од најмалку 24 месеца од започнувањето. Во областите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со пренесувањето на надлежностите во јули 2005 година се започна со финансирање на расходите со наменска дотација. Во текот на 2007 година извршена е евалуација на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза на фискалната децентрализација и во значаен дел од општините се отпочна со финансирање преку блок дотации. Во 2008 година финансирањето на пренесените надлежности ќе продолжи да се финансира со наменски и блок дотации.

Надлежностите пренесени во дејностите од културата целосно се финансираат преку Министерството за култура за расходите поврзани со програмите за локалните културни установи, согласно со критериумите утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија, односно со наменски и блок дотации.

Надлежностите во општествената заштита на децата и социјалната заштита се финансираат за пренесените надлежности во овие дејности со наменските и блок дотации врз основа на критериуми утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините во рамките на дејноста на основното и средното образование се врши со наменска и блок дотација врз основа на критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на платите, додатоците од плати и надоместоците за вработените во територијалните противпожарни единици кои се пренесени на општините се врши преку Министерството за внатрешни работи во согласност со утврдени критериуми.

Финансирањето на пренесените надлежности во општините во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари лица и противпожарните територијални единици во текот на 2008 година се врши самостојно преку наменски и блок дотации. Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности. (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

Б. Мерки за намалување на сиромаштијата

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, подобрување на системот за социјална заштита во земјата, како и посебни проекти за подобрување на условите за живеење во неразвиените подрачја.

Програмата Б - Мерки за намалување на сиромаштијата ги опфаќа следниве потпрограми:

Б1-Поттикнување на вработувањето ги опфаќа трансферите од Централниот буџет до Агенцијата за вработување со кои ќе се финансираат

активните мерки за вработување согласно со Оперативниот план кои се однесуваат на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, еколошки проекти и сл.

Б2-Реформа на системот на социјална заштита е проект за имплементација и реформа на социјалната заштита, финансиски поддржан со кредит од Светската банка, составен од три компоненти:

- администрирање на пензискиот систем која опфаќа спроведување на активности за подготовка на институциите релевантни во имплементацијата на системот на капитално финансирано пензиско осигурување,
- поддршка на програмата за социјална заштита која опфаќа воспоставување на интегриран информационен систем и развој на комуникациски линкови меѓу Министерството за труд и социјална политика и меѓуопштинските центри за социјална работа и
- подобрување на администрирањето на социјалните бенефиции и нивно подобро таргетирање и спроведување на проектен менаџмент, мониторинг и евалуација.

Основна цел на овој проект е подобрување на ефикасноста на системот на социјалната заштита, подобрено администрирање и таргетирање на сите готовински социјални надоместоци и обезбедување на долгорочна фискална одржливост на пензискиот систем. Ефектите од имплементацијата на овие компоненти се: подобрена наплата на придонесите, намалување на бројот на документите кои ги поднесуваат работодавачите за плаќање на придонесите, намалување на административните трошоци на ФПИОМ, намалување на времето на процесирање на барањата за пензија, зголемување на супервизискиот и регулаторниот капацитет на Министерството и Актуарската единица во Фондот, намалување на постапките и јакнење на инспекцијата и контролата во остварувањето на правата во социјалната заштита.

Б3-Електрификација на селата ги опфаќа активностите за спроведување на електрична енергија во неразвиените рурални подрачја заради поттикнување на задржувањето на семејствата во селата или нивно враќање во истите со што би се подобрил и квалитетот на нивниот живот.

ББ - Ревитализација на селата ги опфаќа активностите за обезбедување минимални инфраструктурни услови во селата преку изградба на системи за водоснабдување и наводнување, канализација, изградба на патна мрежа за поврзување на селата со поголемите центри, изградба на друга инфраструктура, како и реконструкција на училишта, амбуланти, културни домови и друго, со цел за повторно заживување на селата и активирање на постоечкиот потенцијал во насока на обработување на необработеното земјоделско земјиште. Ревитализацијата на селата главно е насочена кон обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението во селата и одведување на отпадните фекални води.

В. Унапредување на одбраната и безбедноста

Целта на оваа програма е да помогне во одржувањето на одбранбените мерки на Република Македонија, зајакнување на безбедноста и поттикнување на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да продолжат со неопходните активности за влез во НАТО, со реформите на вооружените сили и со обука на полицијата.

Потпрограмата *В2-Интеграција во НАТО* во рамките на Министерството за одбрана ги помага стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во процесот на евроатлантската интеграција. Целите на оваа потпрограма се: опремување на декларираните единици на АРМ за учество во

мировни и хуманитарни мисии надвор од земјата и реализација на планираниот обем на модернизација на опремата и набавка на нова опрема. Во Министерството за одбрана се продолжува со повеќегодишно планирање на средствата со цел за осигурување на соодветното финансирање на примарните приоритети.

Потпрограмата В2-*Интеграција во НАТО* во рамките на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ги фокусира своите активности кон проширување на соработката со НАТО и подигнување на нивото на разменетите класифицирани информации до степен "Доверливо" по електронски пат; учество на безбедносниот комитет на НАТО; зголемување на бројот на корисниците на НАТО класифицирани информации во Република Македонија; воспоставување на електронска комуникација меѓу Скопје и Брисел за размена на класифицирани информации со степен "Интерно"; оспособување на Регистарот во Постојаната мисија на Република Македонија при европските заедници во Брисел за дистрибуција на класифицираните информации од ЕУ и воспоставување на курирска служба меѓу Скопје и Брисел за пренос на класифицирани информации од повисок степен на доверливост коишто не можат да се дистрибуираат по електронски или друг пат.

Во рамките на потпрограмата В2-Интеграција во НАТО, во Министерството за внатрешни работи се предвидуваат активности за влез на РМ во НАТО преку изведување на вежби со НАТО во земјата и странство и компатибилност на МВР (обука на персонал по НАТО стандарди и минимум стандарди за прием и размена на НАТО и странски класифицирани информации).

Во рамките на потпрограмата В2-Интеграција во НАТО, во Раздел Министерство за финансии - функции на државата опфатени се средствата за финансирање на учеството во мировните и хуманитарните мисии на припадниците на Армијата на Република Македонија, а кои согласно со НАТО препораките се обезбедуваат надвор од редовниот Буџет на Министерството за одбрана.

Г. Јакнење на владеењето на правото

Целта на оваа програма е продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд, борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството.

Потпрограмата *Г3-Одделение за борба против организираниот криминал* ги опфаќа расходите поврзани со Јавното обвинителство, односно Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата. Одделението постапува по кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, извршени од организирана група од најмалку три лица која дејствува одреден период, со цел да оствари непосредна или посредна финансиска или друг вид на материјална корист, како и кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години затвор. Успешното извршување на законски утврдените надлежности подразбира и тесна соработка со други државни органи во борбата против организираниот криминал.

Потпрограмата *Г5-Академија за обука на судии и обвинители* ги опфаќа расходите поврзани со Академијата за обука на судии и обвинители. Основањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители како јавна установа е со цел преку компетентно, независно, професионално, непристрасно и ефикасно вршење на судската функција, вршење на селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители во основните судови/основните обвинителства и постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители и на судските и обвинителските службеници.

Потпрограмата *ГА-Реформа на судството* ги опфаќа буџетските средства наменети за подобрување на судската ефикасност и ефективност, како и на

деловната клима преку: 1) зајакнување на судските и на капацитетите на министерствата за систематска имплементација на Стратегијата за реформи во судството, како и на законите што влијаат на судството и 2) подобрување на судската инфраструктура.

Д. Економски развој

Владата го поддржува подобрувањето на деловната клима со цел за развивање на приватниот сектор, со што ќе се создадат услови и за креирање на нови вработувања.

Потпрограмите *Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија* и *Д9-Поддршка на претприемништвото* ги опфаќаат активностите кои се насочени кон реализација на политиката за поддршка на мали и средни претпријатија утврдени со Стратегијата и Програмата за поддршка на претприемништвото на Владата на Република Македонија. Цели на овие потпрограми се: воспоставување на поволна клима за развој на претприемништвото и развој на соодветна институционална и бизнис инфраструктура за поддршка на иновативноста, извозната ориентација и соработката во секторот на мали и средни претпријатија, развој на инструменти за финансиска и нефинансиска поддршка за поттикнување на претприемништвото.

Потпрограмата *Д3-Преструктуирање на претпријатијата загубари* ги опфаќа средствата за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос при преструктуирањето на претпријатијата - загубари (ФЕСАЛ 2 аранжман).

Потпрограмата *Д4-Економска промоција* опфаќа подобрување на бизнис климата, зголемување на инвестиционата активност, елиминирање на административните бариери кои го попречуваат инвестирањето и спроведувањето на мерките предвидени со Акциониот план од Програмата, изработка на промотивни материјали, интернет конекција на деловните субјекти, модернизација на производството, истражување на странски пазари, промоции и презентации во странство, учество на бизнис форуми, маркетинг истражувања, организирање на кампањи итн. Во оваа потпрограма, во рамките на Владата на Република Македонија, ќе бидат опфатени активности за етаблирање на македонските брендови преку поддршка на домашните производи, со што Владата на Република Македонија ќе стане активен партнер на македонските претпријатија. Во рамките на Агенцијата за странски инвестиции опфатени се активности за промоција на инвестиционите можности на земјата во светот преку директен пристап до потенцијалните инвеститори, елиминирање на административните бариери кои го попречуваат инвестирањето, изработка на промотивни материјали, истражување на странски пазари, промоции и презентации во странство, учество на бизнис форуми, маркетинг истражувања, организирање на кампањи итн.

Потпрограмата *Д5-Привлекување на странски инвестиции* се однесува на активностите поврзани со привлекување на инвестиции за интензивирање на економскиот развој и влез на странски инвеститори во индустриските развојни зони.

Во потпрограмата *Д6-Преструктуирање на ЈП Македонски железници* се прикажани средства за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престана работниот однос по основ на реформата на *ЈП Македонски железници*.

Потпрограмата *Д7-Унапредување на деловните активности* ги опфаќа активностите за подобрување на регистрацијата на деловната активност,

зајакнување на конкурентноста на секторот претпријатија, унапредување на домашното производство и укинување на бариерите за влез на странски инвестиции во земјата.

Потпрограмата *Д8-Развој на технолошки индустриски развојни зони* се однесува на активностите поврзани со привлекување на инвестиции заради интензивирање на економскиот развој и влез на корисници на Технолошката индустриска развојна зона Скопје, како и развој на истата. Во текот на 2007 година е дадена согласност за формирање на следниве технолошки индустриски развојни зони: Скопје 2, Штип и Тетово. Продолжуваат активностите за инфраструктурно уредување на зоните и влез на корисници на истите.

Потпрограмата *ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура* ги опфаќа планираните средства наменети за редовно инвестиционо одржување на инфраструктурата и за инвестиции во постојната инфраструктура. Крајните цели од вложувањето во железничката инфраструктура се сигурен и безбеден железнички сообраќај и привлекување на оператори (превозници) на територијата на Република Македонија.

Е. Реформа на земјоделството

Реформата на земјоделскиот сектор продолжува и со поддршка од многубројни донатори.

Потпрограмата Е1-*Преструктуирање на водостопански претпријатија* ги опфаќа планираните средства за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос во водостопанските претпријатија опфатени со Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето (иригациони системи на Тиквеш, Брегалница и Полог). Целите на оваа програма се насочени кон одржливоста во управувањето со водните ресурси во согласност со меѓународните норми и барања на ЕУ.

S. Реформа на образованието

Оваа програма содржи три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата, обуката во училиштата и преку програма на грантови до училишта; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Програмата се спроведува во основните и средните училишта. Целта на програмата е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието. Во рамките на проектот во 2005 година беа вклучени училишта кои спроведуваат план за самоевалуација на училиштето и изготвуваат план за развој на училиштето, односно беа вклучени само одредени пилот училишта. Реализацијта на развојните планови на најголем број на основните и средните јавни училишта се спроведува во 2006 година. Во 2007 година проектот се прошири на сите основни и средни училишта по одредени критериуми. Покрај тоа, се предвидува извршување на процени од страна на самото училиште за следење на напредокот. Потпрограмите *S1-Модернизација на основното образование* и *S2-Модернизација на средното образование* во 2008 година опфаќаат средства од буџетот, донации и кредити.

И. Реформа на здравството

Целите на оваа владина програма се: зајакнување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за креирање и ефикасно спроведување на здравствените политики и реформи, финансиското управување и склучувањето на договори со давателите на здравствени услуги и развивање и спроведување на ефикасна рамка за редефинирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услугите за дневна нега и нивно пренасочување кон примарната здравствена заштита.

Во рамките на Потпрограмата *И0 – Реформа на здравството* се имплементира проектот Реформи во здравството наменет за надополнување на реформите кои веќе беа поддржани со неколку програмски заеми за подобрување на управувањето во јавниот сектор и со техничка помош финансирана од Холандската влада. На овој начин ќе се обезбеди потребната помош, обука и средства на Фондот за здравствено осигурување, со акцент на зајакнувањето на информатичкиот систем за управување. Овие инвестиции ќе претставуваат поддршка за проширување на опфатот на реформите и политиките за приспособување на управувањето со јавниот сектор.

Активностите во овој проект се реализираат преку следниве компоненти: креирање на политиките и нивна имплементација; зајакнување на управувањето на ФЗО и подобрување на обезбедувањето на здравствени услуги и управување, следење и процена на проектот.

Во рамките на овој проект е реализирана поддршката во подготовка на Здравствената стратегија, дефинирањето на основниот пакет на здравствени услуги, методологија за утврдување на референтни цени, подготовка на медицинската мапа, модернизирање на едукативниот процес на лиценцирање на лекари, стоматолози и фармацевти, како и успешно спроведување на буџетските реформи во здравствените установи и ФЗО.

Ј. Реформа на пензискиот систем

Целта на оваа програма е реформа на пензискиот систем со цел за обезбедување на солвентен пензиски систем и материјална и социјална сигурност на сегашните и идните генерации на пензионери на долгорочен план. Реформата во пензискиот систем се имплементира со воведувањето на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор пензиски столб) и воспоставување на приватни пензиски фондови.

Во рамките на потпрограмата *Ј0-Агенција за супервизија на капитално пензиско и инвалидско осигурување* ќе се преземаат активности за натамошно унапредување на регулаторни и супервизиски капацитети на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, поттикнување на свеста на јавноста за капитално финанисрано пензиско осигурување и успешна супервизија на друштвата за управување со пензиските фондови, со цел за намален број на прекршоци и намален број на жалби од осигурениците.

Во рамките на потпрограмата *Ј1-Транзициони трошоци по основ на пензиската реформа*, се предвидени средства за покривање на транзиционите трошоци, како ефект од имплементацијата на пензиската реформа. Имено, со задолжителното вклучување на новите и доброволното вклучување на постојните пензиски осигуреници и со пренесувањето на 7% од вкупниот придонес на пензиското осигурување на сметките на членовите на приватните пензиски фондови, се јавува недостиг на средства за финансирање на потребите на државниот Фонд за ПИОМ, кој се планира да се покрие со трансфер од Буџетот.

К. Реформа на јавната администрација

Целите на оваа програма се зајакнување на активностите во јавната администрација во насока на подобрување на управувањето во буџетските институции, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите основани со закон, како и натамошно усовршување на вработените во јавната администрација.

Потпрограмата *К1-Реформа на државната администрација* ги опфаќа реформите во јавната администрација и ги содржи расходите за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на вработените во јавната администрација кои се прогласени за технолошки вишок, како и расходите за исплата на пензии и придонес за здравствено осигурување на лицата кои се предвремено пензионирани како резултат на намалување на бројот на вработени во јавната администрација. Преку обезбедување на техничка помош во форма на консултантски услуги, тренинг и добра се дава поддршка во успешното спроведување на реформите во четирите компоненти на јавниот сектор: финансискиот систем, пензискиот и социјалниот сектор, здравствениот сектор и Државниот завод за ревизија.

Потпрограмата *К4-Реформа на Министерство за одбрана* ги опфаќа активностите кои се однесуваат на исплата на испратнини при заминување во пензија, докуп на стаж, пензии и придонеси за здравствено осигурување на вработените во Министерството за одбрана на кои им престанал работниот однос врз основа на Законот за служба во АРМ.

Во потпрограмата *К5-Соодветна и правична застапеност на заедниците* се прикажани планираните плати, наемнини и надоместоци на плати за вработување на државни службеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Л. Реформа на катастар и регистрација на недвижности

Целта на оваа програма, чија реализација започна во 2005 година и ќе трае до крајот на 2009 година, е изградба на ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување на права (регистрација) во Република Македонија, што ќе придонесе за создавање и развој на ефикасни пазари за земјиште и недвижности. Оваа програма се состои од следниве компоненти:

-комплетирање на катастарот на недвижности, оваа компонента ќе го поддржи комплетирањето на катастарот на недвижности и регистрација на права во урбани и периферно урбани средини на земјата до 2010 година,

-институционален развој и подобрување на услугата, целта на оваа компонента е трансформација на Државниот завод за геодетски работи во современ и ефикасен национален катастар и управа за регистрација и подобрување на услугата во сите подрачни канцеларии, со цел времето на извршување на трансакциите да се сведе на еден ден. Во рамките на оваа компонента се планирани повеќе активности во насока на подобрување на услугите на ДЗГР кон крајните клиенти, рационализација на процедурите за работа, подобрување на условите за работа и намалување на бројот на заостанати нерешени предмети во одделенијата за премер и катастар и

-развој на земјишни политики, оваа компонента ќе обезбеди поддршка за подобрување на капацитетот на Владата за развивање на политики и регулаторна рамка за обезбедување на комплетни катастари на земјиште и недвижности и целосно функционирање на пазарите на земјиште и недвижности. Со цел за реализација на предвидените активности е формиран Советодавен комитет за земјишна политика со претставници од сите релевантни институции и организации.

М. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Во рамките на оваа програма се прикажани активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови и реализацијата на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Македонија со Европската унија.

Потпрограма *М1 – Контрибуција на РМ во ЕУ* во рамките на Министерството за образование и наука ги опфаќа активностите кои се однесуваат на формирањето на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност со што се исполни административниот предуслов за искористување на средства од програмите на ЕУ "Млади во акција" и "Доживотно учење". Националната агенција ќе биде самостојна во своето работење и истата ќе го координира користењето на средствата од програмите, ќе ги распределува средствата до крајните корисници и ќе врши ревизија на нивното искористување.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе ги координира програмите "Млади во акција" и "Доживотно учење" со потпрограмите Комениус, Еразмус, Леонардо да Винчи , Грунтвинг, Жан Моне и Трансверзалната потпрограма.

Во текот на 2008 година Агенцијата ќе заврши со целосниот процес на акредитација за што е потребно да се извршат сите неопходни обуки за вработените, да се инсталира потребниот софтвер, да се умрежи со другите Национални агенции во Европа и да се направат пилот проекти.

Со навременото завршување на акредитацијата на Националната агенција, Република Македонија ќе претставува прва земја во регионот која од 1 јануари 2009 година ќе започне да ги користи фондовите на овие две програми, рамноправно како и сите други земји членки на Европската унија.

Потпрограма *М2 – ЕУ промоција* ги опфаќа активностите за следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ и програмирање и планирање на приоритетите на РМ за користење на странска помош.

Потпрограма *М3 – Прекугранична соработка* ги опфаќа активностите во насока на поддршка на Програмата за имплементација на втората компонента на финансискиот инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА). Активностите ќе бидат насочени кон спроведување на ИПА прекуграничните програми на Република Македонија со Република Бугарија, Република Грција и Република Албанија по нивното усвојување од страна на Европската комисија; изготвување и имплементирање на годишна/повеќегодишна програма ИПА прекугранична соработка за регионите на границата со Србија односно Косово; имплементирање на програмата за транснационална соработка со земјите од ЕУ по нејзиното усвојување, како и обезбедување на информации во врска со активностите и политиките на државата за прекугранична соработка кои се во интерес на општините.

БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 98.877 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите на Република Македонија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Реализирајќи ги своите активности во текот на 2007 година се постигнати следниве резултати: остварени се активности на планот на натамошен развој на односите и соработката со соседните земји, јакнење на позициите на Република Македонија на меѓународен план и нејзино интегрирање во институциите на меѓународната заедница.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Претседателот на Република Македонија за 2008 година се следниве: заокружување на реформите во Армијата на Република Македонија и создавање услови за остварување на стратешката цел на земјата за полноправно членство во НАТО структурите, јакнење на безбедносната состојба и внатрешната стабилност на земјата преку елиминирање на причините кои го кочат функционирањето на правниот поредок, интензивирање на активностите на меѓународен план за афирмација на резултатите од досегашните успешни реформи како услов за целосна интеграција на земјата во Европската унија, афирмација на Република Македонија пред светската културна и научна јавност како земја со исклучително богато културно и историско наследство преку постојните и организирање на други облици и содржини од меѓународен карактер.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 2.975

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на оваа институција за 2008 година е предвидено активностите да се извршуваат во една програма која опфаќа активности насочени кон ефикасно извршување на обврските кои произлегуваат од функцијата претседател на државата, постигнување транспарентен однос и ефективна комуникација со јавноста, извршување на задачите согласно со Уставот и законите на Република Македонија и реализација на утврдените приоритети.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на меѓународни посети на Претседателот и возвратни посети на државници од други земји: 24

01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 187.600 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и стопанските, политичките и други интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и други државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 И ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во извршувањето на утврдените законски функции и надлежности, Агенцијата за разузнавање ги реализира планираните активности во 2007 година и има утврдени приоритети и цели за 2008 година кои се во насока на успешно извршување на зацртаните активности.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 234
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 789

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Агенцијата за разузнавање за 2008 година предвидува две буџетски програми:

Програма 1- Администрација, ги опфаќа активностите кои се во насока на поддршка на основните законски активности на Агенцијата.

Програма 2 – Разузнавање, ја вклучува целокупната дејност на Агенцијата за разузнавање пропишана со Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на РМ„ број 19/95).

02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 444.078 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт во државата. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Собранието на Република Македонија донесе 159 закони, повеќе подзаконски акти, одлуки, декларации и извештаи. Реализирани се активности од меѓународната соработка со активно учество на делегации на Собранието на Република Македонија во: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Шестиот зимски состанок на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на НАТО, Парламентарниот комитет на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива и Парламентарното собрание на Франкофонијата. Одржан е Третиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и ЕУ, делегација на Собранието на Република Македонија активно учествуваше во работата на 116-

то Собрание на Интерпарламентарната унија, на конференцијата на Жените парламентарки, остварени се повеќе официјални посети на делегации, на членови на комисии и пратенички групи од Собранието на РМ на парламенти и други држави, како и посети и средби на делегации од други држави на Собранието на Република Македонија. Реализирани се активности кои произлегуваат од членството на Собранието во Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација со размена на информации меѓу парламентите членки, реализирани се и многу други меѓународни и домашни активности.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Собранието на Република Македонија за 2008 година се: остварување на функциите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, реализација на програмата на Собранието на Република Македонија за соработка со меѓународни организации и институции, проширување на соработката на Собранието со меѓународни организации и институции, донесување закони, подзаконски акти, одлуки, декларации, резолуции, заклучоци и слично заради приближување кон стандардите на Европската унија.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Собранието на Република Македонија за 2008 година се предвидени две буџетски програми.

Програма 2-Собрание на Република Македонија, опфаќа активности непосредно поврзани со работата на претседателот на Собранието на Република Македонија; генералниот секретар на Собранието на Република Македонија; активности поврзани со законодавството од областа на политичкиот систем и јавните дејности; законодавство од областа на економскиот систем; активности за подготовка и реализација на парламентарни седници, работните тела; активности за меѓународна соработка и слично. Основната цел на оваа програма е ефикасно и навремено извршување на сите активности на Собранието на Република Македонија, согласно со Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Во текот на годината се планира отворање на 65 канцеларии за комуникација на пратениците со граѓаните, реализација на II фаза од Проектот е-Парламент за набавка на компјутери, софтвери и уреди со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивноста на работењето на Собранието.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на денови на одржани седници: 180

Програма 3-Собраниски канал, опфаќа активности поврзани со финансирањето на програмскиот сервис наменет за емитирање на активностите поврзани со работата на Собранието на Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на часови на пренесени седници: 1.260

02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 109.926 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за ревизија е единствен, самостоен и независен орган основан во 1999 година од страна на Собранието на Република Македонија со

цел преку своето работење, односно вршење државна ревизија да обезбеди надзор и контрола, поддршка и унапредување на јавната одговорност на лицата и единките кои управуваат со јавните средства.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Континуирано преземање активности за спроведување и реализација на Стратегијата за развој на ДЗР во периодот 2006 – 2010 година. Во текот на првиот квартал од 2007 година е изготвен, објавен и доставен Годишниот извештај на ДЗР за 2006 година до Собранието на Република Македонија и сите релевантни институции. Во истиот период е извршена навремена и квалитетна подготовка на ревизорските екипи за претстојните ревизии во поглед на обезбедување податоци и годишни сметки од субјектите кои се опфатени со Годишната програма на ДЗР за 2007 година. Во рамките на активноста за дефинирање на правната рамка за државната ревизија и работењето на ДЗР изготвен е предлог за нов закон за државна ревизија усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ. Изготвен е предлог за нова Тарифа на ДЗР за пресметка на надомест за вршење на работите на ревизијата на ДЗР и со детално образложение по новата Тарифа доставен до Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на Република Македонија. Во напредната фаза се активностите за дефинирање и изработка на упатство за обезбедување и контрола на квалитетот во вршењето на ревизиите, стратегија и политика за комуникација и стратегија и политика за човечки ресурси. Спроведена е обука на ревизорскиот кадар на тема „Избор на примерок и примена на ИДЕА софтвер“ со цел за запознавање на ревизорите со основните карактеристики на методата на избор на примерок и нејзина примена во процесот на извршување на ревизијата. Извршена е ревизија на успешност на проекти финансирани со средства остварени од продажбата на Телеком. Врз основа на претходна согласност на ДЗР, Владата на Република Македонија го назначи ДЗР за тело за ревизија (Audit authority) во рамките на децентрализираниот систем на управување со средствата од ЕУ во Република Македонија. Организација на Тркалезна маса во јануари 2007 година на тема „Улогата и местото на ДЗР како врховна ревизорска институција во Република Македонија“ со поддршка од Холандскиот суд на ревизори. Организација на „Состанок на шефовите на врховните ревизорски институции на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија и Европскиот суд на ревизори“ во соработка со Европскиот суд на ревизори, на кој беа презентирани искуствата на други земји за соработка меѓу врховните ревизорски институции и Собранието и преговорите со ЕУ.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Како приоритетна цел за 2008 година е предвидена успешна реализација на сите надлежности на ДЗР утврдени со Законот за државната ревизија и други системски закони, како и реализација на планираните ревизии и задачи утврдени со Годишната програма за 2007 година и Оперативната програма во функција на нејзино целосно остварување, успешна имплементација на европското законодавство, методологии и стандарди за извршување на ревизиите и високо ниво на компетентност и ефикасност на ревизорскиот кадар и институцијата во целина, врз основа на стекнатите искуства од меѓународната соработка со други врховни ревизорски институции и меѓународни организации, натамошна активна меѓународна соработка со учество во активностите на комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори и со други врховни ревизорски институции.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 78
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.315

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на оваа институција за 2008 година се планирани две буџетски програми, и тоа:

Програма 2- Државна ревизија подразбира испитување на документите, исправите и извештаите на извршената интерна контрола и ревизија, сметководствените и финансиските постапки, електронски податоци и информациони системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди. Државната ревизија претставува и постапка на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата, како и давање оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени ревизии: 99

Програма 3- Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија. Согласно Регулативата на Европската комисија бр. 718/2007 од 12 јуни 2007 година за имплементација на Регулативата на Советот на Европа бр, 1085/2006 од 17 јули 2006 година за воведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во рамките на Државниот завод за ревизија се формира функционално независно Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската Унија во Република Македонија, согласно со барањето на Европската унија за вршење на ревизија на поставеноста и функционалноста на структурните и контролните системи за управување со пред-пристапните фондови на Европската унија во Република Македонија. Ревизорското тело врши верификација на ефикасноста во функционирањето на системите за раководење и контрола на претпристапните фондови на Европската унија во Република Македонија и веродостојност на сметководствените трансакции и информации доставени до Европската комисија.

02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 20.485 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, формирана врз основа на Законот за спречување на корупцијатата (“Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004 и 126/2006). Државната комисија е надлежна за примена и на Законот за спречување на судир на интереси (“Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2007).

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година е донесена Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Акционен план, креирана е база на податоци за имотната состојба од анкетните листови на избраните и именуваните лица, објавена е имотната состојба од анкетните листови на веб страницата на Комисијата.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државната комисија за спречување на корупцијата се имплементацијата на Државната програма за превенција и

репресија на корупцијата и Акциониот план, имплементација на Законот за спречување на судир на интереси, јакнење на меѓународната и меѓуинституционалната соработка, спроведување на истражувачки активности, мрежно поврзување со базата на податоци на Управата за јавни приходи и подигнување на јавната свест за борбата против корупцијата.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Со Буџетот на Државната комисија за спречување на корупција за 2008 година е предвидена една програма која ги вклучува активностите за спречување и борба против корупцијата, како и спречување на судирот на интереси, што ќе овозможи владеење на правото и намалување на нивото на корупцијата, поголема транспарентност и јакнење на институциите, враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот, јакнење на економијата, подигање на степенот на инвестициите,

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на добиени одговори за имплементација на активностите утврдени во Државната програма за спречување на корупцијата: 190

02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 38.000 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Работењето и надлежностите на Државната изборна комисија (ДИК) се утврдени со Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006). Комисијата претставува надлежен орган кој се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за избор на претседател на Република Македонија, избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, градоначалници и советници во единиците на локалната самоуправа и спроведувањето на референдуми и врши надзор на работата на изборните органи.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година успешно е спроведен изборниот процес за избор на градоначалник и членови на Советот на општината Сарај. Земено е учество во набљудувањето на локалните избори во Република Албанија, на 4-та ГЕО конференција во Вашингтон САД, остварена е меѓународна соработка на Државната изборна комисија како членка на АЦЕЕЕО за 2007 година. Реализирана е Регионална средба на изборните комисии од Балканот, делегација на Државната изборна комисија учествуваше на меѓународен семинар за изборни системи во Хрватска и Годишното собрание на АЦЕЕЕО во Стразбур, зајакната и унапредена е соработката со другите државни институции и органи, во тек е проект со УНДП за идентификација и елиминирање на негативни појави во процесот на гласање и едукација на младите и маргинизираните групи.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државната изборна комисија се спроведување на активности за подготовка на втората Регионална средба на изборните комисии од земјите од Балканот, делегација на Државната изборна комисија ќе учествува на Годишното собрание на АЦЕЕЕО во Констанца Романија, учество на договорни семинари и конференции за 2008 година како членка на АЦЕЕЕО, учество во набљудувачки мисии, продолжување на проектот со УНДП, организирање на едукативни семинари за изборните органи и гласачите.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Комисијата за 2008 година планирана е една буџетска програма која ги вклучува активностите на Државната изборна комисија и сите стручно-административни работи чии основни цели се успешна реализација на законските функции и утврдените приоритети за 2008 година.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на денови на одржани обуки: 16

02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.049 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005 и 70/2006) е самостоен државен орган со својство на правно лице. Основна цел на Комисијата е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Ја утврдува методологијата за истражување на пазарот, утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата и друго предвидено со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година се донесени 26 одлуки во делот на конкуренцијата, успешно е реализиран Твининг проектот во поглед на зголемената ефикасност во заштитата на конкуренцијата преку солидна едукација на вработените во Комисијата, спроведени се активности за подигнување на јавната свест преку зголемување на познавањата кај давателите на државната помош. Спроведени се активности за ажурна и правилна примена и спроведување на прописите од областа на заштита на конкуренцијата и државната помош. Склучени се меморандуми за меѓусебна соработка со секторските регулаторните тела заради решавање на поединечни предмети и заеднички пристап кон одредени појави на пазарот. Реализирана е интензивна меѓународна соработка, првенствено со Европската комисија - Генералниот директорат за конкуренција, како и со сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји, особено со соседните.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Комисијата за заштита на конкуренцијата се преземање на активности за поефикасна примена на заштитата на конкуренцијата, а со цел за економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Подигнување на јавната свест и промоција на политиката на конкуренција во земјата. Спроведување на сеопфатна контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија. Следење на пазарот на телекомуникациски услуги, анализирање и истражување на поединечни пазари каде што има обележја на ограничувања од административна или техничка природа, односно содржат одредени пречки кои го оневозможуваат или спречуваат развојот на конкуренцијата или воопшто конкуренцијата на тој пазар. Продолжу-вање на меѓународната соработка, првенствено со Европската комисија - Генералниот директорат за конкуренција, како и со сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Комисијата за 2008 година планирана е една буџетска програма која ги вклучува активностите за поефикасна примена на заштитата на конкуренцијата и интензивирање на активностите за подигање на јавната свест и промоција на политиката на конкуренцијата во земјата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изречени казни кои Комисијата ги изрекува во текот на годината: 30

02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 12.977 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ:

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2005) е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Дирекцијата е основана заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Дирекцијата продолжи со континуирано вршење на контрола и надзор над законитоста на обработката на личните податоци врз контролорите. Спроведени се активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци. Воспоставен е Централен регистар на Дирекцијата и е ставена во функција новата веб страница.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритети и цели на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2008 година претставува ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа, ставање во функција на Централниот регистар, заради оставрување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Дирекција за заштита на личните податоци за 2008 година предвидува една програма која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Дирекцијата за заштита на личните податоци со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети, цели и на законски утврдените функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани контроли кај правни субјекти кои водат збирки на лични податоци: 100

03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 31.100 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој го сочинуваат девет судии, а ги врши следниве активности: ја штити уставноста и законитоста; одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити слободите и правата на човекот, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; одлучува за

одговорноста на претседателот на Републиката и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Реализирајќи ги своите законски активности во текот на 2007 година, Уставниот суд спроведе постапки за одлучување на уставноста на закони и на уставноста и законитоста на други прописи, како и за заштита на слободите и правата на граѓаните предвидени во членот 110 став 3 од Уставот на Република Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година се очекува зголемување на обемот на примени предмети кои ќе бидат предмет на оценување на Уставноста и законитоста. Вршејќи ги овие редовни активности основната цел е зголемување на ефикасноста во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на Уставноста и законитоста и заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот суд.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.037

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Уставниот суд за 2008 година предвидува една програма, која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Уставниот суд со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на примени предмети во текот на годината: 450

04001 - ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 944.430 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиката што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување, и врши други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Владата на Република Македонија во 2007 година ги подготви Предлогот на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2008 година и Предлогот на годишната програма за работа на Владата за 2007 година, како и следење на нивното спроведување; придонесе за подобрување на ефикасноста на Владата во однос на подготвувањето и следење на спроведување на стратешките приоритети на Владата, годишната програма за работа и заклучоците на Владата и зголемување на ефикасноста при донесувањето на одлуките на Владата; го координираше процесот на стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа; спроведе обука на вработените во министерствата и другите органи на државната управа за подобрување на стратешките планови; подготви Анализа за остварување на стратешките приоритети на Владата, работеше на анализирање на политиките и координација; ги унапреди механизмите за координација на реформата на

јавната администрација; работеше на јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица; ја донесе Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор; го подобри системот на следење на спроведувањето на заклучоците на Владата и следење на одговорите на пратеничките прашања, разви систем за соработка со стручните служби на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија; ја унапреди координацијата на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции; го координираше спроведувањето на уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот договор и зголемување на бројот на вработените во јавната администрација од етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија; работеше на развојот на информатичката технологија; ја подобри транспарентноста во работењето на Владата и ги разви односите со јавноста.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во 2008 година ќе бидат насочени особено на анализата на остварувањето на стратешките приоритети на Владата за 2007 година и подготвување на Предлогот на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2009 година; следење на спроведувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2008 година и подготвување на Предлогот на годишната програма за работа на Владата за 2009 година; унапредување на процесот на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државната управа; развивање на анализата на политиките и координација на реформата на јавната администрација; спроведување на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор; подобрување на следењето на спроведувањето на заклучоците на Владата; воспоставување на регулаторен менаџмент систем во министерствата и во Генералниот секретаријат на Владата; координација на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции; подобрување на координацијата на спроведувањето на уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот договор и зголемување на бројот на вработените во јавната администрација од етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија; имплементација на унифициран информативен портал за сите граѓани на Република Македонија со кој ќе се подобри пристапот и користењето на информациите од Владата и органите на државната управа и на граѓаните ќе им обезбеди едноставен пристап до основните услуги на јавната администрација и навремено и транспарентно информирање на јавноста за работата на Владата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 358
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 2.368

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Владата на Република Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 – Администрација. Активностите на оваа програма опфаќаат: координирање и анализа на владините политики, извршување на организациони работи поврзани со работа на Владата, работи поврзани со управување со човечките ресурси и работи поврзани со односи со јавноста. Основна цел на оваа буџетска програма е да обезбеди ефикасна поддршка во спроведување на владините политики и активности. Во рамките на буџетската програма Администрација се вклучени и активностите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на патувања во земјата и странство (денови): 550

Програма 3 -Информатичка поддршка на Владата. Оваа буџетска програма има за цел надградба и одржување на системот за информатичка технологија со стремеж кон развој и одржување на е-Влада.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица кои се вклучени на одржани седници од далечина: 900

04002 - СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.053.600 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Согласно со Одлуката Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Републичкиот судски совет и другите органи на државната управа.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Службата за општи и заеднички работи успешно ја реализираше логистичката подршка за организацијата на Евроатлантскиот партнерски совет, годишна конференција на земји членки на НАТО и земји аспиранти за влез во НАТО, кој се одржа во Охрид.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритетни активности на Службата за општи и заеднички работи во оваа година се: продолжување на реконструкцијата и адаптацијата на Вила 1 - Скопје и доизградба на анекс на Вила 1 – Скопје, ентериерно, партерно и хортикултурно уредување на комплексот вили Водно - Скопје и Комплекс вили Охрид, како и инвестиционо одржување на зградите на органите на државната управа

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 319
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 2.597

ПРОГРАМИ ЗА 2007 ГОДИНА

Буџетот на Службата за општи и заеднички работи ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 – Администрација. Оваа буџетската програма опфаќа активности кои се однесуваат на спроведување на нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи, финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење, инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите. Преку оваа програма се извршуваат активностите за превоз и одржување на моторни возила, како и активности поврзани со давање угостителски услуги за потребите на Претседателот на Република Македонија, Собранието на

Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите органи на државната управа.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Одржување на хигиена во м2: 90.733 м2

Програма 2 - Поранешен претседател. Во рамките на оваа програма се планира реализација на промотивни активности на државата со цел за успешно презентирање на Република Македонија во надворешната политика.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на дневници во земјата и странство: 200

Програма 3 – Авио служба. Оваа буџетска програма ги опфаќа активностите поврзани со превоз со воздухоплов за потребите на Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Претседателот на Владата на Република Македонија и други органи на државната управа.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на налетани часови: 350

04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.400 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето конзистентност на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен по барање на Министерството за локална самоуправа да подготвува стручни мислења по прописите на општините.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Реализирајќи ги своите функции во текот на 2007 година, дадени се стручни мислења и предлози по сите текстови на предлози за донесување на закони и други прописи, учествувано е во изработка на истите и реализирање на активности на вработените при учество во работилници, семинари и обуки од стручен карактер.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Секретаријатот за законодавство предвидува реализација на активности поврзани со подготовка на националното законодавство за започнување на преговорите за членство во Европската унија преку конзистентно следење на законите и другите прописи на Република Македонија во процесот на нивно усогласување со законодавството на Европската унија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 24
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 688

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Секретаријатот за законодавство за 2008 година предвидува една програма, во која се опфатени активностите кои произлегуваат од редовната законски утврдена дејност на институцијата и се во функција на успешно остварување на зацртаните приоритети.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на спроведени обуки: 200

04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 57.242 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Државното правобранителство на Република Македонија во рамките на своите надлежности обезбеди соодветна правна заштита на имотните права и интереси на Републиката. Покрај ова организирани се и советувања со едукативен карактер за разрешување на спорните правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Државното правобранителство.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на оваа буџетска институција за 2008 година се обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 90
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 636

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Државното правобранителство за 2008 година предвидува една програма која ги опфаќа сите редовни активности на институцијата со цел за успешно извршување на основните законски функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Предмети по кои се постапува во текот на годината: 65.000

04007 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 100.637 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за развој и инвестиции е основана како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице. Агенцијата за развој и инвестиции врши активности поврзани со реализацијата на програмата за развој и инвестиции, утврдување на поволности за приватни инвестиции на домашни и

странски лица, активности поврзани со договорите за трансфер на капитал, спроведување на мерки на инвестиционата политика и странските вложувања, остварување на инвестициони работи што ги изведуваат странски лица во Република Македонија, размена на информации за можности за инвестирање, промоции и грижа за спроведување на обезбедените инвестиции во Република Македонија и врши други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Агенцијата за развој и инвестиции континуирано врши активности поврзани со програмата за развој и инвестиции како што се: детектирање на потенцијалните можности и потреби на инвестирање како начин на отворање на нов циклус на прилив на средства, промовирање на сервисни услуги на можни инвеститори за формирање на погодности за инвестирање и создавање услови за инвестирање на нови инвестициони објекти во Република Македонија. Во изминатиот период релизираше следење и мониторинг на кредитокорисници и реализација на хипотеки од дадени кредити на правни и физички лица и наплата на кредити и камати од Тајванската кредитна линија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Агенција за развој и инвестиции ќе ги извршува работите што се однесуваат за реализација на програмата за развој и инвестиции, кои се утврдени поволностите за приватни инвестиции на домашни и странски лица, размената на информации за можноста за инвестирање, промоцијата и грижата за спроведување на обезбедените инвестиции и врши други правни работи со закон. Како приоритет во 2008 година ќе биде наплата на реализирани кредити, наплата на камати, реализација на хипотеки од дадени кредити на правни и физички лица и интензивирање на развојот во мало и средно претприемништво во Република Македонија, изнаоѓање на инструменти за надминување на состојбите за санирање на Тајванската кредитна линија.

ИНДИКАТОРИ :
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 600

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетската програма ги опфаќа сите активности со стратешкиот план со кои се реализираат законски утврдените функции и надлежности на Агенцијата за развој и инвестиции во однос на наплата на реализирани кредити, камати и реализација на хипотеки од дадени кредити на правни и физички лица, поддршка и интензивирање на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија и реализација на разни проекти и други работи што се однесуваат за сервисирање на инвестиции по оваа буџетска програма насочени кон реализирање на поставените приоритети и цели на буџетската институција.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на кредитокорисници од Тајванската кредитна линија: 10

04008 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 32.660 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган, надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со

човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2007 ГОДИНА

Во Агенцијата за државни службеници во текот на 2007 година е направена интервенција во правилниците за селекција и вработување, поврзано со натамошното унапредување и поедноставување на постапките. Изменувањето е координирано со надградбата на софтверот за електронско пријавување и обработка на пријавите за вработување на државните службеници. Подготвен е Предлог на уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, со што ќе се подобри законската рамка во однос на организациските облици во органите на државната управа и ќе се овозможи поефикасно спроведување на надлежноста на Агенцијата за давање на согласност на актите за организација на органите. Подготвен е Предлог на уредба за описот на звањата во органите на државната управа, која нуди детален опис на одговорностите, целите и работните задачи со воведување на посебни услови неопходни за секое звање одделно, што ќе претставува квалитативно подобрување на системот на државната служба. Подготвени се нацрти на упатства/насоки за подготовка на актите за систематизација на работните места, со што ќе им се помогне на органите во изготвувањето на интерните акти за систематизација на работните места и ќе се воспостави стандардизирана постапка при подготвување на правилниците. Реализирани се обврските од првата и втората фаза на владиниот проект за Регулаторна гилјотината на прописите кои произлегуваат од Законот за државните службеници. Изготвен е нацрт на документ за политики за обука на државните службеници кој треба да биде еден од инструментите во етапите за натамошна операционализација на "Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување на државните службеници во Република Македонија". Реализирани се петата генерација на Високата административна обука и четвртата генереација на Програмата за раководители од среден ранг, кои финансиски се поддржани од Француската односно Норвешката влада. Започнато е со реализација на програмата за Етички ресурси за јавниот сектор во Република Македонија, во контекст на РеСПА со поддршка на СИГМА/ОЕЦД. Развиени се материјали за обука на далечина, во функција на поддршка на процесот за селкција и вработување. Учествувано е на повеќе меѓународни состаноци и конференции, редовно се спроведувани обврските во контекст на ЕУ, НАТО, ГРЕКО и други меѓународни системи, а потпишан е и билатерален договор за соработка со надлежната институција во Република Црна Гора. Во првото полугодие од 2007 година, објавени се вкупно 105 огласи за вработување на вкупно 596 државни службеници. Издадени се вкупно 127 согласности на актите за организација и систематизација или на нивни измени и дополнувања. Учествувано е во 76 постапки во прв степен за дисциплинска одговорност. Постапено е по 373 жалби и приговори од државни службеници.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Агенцијата за државни службеници во текот на 2008 година постојано врши следење и спроведување и обезбедување во контекст на: разбирање, прифаќање и почитување на Законот за државните службеници и неговите принципи, од сите релевантни заинтересирани страни и неговото спроведување и унапредување на воспоставениот, доверлив, ефикасен, конзистентен, одговорен, едноставен и автоматизиран, систем за селекција и вработување на државни службеници, заснован на принципите на стручност и компетентност (мерит) и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и препознавање на Агенцијата како совесен и непристрасен арбитер на овој систем, градење на стручни и добро раководени државни службеници и

обезбедување на домашно и меѓународно признати за високиот квалитет на нивните постигнувања, препознавање на Агенцијата за државни службеници како проминентен и доверлив имплементатор на хоризонталната координација на развојот и управувањето со човечките ресурси, формирање на сеопфатна информативна база на податоци за државните службеници, за управување со човечките ресурси, обезбедување и спроведување на обука и развојни совети, засновани на понудата од приватниот и јавниот сектор во Република Македонија. Агенцијата за државни службеници е да го промовира одржувањето и развојот на професионална, стручна, ефикасна, неполитичка, сервисно ориентирана, одговорна, транспарентна и етичка државна служба преку спроведување на Законот за државните службеници, обезбедувајќи дека тој е реално и практично остварлив. Агенцијата за државни службеници има поставено пред себе повеќе долгорочни стратешки цели, кои треба да бидат реализирани во чекор со современите потреби и реформските текови во Република Македонија, со спроведување и унапредување на систем за селекција и вработување на државни службеници, засновани на принципите на стручност и компетентност, промовирање и развивање на политиката за управување со човечки ресурси во државната администрација и друго.

ИНДИКАТОРИ :
Број на вработени: 52
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 587

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Агенцијата за државни службеници во текот на 2008 година има за приоритет сите активности да се реализираат со законски утврдените функции и належности во однос на стручни, управни и други работи што се за подобрување на управувањето со човечките ресурси, со особен акцент на системите за координација на обуката на државните службеници, оценување на државните службеници, регистарот на државни службеници, натамошен развој на законската рамка за државни службеници и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници насочени кон реализирање на поставените приоритети и цели на буџетската институција.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на пријавени кандидати: 90.000

04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 192.681 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за европски прашања е институција за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење на други стручни работи од оваа област. Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, следење и преземање мерки за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на

државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, управување на процесот на преведување на законодавството на ЕУ и на други материјали во врска со процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, спроведување на стратегија за комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, воспоставување, управување и одржување на централни бази на податоци за поддршка на процесот на европска интегација и други работи кои произлегуваат од координацијата, поддршката и насочувањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Секретаријатот за европски прашања ги реализираше следниве активности: доделување на средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство; доделување на средства за постдипломски студии за државни службеници во областа на ЕУ на универзитетите во Република Македонија; зајакнување на капацитетот на Постојаната мисија на Република Македонија во Брисел со работно ангажирање на две лица од Секретаријатот за европски прашања; зајакнување на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција; координација, следење и обезбедување на стручна поддршка на националниот систем за управување и координација на процесот на европска интеграција; следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Република Македонија и европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија; следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и нејзино ажурирање; координација на процесот на изработка на македонската верзија на aquis communautaire (правото на Европската унија); воспоставување на систем за водење на преговори на Република Македонија со Европската унија и учество во формулирање на идните преговарачките позиции; координација и следење на странската помош во Република Македонија, како и информирање и комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија и за прашања поврзани со ЕУ.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Секретаријатот за европски прашања во текот на оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следниве приоритети: воспоставување на стручна поддршка и координација на водењето преговори за членство во Европската унија; следење и ажурирање на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА); следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА); координација и мониторинг на Претпристапниот инструмент (ИПА) и другата странска помош; јакнење на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција; подготовка на македонска верзија на правото на Европската унија и превод на македонското законодавство; комуникација и информирање на јавноста и јакнење на комуникацијата и соработката со ЕК, како и со државите членки.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 77
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.924

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Секретаријатот за европски прашања ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 2 - Секретаријат за европски прашања. Оваа програма е наменета за зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија; ефикасно функционирање на националниот систем за управување и координација на процесот на европска интеграција; следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Република Македонија и европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија; спроведување и ажурирање на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА); изработка на македонската верзија на aquis communautaire (правото на Европската унија); поддршка во воспоставување на систем за водење на преговори на Република Македонија со Европската унија и учество во формулирање на идните преговарачки позиции; максимизирање на користење на странска помош поврзана за реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија; подигнување на јавната свест за интеграција на Република Македонија во Европската унија и европските прашања и слично.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и поткомитетите кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација: 7

Програма 3-Дипломатски и конзуларни преставништва. Во рамките на оваа програма е планирано административно зајакнување на Мисијата на Република Македонија при европските заедници во Брисел, со цел за соодветна подготовка на Република Македонија за започнување на процесот на преговори.

04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР
ВКУПЕН БУЏЕТ: 240.000 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на координација и усогласување на работата на органите на државната управа за спроведување на Рамковниот договор; обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализацијата на стратешките приоритети кои произлегуваат од Рамковниот договор, а особено за обезбедување на правичната и соодветната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа; го обезбедува и координира подготвувањето на методологија за донесување на акциони планови на Владата во областа на спроведувањето на Рамковниот договор; го обезбедува и координира изработувањето на Акциониот план за подготовка на проекти од Рамковниот договор и координација на неговото спроведување и следење; редовно комуницира и врши координација за реализација на задачите преземени по основ на проектите од акционите планови од соодветните министерства; врши координација на активностите со органите на државната управа и со донаторите; обезбедува кохерентен пристап за зголемување на ефикасноста на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор; работи на обезбедување на потребните човечки ресурси за реализирање на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор; одржува комуникација со јавноста и другите целни групи преку медиумите и се грижи за ажурирање на веб

страницата; изготвува извештаи за информирање на Владата за нивото на спроведувањето на Рамковниот договор; за потребите на Владата подготвува стручно-аналитички материјали од оваа област; стручно се произнесува по материјалите кои се во функција на спроведувањето на Рамковниот договор, како и други работи поврзани со спроведувањето на Рамковниот договор кои ќе ги определи Владата.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

На почетокот на 2007 година Владата ја усвои Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во која се предвидени низа мерки и активности во насока на побрзо и поефикасно исполнување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Усвојувањето на Стратегијата е обврска предвидена во Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО, во Акциониот план за европско партнерство и во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Воедно, Секторот за спроведување на Рамковниот договор организираше Конференција посветена на промовирање на вредностите на Охридскиот рамковен договор.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во текот на 2008 година ќе бидат насочени пред се кон реализација на воспоставување на структура за стручна и техничка поддршка за побрзо и поефикасно работење и целосно консолидирање на коњуктурата на Секретаријатот како повисок облик на организирање. Целосното спроведување на Акциониот план за имплементација на стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, ажурирање на потребите за обука на припадниците на заедниците кои не се мнозинство за спроведување на Стратегијата за комуникација, како и за вработените кои се справуваат со новите и сеопфатни механизми за прибирање податоци и за подготвување на Националниот план за вработување за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 28
Оперативни расходи по вработен(во илјади денари) 8.446

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 2 - Секретаријат за имплементација на Рамковен договор. Оваа програма е наменета за зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на процесот за целосно спроведување на рамковниот договор како и општите активности кои овозможуваат функционирање односно сспроведување на задачите и целите на Секретаријатот.

Програма 4 - Спроведување на Рамковен договор. Основни цели на оваа буџетска програма е унапредувањето на процесот на спроведување на Рамковниот договор, како и сите активности со кои се опфатени активностите кои произлегуваат од законските одредби на Охридскиот рамковен договор, како и други проекти и обуки.

05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.852.434 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност, организира и развива одбранбен систем со кој ќе одговори на потребите за соочување со сегашните и идните закани по мирот и безбедноста на нашата земја. Основна задача е зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Со соодветно и оптимално поставување и искористување на ресурсите, Министерството за одбрана се стреми за приближување кон стандардите на НАТО и реализација на приоритетната цел – за зачленување во евроатлантските структури.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Министерството за одбрана во текот на 2007 година успешно ги реализираше следниве активности: реализација на мировните мисии во Ирак, Авганистан, Босна и Херцеговина и Либан; продолжување на процесот на трансформација на МО и АРМ согласно со определбите и динамиката во Стратегискиот одбранбен преглед; опремување на АРМ според планот за набавки; зајакнување на професионализацијата во АРМ и воведување на доброволно служење на воениот рок; имплементација на Охридскиот рамковен договор за соодветна застапеност на етничките заедници; формирање на нов сектор за образование и обука; трансформација на военото здравство со Воената болница и трансформација на военото образование; преземање на претседавањето со Политичко воениот управен комитет на Мировните мултинационални сили на Југоисточна Европа (ПВУК) и на Координативниот Комитет за соработка во одбраната на земјите од Југоисточна Европа; активно учество во организацијата и одржувањето на безбедносниот форум на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС); имплементација на Програмата за подготовка за враќање на воените старешини во цивилен живот - Преобука на пензионирани воени лица со најмалку 25 години стаж за цивилни занимања преку програмата ,,Лепеза,,.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Министерството за одбрана во текот на 2008 година ќе бидат насочени кон исполнување на условите за покана за членство во НАТО алијансата, учество во меѓународни мисии и хуманитарни операции во странство, опремување на АРМ според долгорочниот план на опремување, опремување и обука на декларираните сили за мировни мисии согласно со Партнерските цели, продолжување на трансформацијата на МО и АРМ според долгорочниот план за периодот 2008-2017 година, конверзија на недвижниот имот на МО и АРМ според динамичниот план за 2008 година, имплементација на програмите за соодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници, зголемување на бројот на претставници на МО во военодипломатски претставништва и во воените и цивилните структури на НАТО алијансата,

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 8.404
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 772

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Целите и приоритетите на Министерството за одбрана во Буџетот за 2008 година ќе бидат прикажани преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги опфаќа активностите кои не можат да се одвојат од останатите буџетски програми. Во оваа програма се

систематизирани организациони единици кои се стручни носители на процесите на менаџирање (раководење, координирање, организирање и управување) со: политика и планирање, цивилна одбрана, логистика, финансии и управување со ресурси, персонални и правни работи, комуникациски врски и информатика, безбедност и разузнување, конверзија на недвижниот имот и угостителски услуги и дополнителни активности за одбраната реализирани од субјекти надвор од МО (јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје ,,Јасен,, Скопје и Сојузот на резервни воени старешини на РМакедонија).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица на служба во странство како претставници на МО: 34

Програма 2 - Функционирање на АРМ. Оваа програма ги опфаќа активностите на Армијата на Република Македонија за реализација на плановите за 2008 година и постигнување на целите за исполнување на НАТО стандардите како предуслов за Евроатлантската интеграција на Република Македонија. Основните цели на оваа буџетска програма се насочени кон исполнување на преземените партнерски цели во 2006 година, опремување на командите и единиците по утврдени приоритети, обука и стручно усовршување на активниот и резервниот состав, реализација на целите за исполнување на условите за влез во НАТО, учество во меѓународни мировни мисии и хуманитарни операции во странство предводени од НАТО, ЕУ и ООН.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на разнородни видови на материјални технички средства за опремување на АРМ: 13

Програма 3-Мировни и хуманитарни мисии. Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на финансирање на мировните мисии надвор од Република Македонија во кои учествува АРМ, и тоа: Мисијата во Ирак која е предводена од стратешкиот партнер на РМакедонија, САД, Мисијата ,,ИСАФ,, која дава поддршка на Владата на Авганистан во обезбедување и одржување на безбедноста во оперативната заштитна зона со цел да се овозможи обнова на Авганистан и да се воспостави власт на целокупната територија на земјата, мисијата во Босна и Херцеговина која е предводена од ЕУ каде што Република Македонија дава придонес со еден хеликоптерски деташмант и медицински тим од десет припадници. Во јули 2007 година АРМ зеде учество и во мисијата во Либан која е предводена од Обединетите нации.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: 202

Програма 4-Воена болница. Оваа програма го опфаќа функционирањето на Воената болница како формациска единица на Армијата на Република Македонија која првенствено се грижи за чување и унапредување на здравјето на припадниците на АРМ и лекување на цивилни граѓани на РМакедонија. Со трансформацијата на военото здравство ќе биде решен статусот на Воената болница. Основните цели на оваа програма се насочени кон создавање на услови за давање на квалитетни здравствени услуги на вработените во АРМ, како и на надворешни лица.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на болнички легла: 280

Програма 5-Одржување на објекти и инфраструктура. Оваа програма ги опфаќа активностите од доменот на градежното обезбедување на организационите

единици на МО и командите и единиците на АРМ, односно тековното и инвестиционото одржување (реконструкции) на објектите со кои располага Министерството за одбрана. Основните приоритети за оваа година се насочени кон тековно одржување на објектите во кои се сместени припадниците на МО и АРМ, реновирање на комплексот Криволак и реконструкција на касарните (Скопје, Штип, Кичево, Тетово, Велес, Куманово и Петровец).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани проекти: 21

05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 23.300 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во функција на национален безбедносен авторитет се грижи за спроведување на утврдената политика за заштита на класифицираните информации усогласена со меѓународните стандарди. Како еден од носителите на процесите на интеграција во евроатлантските структури, во својот домен на работа Дирекцијата ја имплемен-тира и унапредува работата со класифицираните информации, во согласност со нормативните и техничките меѓународни стандарди, се грижи за обука на лицата кои ракуваат со нив, за нивната размена на меѓународно ниво во правец на поставување на Република Македонија на местото на рамноправен партнер во меѓународните организации.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во текот на 2007 година успешно ги реализираше следниве активности: извршени се редовни и вонредни инспекции во регистрите на странските класифицирани информации во Министерството за одбрана, Генералштабот на АРМ, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Министерството за надворешни работи, како и во регистрите на Мисијата на Република Македонија при НАТО во Брисел и Канцеларијата за врски на РМ при Координативната ќелија на ПзМ во Монс, Белгија; формиран е регистар за странски класифицирани информации во Мисијата на РМ при европските заедници во Брисел, Белгија; формиран е регистар за странски класифицирани информации во Центарот за управување со кризи и во Кабинетот на претседателот на Република Македонија; усогласен е текстот на Спогодбата за размена на класифицирани информации меѓу Република Македонија и РПолска и истиот е усвоен од Владата на Република Македонија; воспоставена е курирска служба за пренос на класифицирани информации меѓу Дирекцијата и Мисиите на РМ при НАТО и ЕЗ во Брисел и Канцеларијата за врски на РМ при Координативната ќелија на ПзМ во Монс, Белгија; во завршна фаза се преговорите за склучување на безбедносна спогодба со СРГерманија и РУкраина; започнати се преговорите за склучување на безбедносна спогодба со РХрватска; иницирани се преговори за склучување на безбедносна спогодба со РСловенија; започнати се процедури за воспоставување на билатерална соработка со РФранција и РЛатвија; во врска со договорената соработка со САД се очекува повратен одговор за видот на билатералниот договор за размена на класифицирани информации; преземени се активности за подигање на безбедносна ограда и доопремување на Дирекцијата; преземени се активности за информатичка едукација на вработените во Дирекцијата која продолжува и во наредниот период, како и за прибирање на податоци за информатичка опрема што е одобрена од НАТО за размена на класифицирани информации до степен СТРОГО ДОВЕРЛИВО; земено е активно учество во изготвување на Годишната национална програма за

подготовки на Република Македонија за членство во НАТО за 2007-2008 година (четврто поглавје), Индивидуална партнерска програма на Република Македонија за 2007-2008 година и Акциониот план за Европско партнерство; изработен е посебен програмски апликативен софтвер за електронско деловодство за национални, НАТО и ЕУ класифицирани информации за потребите на Централниот регистар во Дирекцијата и регистрите во останатите државни органи; одржана е Регионална конференција на Националните безбедносни авторитети со присуство на претставници од девет земји и од НАТО на која е донесена декларација за соработка на највисоко ниво; земено е активно учество во подготовките за Безбедносниот форум на ЕАПС што се одржа на 28 и 29 јуни 2007 година во Охрид со перманентни обуки на сите учесници од Република Македонија (приближно 700 вработени); учество на тркалезна маса за презентација на Законот за класифицирани информации пред различни структури во Република Македонија која продолжува и понатаму (првата е одржана на 30 мај 2007); перманентна обука за ракување со класифицирани информации на вработени во државните органи и приватните претпријатија, ангажирани на класифицирани тендери; обука за Административна безбедност за персоналот на подрегистрите за класифицирани информации во МВР-УБК и во Министерството за надворешни работи; Семинар за индустриска безбедност на класифицирани информации со измените во политиката на НАТО во оваа област; Семинар за информатичка безбедност аналогно на НАТО инструкциите за процедурите за безбедносна акредитација на комуникациско-информатички системи; донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации и во тек е изработка на уредба за крипто заштита.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во текот на 2008 година ќе бидат насочени кон завршување на инфраструктурните работи; внатрешната реорганизација согласно со Законот за класифицирани информации; обезбедување целосна информатичка поддршка на работењето на Дирекцијата; заокружување на сите започнати меѓународни активности; унапредување на човечките ресурси и обука на лица кои ракуваат со класифицирани информации.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 591

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации планирани се две програми: Програма В2 - Интеграција во НАТО во која се опфатени активностите кои се однесуваат на целосна имплементација на Законот за класифицирани информации и Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации како дел од стандардите кои треба да се постигнат за добивање на покана за членство. Тоа подразбира создавање на услови за ракување и чување на класифицираните информации според стандардите на НАТО, на кои се обврзани сите земји членки и партнери и Програма 2-Спроведување на спогодбата за размена на класифицирани информации меѓу РМ и ЕУ во која се опфатени активностите за постигнување на стандардите неопходни за побрзо зачленување на РМ во ЕУ и активностите за воспоставување билатерална соработка за размена на класифицирани информации со земјите од интерес за РМ.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на издадени национални НАТО/ЕУ сертификати за работа со класифицирани информации: 9.000

05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 301.500 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за заштита и спасување е основана заради извршување на работите од заштитата и спасувањето од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. При формирање на Дирекцијата за заштита и спасување преземени се функциите од цивилната заштита од Министерството за одбрана и инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за заштита од пожари од Министерството за внатрешни работи.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 се создадени нормативно-правни претпоставки за трансформација на системот за цивилна заштита, противпожарна заштита во единствен систем за заштита и спасување како и други организациско плански подготовки; изработена е работна верзија на Националната стратегија за заштита и спасување со која се утврдени приоритетите за развојот на системот за заштита и спасување во наредните години; изготвени се работни верзии на Проценката на загрозеност и План за заштита и спасување и истите се во процедура за усогласување со надлежните органи; формирани се Републичките сили (штабови и единици) за заштита и спасување и во завршна фаза е нивно пополнување со персонални и материјални ресурси; именувани се членови во Главниот штаб за заштита и спасување и 27 регионални штабови за заштита и спасување; формирани се единиците од резервниот состав и спроведени се активности и во завршна фаза е формирањето на 26 тимови за брз одговор од постојаниот состав. Во согласност со Законот за заштита и спасување започнат е процесот на имплементирање на мерките за заштита и спасување во просторното и урбанистичкото планирање и при изградбата на објекти и паралелно со имплементација на мерките се врши оперативна заштита од природни непогоди и други несреќи, случени во изминатиов период; изготвен е предлог за измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување и истиот е во завршна фаза; се спроведуваат редовни меѓународни активности на Дирекцијата во насока на имплементација на стандарите на НАТО и ЕУ како и редовен инспекторски надзор за заштита и спасување на правните субјекти кои подлежат на истиот.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Дирекцијата за заштита и спасување во текот на 2008 година ќе бидат насочени кон подигнување на нивото на нејзината функционалност; креирање и имплементирање на политиката за заштита и спасување на луѓето, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба и предмети и објекти од основно културно и историско значење во Република Македонија од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија; комплетирање и опремување на силите за заштита и спасување од резервниот и постојаниот состав.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 247
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 502

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување предвидува една буџетска програма која ги опфаќа сите активности на институцијата во насока на успешно извршување на основните функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на разнородни видови на материјално технички средства за опремување на силите за заштита и спасување: 10

05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 165.700 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државната управа по положба и функција на дирекција, ги извршува работите во врска со управувањето со кризи што се однесуваат на: обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка; консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствената процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката, предлагање на мерки и активности за разрешување на кризната состојба и сл.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година продолжи процесот на кадровско доекипирање на Центарот согласно со Правилникот за систематизација на работните места како и набавката на неопходните материјално-технички средства за потребите на Центарот во целина; продолжени се активностите за заокружување на подзаконската регулатива како и развивање и унапредување на процесот на стратешко планирање; беше успешно менаџирана кризната состојба за справување со пожарите од широки размери при што Центарот се јави како носител и координатор во активностите за побарување и прифаќање на странска помош за справување со пожарите; зајакната е меѓуресорската и меѓународната соработка .

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година се очекува да продолжи процесот на кадровско доекипирање и техничко доопремување на Центарот, како и изработка на физибилити студија која треба да ги даде насоките за имплементација на проектот Е-112; зголемување на меѓународната комуникација и соработка со сите организации и институции во системот за управување со кризи, со посебен акцент кон НАТО структурите и механизмите на кризниот менаџмент на ЕУ; преструктуирање на Центарот и системот за управување со кризи согласно со моделот кој ќе биде прифатен од страна на Владата на Република Македонија, зајакнување на персоналните капацитети на Центарот и управување со човечките ресурси.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 233
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 585

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Центарот за управување со кризи предвидува две буџетски програми:
Програма 2 - Управување со кризи. Оваа програма ги опфаќа активностите на институцијата во насока на успешно извршување на законски определените надлежности и функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена: 20

Програма 3 - Воспоставување на комуникациско - информативен систем со единствен број на повикување. Овде се опфатени активностите во врска со продолжувањето со функционирањето на овој систем, кој би значел исполнување на стандардите и нормите што треба да се постигнат на патот кон целосна интеграција во ЕУ и НАТО.

ИНДИКАТОР НА РЕЗУЛТАТ:
Процент на реализација на проектот Е-112: 60

06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 8.925.700 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; давање на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Реализирани се значајни активности на планот на хармонизација на законодавството во областа на внатрешните работи и усвоен е Акционен план за 2006 и 2007 година, во кој се содржани сите активности поврзани со донесување на правната регулатива по три основа: подзаконски прописи кои произлегуваат од Законот за полиција, подзаконски акти чие донесување значи усогласување на националното законодавство со стандардите на Европската унија и подзаконски акти чие донесување претставува заокружување на процесот на реформи на полицијата. Значителни резултати се постигнати во откривањето и спречување на кривични дела - неовластено производство и пуштање во промет на наркотични средства и кривични дела - недозволена трговија со оружје и експлозивни направи. Исполнети се сите партнерски цели за кои Министерството за внатрешни работи на Република Македонија беше обврзано согласно со партнерската програма за членство во НАТО. Намалено е користење на територијата на Република Македонија како транзитна зона на криминалот. Намалена е стапката на казниви дела од меѓународен карактер. Зголемени се активности на сообраќајната полиција во делот на превентивно дејствување врз подобрување на безбедноста во сообраќајот.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Министерството за внатрешни работи предвидува продолжување со активностите во насока на хармонизација со законодавството на ЕУ; прифаќање и имплементирање на најдобрите практики и заеднички стандарди од областа на интегрираното гранично управување според шенгенските регулативи, директиви и заедничкиот прирачник; воспоставување на систем на подрегистри за безбедна комуникација, прием и размена на класифицирани информации во рамки на Министерството за внатрешни работи, кои ќе ги исполнуваат минималните стандарди; зголемување на довербата меѓу полицијата и граѓаните; изменет однос полиција - граѓани; зголемување на

безбедност во сообраќајот преку превентивно дејствување (предавања во образов-ните институции) и системот на казнување и значително намалување на сите појавни облици на криминалитет и недозволена трговија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 12.245
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 617

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Министерството за внатрешни работи ќе се реализира преку следниве програми:
Програма 1 – Администрација. Оваа програма опфаќа: активности за административна поддршка на редовните законски активности на буџетската институција; активности во врска со обезбедување на сместувачки капацитети и храна за потребите на полицијата. Основните цели на програмата се: обезбедување на ефикасна поддршка во делот на законската нормативa; навремено обезбедување на финансиски, материјално - технички средства и услуги; ефикасна координација на функциите на Министерството и сл. Во рамките на оваа програма е планирана и реализација на капитален проект за реконструкција на постојните објекти за одмор и рекреација на вработените во Министерството со цел за подобрување на условите во овие објекти.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на донесени интерни акти: 50

Програма 2 - Безбедност. Активностите опфатени со оваа програма ги одразуваат основните функции на Министерството за внатрешни работи, со цел за унапредување на заштитата на граѓаните и имотот, обезбедување на јавен ред и мир, зголемување на безбедноста на сообраќајот и патиштата; зголемување на безбедноста и контролата на границата, за контрола на преминување на границата и престојот во граничните појаси на сите граници во Република Македонија, заштита од тероризам и шпионажа, заштита од потешки форми на организиран криминал, регулирање на државјанствата, водење на матична евиденција на граѓаните, регулирање на престојот и движењето на странците, зголемување на транспарентноста и рационалност во користењето на буџетските средства, пренесување на надлежностите на секторите за внатрешни работи во делот на планирање, следење и искористување на Буџетот, како и зголемување на ефикасноста во вршење на функциите на секторите за внатрешни работи во сите сегменти од работењето.

Во рамките на оваа програма се планирани активности за реализација на капитални проекти, преку реконструкција на објекти што подразбира довршување на веќе започнатите инвестициони зафати и основно одржување на постојните објекти, а со цел за создавање услови за непречено и ефикасно извршување на функцијата на Министерството за внатрешни работи.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на прекршоци против јавниот ред и мир: 13.000

Програма 3 - Полициска академија. Оваа програма вклучува активности на Полициската академија за образување на кадри за потребите на Министерството, други државни органи, како и за други организации, установи и правни лица кои вршат дејност од областа на безбедноста. Овие активности се преземаат со цел за реализирање на обука на припадниците на Граничната полиција, основна обука на полицаец, одржување на курс за менаџмент и специјалистички курсеви, вршење на високообразовна дејност (додипломски и постдипломски студии), научно-истражувачка и применувачка дејност и спроведување на континуирано

образование, кое се остварува врз основа на програми што ги донесува министерот за внатрешни работи или друг барател на образовни услуги на Академијата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на успешно завршени обуки на припадници на Министерството за внатрешни работи: 300

Програма 4 - Државна безбедност. Оваа програма опфаќа обезбедување на државна безбедност и контраразузнавање заради заштита од тероризам и шпионажа. Основните цели на програмата се: зголемување на ефикасноста во обезбедувањето на државната безбедност и контраразузнавање, како и транспарентност и рационалност во користењето на буџетските средства.

07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 520.900 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и со законите. Министерството за правда учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки, при што води грижа доследно да се изразат уставните определби и меѓународните и европските стандарди со цел за востановување и организирање независно, непристрасно и ефикасно судство; унапредување на статусот на јавнообвинителската организација; остварување на уставните определби за адвокатурата како самостојна и независна служба, унапредување на вршењето на нотарската дејност; градење ефикасен и модерен изборен систем и унапредување на граѓанската иницијатива. Во составот на Министерството се наоѓаат и 34 подрачни одделенија и 237 месни канцеларии и Државниот управен инспекторат.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во рамките на законодавните активности, во областите од своја надлежност, Министерството за правда во текот на 2007 година подготви 38 закони од кои: 17 беа донесени од страна на Собранието на Република Македонија,19 закони се наоѓаат во собраниска постапка за донесување и 2 закона се наоѓаат во владина постапка. Во текот на 2007 година, а во насока на реформа на судството, набавен е хардвер за потребите на Врховниот суд, избрана е консултантска фирма за изработка на проекти и вршење надзор над градежните работи за реновирање на судовите, избрана е фирма за изведување на градежните работи за реновирање и проширување на просторот на Судскиот совет на Република Македонија и друго. Од страна на Државниот управен инспекторат е направен увид на неколку министерства и други државни органи, 13 комисии за одлучување по барање за денационализација при Министерството за финансии, надзор над 12 комисии при Владата на Република Македонија, секретаријати за урбанизам, комунални работи и друго, надзор над 27 основни судови, 3 апелациони судови и Врховен суд на Република Македонија во однос на примена на одредби од судскиот деловник, надзор над работењето на 80 нотари и други надзори.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Заокружување на активностите за зголемување на ефикасноста на судството, процесот на реформите во судството во смисла на донесување на

одредени закони и нивна имплементација како на пример: Кривичен законик, Закон за кривична постапка, Закон за меѓународна правна помош.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 612
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 469

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Со Буџетот на Министерството за правда за 2008 година се предвидени две буџетски програми, и тоа:
Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги опфаќа активностите кои ја поддржуваат реализацијата на програмските задачи на подрачните одделенија и месните канцеларии на Министерството, како и на јавните обвинителства и активностите за реализација на утврдените приоритети за 2007 година. Исто така, во рамките на оваа програма се предвидува реализација на капитални проекти за реконструкција и опремување на подрачните одделенија, месните канцеларии на Министерството и на јавните обвинителства. Имплементацијата на предвидените активности треба да резултира со подобрување на условите за работа во подрачните единици и месните канцеларии, во јавните обвинителства, што ќе придонесе за оптимално извршување на утврдените програмски задачи.

Програма 2 - Управен инспекторат. Програмата предвидува активности на Управниот инспекторат за вршење на инспекциски надзор над примената на Законот за општата управна постапка и другите закони во смисла на навремено и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните во управната постапка, пропишани рокови во првостепена и второстепена управна постапка, извршување на правосилни управни акти, начин на однесување и работењето на државните службеници и вработените и др.

07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 651.419 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкции е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршувањето на санкциите, и тоа: изготвување на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување за пропусти и давање на стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно-инструкторски надзор; контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица; давање мислење и согласност по општи акти на установите; одлучување по разни барања на осудени лица; давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено-поправните установи и сл.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година е направено аналитичко согледување на состојбите во казено-поправните установи во однос на сместувачките услови, опремата, кадровската состојба и воопшто нивното функционирање. Врз основа на таа анализа е изготвена и до Владата на Република Македонија е усвоена Програмата за финасирање на изградба, реконструкција, реновирање и проширување на казнено поправните установи и се обезбедени финансиски средства за реализација на истите.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Управата за извршување на санкции во текот на 2007 година ќе бидат насочени кон подобрување, проширување и опремување на казнено-поправните установи, изготвување на изведбени проекти согласни со Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, реновирање и проширување на казнено-поправните установи; пополнување на систематизирани работни места во согласност со НПАА Програмата; профункционирање на Тренинг центарот за обука на вработените во КПУ И ВПД.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 534
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 823

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Управата за извршување на санкции предвидува две буџетски програми:

Програма 2 - Санкции. Во рамките на оваа програма се реализираат активностите поврзани со контролата и надзорот во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи со цел за ефикасно извршување на санкциите и подобрување на условите за работа на вработените и престојот на осудените лица.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на стручно инструкторски надзори во казнено поправните установи: 22

Програма 3 - Казнено-поправни установи. Во рамките на оваа програма се опфатени активностите на казнено-поправните установи за успешно реализирање на надлежностите утврдени со закон. Во 2008 година е предвидена реализација на капитален проект за реконструкција и опремување на казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на осудени и притворени лица во казнено-поправните установи: 2.200

08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.499.955 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за надворешни работи ги врши работите кои што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија, воспоставување, развивање и координирање на односите, претставување и афирмирање на Република Македонија на меѓународен план; заштита на интересите, правата и имотот на Републиката и нејзините државјани и на домашните правни лица во странство; координирање и известување за политиката од надлежноста за која е основано; грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји; организација и раководење со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија, како и организирање на системот на врски со нив; склучување, ратификување и потпишување на меѓународните договори; определување и обележување на државната граница; комуникација и соработка со странските дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави и мисии на меѓународни организации во Република Македонија; акредитација на

амбасадори, издавање на привилегии и имунитети на странски дипломатски претставништва на меѓународни организации на Република Македонија; прием на акредитивни писма; издавање на привилегии и имунитети на странски дипломатски претставништва и претставништва на меѓународни владини организации и други работи во врска со именување и отповикување на амбасадори на Република Македонија во странство и собирање, проучување и грижа за странската и домашната документација од негова надлежност.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Министерството за надворешни работи ги постигна следниве позначајни резултати: реализирани се активности поврзани со надворешните работи и надворешната политика и продолжи со активностите за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО; промоција и зајакнување на севкупните односи на Република Македонија со странство, засилена и поефикасна регионална соработка; соработка со државите од регионот во борбата против организираниот криминал, трговија со луѓе, оружје и наркотици; спроведени се активности за реализирање на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки; активности за развој на дипломатска служба и мрежа на ДКП кои ќе бидат во функција на економските интереси и политички приоритети на Република Македонија во странство; кадровско доекипирање на ДКП во насока на современа и професионална дипломатија; проширување на мрежата на почесни конзули; започната постапка за купување на деловен простор за сопствени објекти за трајно решавање на просторното сместување на ДКП-та на Република Македонија во странство; реализиран е капитален проект за купување на деловен простор за Мисијата на Република Македонија при европската заедница во Брисел во контекст со стратешките интеграции во ЕУ; ралиазацијата на активностите за основање на Национален информациски систем за визно работење и Визен центар, а во насока на прилагодувањето кон шенгенските стандарди од аспект на спроведување на визната политика; реализирани се активности поврзани со соработка и контакти со македонските граѓани кои живеат и работат во соседството и дијаспората за нивно поврзување со татковината, активностите поврзани со 62-та сесија на Генералното собрание на ОН; учество во организација на ЕАПС форумот во Охрид; преговори за олеснување на визниот режим; склучување на спогодби за реадмисија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Обезбедување на долгорочната стабилност на Република Македонија и отстранување на сите потенцијални извори на закана по нејзината независност; суверенитет и територијален интегритет; заштита на виталните државни и национални интереси, афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната заедница; создавање предуслови за економски развој и проспе-ритет на нејзините граѓани; вклучително и успешно приклучување во тековите на глобализацијата; остварувањето на стратешките цели на надворешно политички план; промоција на македонските економски интереси во странство и привлекувањето на странски инвестиции во земјата; полноправно членство на Република Македонија во НАТО; активности за членство во ЕУ и започнување на процесот на преговори; зајакнување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница преку динамичен развој на билатералните односи; натамошни чекори за поактивно учество и подобра соработка со меѓународинте организации; зајакнување на комуникацијата и збогатување на содржините на соработка со иселеништвото; натамошна афирмација на културните вредности на Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 369
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 3.350

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Со Буџетот за 2008 година се предвидени следниве буџетски програми во Министерството за надворешни работи:

Програма 1 – Администрација. Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите поврзани со надворешните работи, надворешната политика и дипломатските и конзуларните претставништва и се во функција на обезбедување услови за ефикасно извршување на надворешните работи и надворешната политика.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на издадени дипломатски и службени пасоши: 954

Програма 2 – Дипломатски и конзуларни претставништва Оваа програма ги опфаќа активностите за организација и раководење со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија во странство. Основни цели на оваа програма за 2008 година се развој на дипломатска служба и мрежа на дипломатско-конзуларни претставништва која ќе биде во функција на економските интереси и политичките приоритети на Република Македонија во странство; кадровско доекипирање на на ДКП во насока на современа и професионална дипломатија; контрола врз финансиско-материјалното работење на ДКП. Во рамките на оваа програма започната е постапка за купување на деловен простор за сопствени објекти за трајно решавање на просторното сместување на ДКП на Република Македонија во странство што би придонело за заштеда на средства наменети за закупнина.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на купени ДКП на Република Македонија во странство: 15

Програма 4 – Иселеништво. Оваа програма опфаќа реализација на активности поврзани со соработка и контакти со македонските граѓани кои живеат и работат во соседството и дијаспората за нивно поврзување со татковината, со цел да зајакне и да се прошири непосредната комуникација и активностите во остварувањето на уставнната обврска за грижа на државата кон иселеништвото, а во тие рамки и кон македонското малцинство во соседните земји. Согласно со тоа предвидена е координација на другите субјекти во соработката со иселеништвото, но и реализација на сопствени активности и проекти насочени кон организациите и здруженијата на иселениците во странство. Во таа насока изработена е публикација ,,Мојата татковина Македонија,, учебно помагало за дополнителна настава на македонски јазик во дијаспотата, изработка на промотивен материјал Прирачник ,,Инвестирање во македонски извозни капацитети,, наменето за македонските бизнисмени во дијаспората; издавање на весник ,,На Заедницата на Македонците во Република Албанија ,,Преспа,,. Предвидена е реализација на проекти, во функција на соработката со иселеништвото, преку координативното тело за иселеништво. Активностите ќе бидат организирани со придружни летни кампови, натпревари во фудбал, поретки форми на ликовна уметност, драмско катче и др.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани проекти со иселеништвото: 19

Програма 5 – Претседавање со 62-та сесија на Генералното собрание на ОН
Оваа програма опфаќа реализација на активностите поврзани со 62-та сесија на Генералното собрание на ОН.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на одржани сесии: 12

Програма 6 – Едукација. Оваа програма опфаќа реализација на активности поврзани со формирање на Дипломатската академија; одржување семинари за дипломатските претставници од МНР, изучување на странски јазици, одржување на тренинг курсеви за млади дипломати, контакти и соработка со позначајни дипломатски академии во Европа, во функција на согледување на искуства во однос на полагањето на дипломатски испит; подготовки за формирање на Дипломатската академија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на семинари курсеви и друг вид на обуки: 12

09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.595.513 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за финансии е надлежно за работите на системот за финансирање, изготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија, трезорскиот систем, управување со јавниот долг, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на девизното работење, системот на банките и другите финансиски институции, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, внатрешната контрола, заемите и кредитите, макроекономската и развојната политика, подготвување и проекција на платниот биланс, управување со капиталот, странска помош и компензационите фондови, осигурување на имот и лица, игрите на среќа, системот на јавните набавки, сопственоста и другите имотно-правни односи, спречување на перењето пари и други финансиски малверзации и стоковните резерви.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година е зголемена фискалната одговорност, транспарентност и отчетност. Унапреден е буџетскиот процес со имплементација на софтвер за електронско подготвување на буџетот (e-budget), кој за прв пат се применува при изготвување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, зајакнато е управувањето со јавниот долг. Во областа на даночните реформи: реализирано е намалување на ДДВ за земјоделците, намалување на ДДВ од 18% на 5% за лекови и медицински помагала, компијутери, софтвер, термални сончеви системи и компоненти, превоз на лица, како и усогласување на казнените одредби, воведен е рамен данок, извршена е хармонизација на основиците за плаќање на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси, унапредување на ефикасноста на даночниот систем.

Во делот на Фискална децентрализација, *о*возможено е процесот да тече непречено, најбрзо и да се создадат услови за влез на што поголем број општини во II фаза на фискалната децентрализација.

Во текот на годината се донесени повеќе закони од даночната област, од областа на финансискиот систем се донесени повеќе закони заради усогласување со современите стандарди во банкарството, заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, заради формирање на

приватни фондови, зајакнување и заштита на правата на малцинските акционери и извршено е усогласување со директивите на ЕУ.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Министерството за финансии во оваа година ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритети: постојан мониторинг и практична примена на сите законски одредби во содветните области, продолжување на реформите во буџетскиот процес, продолжување на реформите во областа на даноците, натамошна заложба за зголемување на даночните приходи, подготовка на подзаконски акти на даночните закони за фискална децентрализација, унапредување на процесот на планирање, извршување и известување на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на фондовите и буџетите на ЕЛС, унапредување на трезорско-информативниот систем; набавка на софтвер за евиденција на јавниот долг и редовно сервисирање на обврските по основ на задолжување; напуштање на учеството на државата во претпријатија по основа на побарувања, имот и сопственост; остварување на максимално можна наплата и редуцирање на јавниот долг; натамошна хармонизација на регултивата од областа на финансискиот систем со законодавството на ЕУ, целосно и навремено исполнување на обврските од склучените развојни аранжмани со меѓународните финансиски институции.

Основна цел на Министерството за финансии е одржување на цврсти јавни финансии и стабилна макроекономска рамка, со цел да се продолжи процесот на економски реформи и да се забрза економскиот раст. Постигнување на овие цели ќе овозможи пораст на просперитетот и подобрување на квалитетот на живеење во Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 565
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 664

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Целите и приоритетите на Министерството за финансии за 2008 година во Буџетот ќе се реализираат преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма вклучува активности кои ги поддржуваат останатите активности во Министерството за финансии. Основни цели на оваа програма се: да обезбеди услови за ефикасно извршување на законските обврски на одделните програми во рамките на Министерството, како и спроведување на Законот за извршување на буџетот во делот на локалната самоуправа, законите од областа на финансиското работење и обезбедување технички услови за непречено функционирање на регионалните трезорски канцеларии.

Програма 2 -Макроекономска и буџетска политика. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за проектирање на макроекономските индикатори, подготовка на Макроекономската политика и Фискалната стратегија, публикување на месечни економски извештаи. Исто така, се извршуваат активности околу утврдување на буџетска политика и подготовка на буџет. Воедно оваа програма вклучува активности за управување со трезорската сметка и другите сметки на државата, водење на Регистар на буџетските корисници и единки корисници, водење на буџетското сметководство за приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија, водење на евиденција за наплатата на приходите и другите приливи на трезорската сметка. Во рамките на оваа програма се извршуваат и активностите за следење на законските прописи во врска со индиректните и директните даноци, цариниите и игрите на среќа, изготвување на законски решенија и подзаконски акти, следење и проучување на решенијата во

други држави, вршење на анализи и истражувања за наплата на даночните приходи, како и активности за реализирање на проектите со Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа, билатерални аранжмани со билатерални кредитори и други мултилатерални договори. Основни цели на програмата се подготовка на одржлива макроекономска политика на среден рок и подготовка и реализација на буџет кој ќе одговори на законските обврски на Владата, а воедно ќе биде и одраз на владините политики и стратегии. Како дел од оваа програма се и активности за развој на пазарот на државни хартии од вредност преку: континуирано издавање на државни записи и обврзници; имплементација на тригодишна стратегија за управување со јавен долг; формирање на единствена евиденција, софтвер за јавниот долг; тргување со еврообврзници издадени од Република Македонија на меѓународните финансиски пазари; редовно следење и сервисирање на обврските по јавниот долг и стимулирање на побарувачката на домашни хартии од вредност преку привлекување на инвеститори, по пат на остварување на редовни контакти со истите.

Програма 4 -Финансиски систем и регулатива. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности во врска со подготовка на прописи во областа на банкарскиот систем, небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, работите околу вршењето ревизија и платниот промет, издавање дозволи и согласности за работа на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва, издавање дозволи за работа како овластен актуар, организирање обука и спроведување испит за осигурителен брокер и издавање лиценци за работа како осигурителен брокер, издавање дозволи за работа на друштва за финансиски лизинг, издавање на дозвола за работа на друштва за ревизија и спроведување на испит за стекнување на звање овластен ревизор.

Програма 5- Биро за јавни набавки ги опфаќа активностите за подобрување на управувањето во јавниот сектор, односно сите активности врзани со системот на јавни набавки, согласно со Законот и пропишаните процедури.

Програма 7 - Имотно-правни работи. Целта на оваа програма е да ги согледува и уредува имотно-правните односи. Во рамките на програмата се изготвуваат и предлагаат законски прописи и подзаконски акти; се води евиденција за недвижните ствари што државните органи престанале да ги користат и евиденција за потребите од користење на недвижните ствари. Управата за имотно-правни работи, исто така има улога на советодавен орган на Владата во однос на сопственичките и другите имотно правни односи.

Програма 8 - Дирекција за спречување на перење пари. Оваа програма се однесува на надележностите на Дирекцијата за спречување на перење пари, во однос на прибирање, обработка и доставување на податоци добиени од субјекти кои се обврзани за преземање мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари врз основа на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

Програма 9 -Државен девизен инспекторат. Државниот девизен инспекторат врши непосреден инспекциски надзор на девизното работење над резиденти и нерезиденти, врши услуги за брз трансфер на пари кај резиденти и нерезиденти кои не се банки, штедилници и менувачници, даватели на услуги и субагенти со дозвола за работа. Основни цели на Државниот девизен инспекторат се: утврдување на правилна примена на законските прописи од областа на

делокругот на работата на Државниот девизен инспекторат, преземање законски мерки по утврдени неправилности и подготовка на Законот за девизната инспекција.

09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.501.203 илјади денари

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел за 2008 година е предвидена една буџетска програма *2 - Функции*, која ги опфаќа следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основа на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игрите на среќа и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица, учество во капиталот на меѓународни финансиски институции, трансферирање на средства до Фондот за патишта, плаќање на ДДВ по основа на капитални инвестиции финансирани од донации и финансирање на одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на годината. Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на буџетот, предвидени се и средства за финанисрање на непредвидените трошоци во текот на фискалната годината.

Основни цели на оваа програма се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на РМ, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат, навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 820.854 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Функциите утврдени со закон ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Царинската управа на Република Македонија во текот на 2007 година во насока на заштита на граѓаните и македонската економија од шверц на забранета стока и од економски криминал, ги реализираше следниве активности: борба против недозволена трговија со дрога, зголемена е наплата на царинските давачки, спроведена е IT подршка за следење на банкарски гаранции и електронско книжење на декларации и зајакната е контролата на граничните премини.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети на Царинската управа за 2008 година се: зголемена пресметка и наплата на увозни и извозни давачки, побрз проток на стока и патници и забрзување на царинските постапки, обезбедување на заштита

на границите од недозволена трговија со нуклеарни и радиоактивни материјали, имплементација на Проектот за едношалтерски систем и контрола при единствено застанување во Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 882
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 533

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на Царинската управа за 2008 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените функции на Царинската управа на територијата на Република Македонија. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

09004 БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.786.704 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за стоковни резерви управува со користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Носител е на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија, се грижи за пополнетоста и за користењето на стоковните резерви согласно со закон. Бирото за стоковни резерви е орган во состав на Министерството за финансии и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за стоковните резерви.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година е завршена продажбата на: пченка пченица, тутун, извршена е замена на моторен бензин МБ-96 премиум со екстра лесно масло за горење ЕЛ, реализирана е набавка на: јачмен, нафтени деривати, спроведени се редовни и вонредни контроли на стоковните резерви, како и други работи од делокругот на Бирото. Отстапено е правото на користење на силоси за жито во Прилеп на ЈП Агроберза Скопје и правото на користење на магацин во Тетово на Царинската управа на Република Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приритетите и целите на Бирото за стоковни резерви за 2008 година, се следниве: дополнување на стоковните резерви на нафтени деривати согласно со преземените обврски со Прашалникот на ЕУ и Директивите на ЕУ, навремено спроведување на јавни набавки за набавка на стоки и услуги заради навремено обновување на стоковните резерви.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 26

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на Бирото за стокови резерви за 2008 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените функции на Бирото за стокови резерви. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.074.109 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Управата за јавни приходи во текот на 2007 година ја зголеми наплатата на јавните приходи и оствари намалување на даночната евазија како резултат на зголемениот број на инспекциски контроли и екипирање на инспекцијата во рамките на канцеларијата за големи даночни обврзници и значително зголемениот број на редовни контроли во однос на системот за регистрирање на готовинските плаќања-фискализација.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Управата за јавни приходи ќе преземе активности за зголемување на наплата на јавните приходи, подигање на нивото на доброволно исполнување на даночните обврски од страна на даночните обврзници, развој на професионализмот кај човечките ресурси.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 1.236
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 494

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Управата за јавни приходи за 2008 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за реализација на утврдување и наплата на даноците и на други видови јавни приходи во согласност со законските прописи. Основни цели на оваа програма се: зголемување на степенот на наплата на јавните давачки, следење и анализа на наплатата на јавните давачки, подигање на свеста на даночните обврзници за доброволно плаќање на даночните обврски.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Наплата на јавни приходи заради финансирање на јавните расходи: 314,01 илјади денари

09006- УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 32.003 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Надлежен е за спроведување финансиска контрола, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на примената на даночните, царинските и други прописи.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство за кривични дела: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни и други измами на штета на имотот на Република Македонија, корупција и

злоупотреби, неплаќање на други јавни давачки пропишани со закон. Во текот на 2007 година поднесени се вкупно 35 кривични пријави и е утврдена сторена штета врз Буџетот на Република Македонија во вкупен износ од 749.406.959,50 денари.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритети и цели на Управата за финансиска полиција во 2008 година се следните: зајакнување и прецизирање на системот на мерки кои се преземаат за откривање и спречување на организираниот финансиски криминал, зголемување на ефикасноста на државните органи надлежни за откривање и гонење на криминалот, откривање финансиски криминал даночно затајување, перење пари и други казниви дела, даночни и други измами, корупција и злоупотреби, неплаќање на други јавни давачки пропишани со закон, откривање случаи кога постои сомневање за склучени договори спротивно на закон или друг пропис, на штета на Република Македонија, спроведување постапка за утврдување потекло на имот и парични средства.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Управата за финансиска полиција за 2008 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените надлежности на Управата за финансиска полиција. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.135.539 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија ги извршува следниве задачи, обврски и активности: креирање на индустриска политика и спроведување на структурни реформи; создавање услови за зголемување на извозот преку мултилатерална, билатерална соработка и извозна промоција; подобрување на бизнис климата; поттикнување на инвестициите; зголемување на конкурентноста; предлагање и извршување на политики и основање институции за развој на претприемништвото; предлагање и извршување на политика за развој и промоција на туризмот; создавање услови за зајакнување на конкуренцијата на енергетскиот пазар и одржливост во снабдувањето со енергија; воспоставување систем за ефикасно искористување на минералните суровини; соработка со бизнис секторот и соработка со невладиниот сектор. Цел на Министерството за економија е создавање услови за забрзан економски раст и успешна економска интеграција на Република Македонија во ЕУ и евроатлантските структури, како зголемување на благосостојбата на граѓаните на Република Македонија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година е започнат процесот за креирање на производна индустриска политика како единствен рамковен документ со конкретни мерки за подобрување на конкурентноста и развој на индустријата. Продолжен е процесот на имплементација на националната програма за реструктуирање на челичната индустрија. Изработени се: ревидирана Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија (2002-2013), Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010), Стратегија за развој на текстилната индустрија, Програма за потикнување на инвестиции во Република Македонија 2007-2010. Реализиран е процесот на стручни реформи во секторот претпријатија заради разрешување на неповолните состојби на претпријатијата со потешкотии во работењето и нивно

прилагодување на пазарни услови. Преземени се активности за довршување на процесот на приватизација. Според процедурата на Светската банка изработени се проектни документи за реализација на ГЕФ проектот. Донесени се повеќе закони, правилници и други подзаконски акти. Потпишана е Трипартитна конвенција за Проектот АМБО.

Транспонирани се директивите за техничките прописи во повеќе правилници согласно со Законот за безбедност на производите. Извршена е едукација на потрошувачите за нивните права, како и запознавање на трговците со нивните права и обврски и начинот на заштита на економските интереси преку организирани советувања и работилници од страна на Министерството за економија и надлежните државни органи и институции во кои активно учествуваше и невладиниот сектор. Во Лабораторискиот центар инсталирана е метеоролошка и друга опрема, започната е калибрација во четири лабаратории. Се води Регистар за упис на сертификати за мерила од странско потекло. Изработена е стратегија за геолошки истражувања и одржлива експлоатација на минерални суровини. Доделени се 22 концесии за експлоатација на минерални суровини и 4 концесии за детални геолошки истражувања. Усвоени се повеќе меѓународни и европски стандарди и стандардизациски документи како македонски. Извршени се постапки за акредитација. Во тек е реализација на проектот за развивање на индустриска Стратегија поддржан од БЕРИС. Изработена е банцхмаркинг студија за улогата на индустриската политика, процесот на креирање и имплементирање, а предвидено е да се направи студија и развие систем за мерење на индикатори за конкурентност и стратегија за индустриска политика. Започнати се активности за поддршка на формирање на кластери. Приватизацијата на државниот капитал во 2007 година продолжува согласно со Програмата на Владата на Република Македонија. Објавени се јавни повици за продажба на "ЕМО" АД – Охрид, "ОХИС" АД – Скопје, "Ремонт" – Скопје, "Фабрика за шински возила" – Велес, девет радиостаници. Реализиран е Проектот субвенции за првите 500 купувачи на термални соларни колекторски системи со Норвешка донација, во тек е изготвување на Студија за искористување на потенцијалите на ветерната енергија во Република Македонија со цел да се дефинираат локациите во Република Македонија на кои има доволно ветер и е економски оправдана изградбата на ветерни електрани.

Проектот "Соларни загревачи на вода" се рализира со грант, средства обезбедени од Австриската влада. Министерството за економија во текот на 2007 година објави меѓународен јавен оглас за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од 60 мали хидроелектрични централи. Објавен е меѓународен јавен конкурс за пројавување на интерес за учество во постапката за претквалификација за изградба на две хидроелектрични централи на Црна Река, меѓународен јавен конкурс за пројавување интерес за претквалификација за доделување на концесија за изградба на ХЕЦ "Бошков мост".

Значајна активност во 2007 година е претседавање на Република Македонија со ЦЕФТА во 2007 година и организирање на четири обврзителни состаноци.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за економија за 2008 година се: реализирање на промоции заради зголемување на странските директни инвестиции, туристичкиот промет, префрлување на геолошката документација во дигитална форма, унифицирање и изработка на геолошки карти (подлоги) и нивно издавање, зголемено интензивирање на искористувањето на минералните ресурси, уредување на технолошки индустриски развојни зони, изготвување на Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија, електрификација на неелектрифицирани села, поддршка на развојот на мали и

средни претпријатија, преземање на активности за заштита на потрошувачите. Исто така се планира реализација на: Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2007-2010 година, ГЕФ Проектот, финализирање на процесот на приватизација, рационално искористување на сите видови енергија, зголемување на енергетската ефикасност, зголемено учество на обновливи енергетски извори во енергетските биланси, посебно во делот на производство на електрична енергија и создавање услови за оддржлив енергетски развој, отпочнување на калибрација во останатите лаборатории. Ажурирање на Регистарот за упис на сертификати за мерила од странско потекло и негово објавување на интернет страницата на Бирото за метрологија. Зголемување на ефикасноста во имплементација на законските прописи од надлежност на министерството и донесување на потребните подзаконски акти. Современ пристап до геолошките податоци на Република Македонија. Имплементација на националната стратегија. Забрзување на процесот на усвојување на европските стандарди како македонски, обезбедување на достапност на интегрираните верзии на македонските стандарди, промовирање на примената на стандардите. Представување на интересите на македонската национална стандардизација во меѓународните и европските организации за стандардизација.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 444
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.180

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 1 - Администрација. Оваа програма вклучува активности кои ги поддржуваат останатите активности во Министерството за економија. Во рамките на оваа програма ќе се реализираат активностите за преземање на мерки и активности за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија, помош во прилагодувањето на претпријатијата кои имаат тешкотии во работењето и нивно приспособување на пазарните услови на работење, поддршка на претпријатијата при воведување на ИСО и ХАСАП стандардите, надзор на пазарот, заштита на потрошувачите и нормативно-администра-тивната поддршка за државната помош и индустриска сопственост, активности за елиминирање на незаконското работење, потрошувачите и интелектуалните права. Во рамките на програмата се планираат активности за развојот на туризмот, потпишување на билатерални спогодби за соработка во областа на туризмот и обука на кадри од туризмот. Во рамките на оваа програма се извршуваат следниве активности: се преземаат мерки и активности за усогласување на домашната регулатива со меѓународната регулатива, во согласност на стандардите на ЕУ и барањата на СТО, учествува во склучување на договори за слободна трговија и договори за трговско-економска соработка, ја следи имплементацијата на договорите, ја следи работата и активно учествува во СТО, Пактот за стабилност на земјите од ЈИЕ, институциите на ООН и другите меѓународни институции, ги следи надворешно-трговските текови, предлага мерки за олеснување на трговијата за натамошна либерализација на увозот и извозот, заштитни мерки од зголемен субвенциониран увоз, го регулира увозот и извозот на стоки во согласност со меѓународни конвенции и договори.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на работилници и советувања за спроведување на политиката за заштита на потрошувачите во Република Македонија: 20
Програма 3 - Развој на енергетиката. Програмата Развој на енергетиката опфаќа креирање на енергетската политика, изготвување на законска, развојна и инвестициона документација, актуелност на податоци, биланси, водење на проекти одобрени од буџетот или странски донации и грантови, мониторинг на

изведени проекти, промоција и едукација на современи/актуелни теми. Цели на програмата се: реформа на енергетскиот сектор; формирање на отворени пазари на електрична енергија и природен гас и нивно вклучување во внатрешниот пазар на енергијата на ЕУ; продолжување на векот на експлоатација на енергетските ресурси и зголемено учество на обновливи енергетски извори (ОЕИ) во енергетските биланси, посебно во делот на производството на електрична енергија и создавање услови за одржлив енергетски развој.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани проекти во областа на енергетиката: 8

Програма 5 - Искористување на природните ресурси. Во рамките на оваа програма се извршуваат следниве активности: се изготвуваат законски и подзаконски акти и прописи кои ги регулираат дејностите во областа на минералните суровини; иницира, организира и координира изготвување на стратегии, програми, планови и проекти за развој на геологијата и рударството. Основни цели се: средување на геолошката документација на Република Македонија во ГИС и унифицирање на геолошки подлоги и нивно издавање; следење на експлоатацијата на минералните суровини.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализани геолошки истражувања: 14

Програма 7-Стандардизација и Акредитација. Во оваа програма се планираат активностите на Институтот за стандардизација и Институтот за акредитација. Во рамките на Институтот за стандардизација на Република Македонија се извршуваат следниве активности: подготвување, усвојување, издавање и повлекување на македонските стандарди; информирање од областа на македонската, регионалната и меѓународната стандардизација; промовирање на употребата на македонските национални стандарди; претставување на интересите на македонските национални стандарди во меѓународните и европските организации за стандардизација и спроведување постапка за нотифицирање во областа на стандардите, техничките прописи и процедури за оцена на сообразноста, согласно со Договорот за техничките бариери во трговијата на Светската трговска организација.
Во Институтот за акредитација се спроведуваат активности за воспоставување и одржување на систем на акредитација во Република Македонија согласно стандардот ИСО/ИЕЦ 17011, обука на домашни оценувачи, учество во работата на меѓународните и европските организации од областа на акредитацијата и соработка со релевантни институции од регионот.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на усвоени стандарди: 1.900

10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 215.100 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за странски инвестиции согласно со Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 37/2004) е самостоен орган со својство на правно лице. Основна цел е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции со кои се поттикнува економскиот развој на Република Македонија преку професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните

добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, во електронски и печатени медиуми, промовирање на регионите на Република Македонија, поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, обезбедување услуги на инвеститорите и други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година во досегашниот период се реализираше промотивната кампања "INVEST IN MACEDONIA", изработени се промотивни материјали, реализирани се промоции и презентации во странство, преземени се активности за градење на имиџ на земјата како атрактивна дестинација, реализирани се активности за ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција и привлекување на странски директни инвестиции, спроведени се активности за промоција на регионите на земјата, изработени се секторски студии за областите во кои Република Македонија е компетитивна во споредба со земјите од регионот, започнати се 20 проекти за привлекување на странски инвестиции, извршени се обуки на 5 економски промотори кои од 01 јануари2008 година ќе вршат промоција во 30 земји.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во 2008 година Агенцијата за странски инвестиции ќе ја имплементира Стратегијата за промоции на Агенцијата, ќе продолжи со ефективна промоција и сервисирање на потенцијаните инвеститори, продолжува со активностите за реализација на промоција на инвестициони можности на земјата во светот преку директен пристап до потенцијалните инвеститори со ангажирање на дополнителни шест економски промотори и со учество на меѓународни саеми и конференции од областа на инвестициите, ќе продолжи реализација на кампањата "INVEST IN MACEDONIA" која ќе цели кон градење на имиџ на земјата како атрактивна дестинација, активности за промоција на регионите на земјата, изработка на промотивни материјали и нови секторски анализи, и зголемување на инвестиционият прилив и одржување на истиот.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Агенцијата за странски инвестиции за 2008 година е предвидена една програма, објаснета во делот на владините програми Д-Економски развој.

11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

ВКУПЕН БУЏЕТ: 50.008 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост согласно со Законот за индустриска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006) е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Основна цел е спроведување постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост, промовирање на заштитата на индустриската сопственост и други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година зголемена е ефикасноста за 10% во спроведување на административната постапка. Воспоставена е поефикасна соработка со Светската организација за интелектуална сопственост. Извршено е

намалување на цената за добивање на извештај за состојбата на техниката и потполно испитување на македонските пријави на патенти со склучување Договорот за соработка со Унгарскиот завод за патенти и извршено е намалување на Тарифата на Државниот завод за индустриска сопственост за 50%. Преземени се активности за подобрување на нивото на заштита на индустирската сопственост како услов за исполнување на обврските од спогодбата за стабилизација и асоцијација.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државниот завод за индустриска сопственост за 2008 година се: унапредување на правната рамка за заштита на индустриската сопственост, зголемување на ефикасноста во спроведување на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост, создавање услови за интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост, обезбедување координиран пристап во спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост, јакнење на системот на заштита на индустриската сопственост промовирање на значењето на индустриската сопственост и поттикнување на користењето на индустриската сопственост како основ за економски развој.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 31
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.502

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Државниот завод за индустриска сопственост за 2008 година е планирана една буџетска програма која ги вклучува активностите на Државниот завод за индустриска сопственост и сите стручно-административни работи чии основни цели се успешна реализација на законските функции и утврдените приоритети за 2008 година.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост: 6.850

12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 454.868 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина, заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување, заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области, реставрацијата на загадените делови од животната средина, предлагањето мерки за третман на цврст отпад, просторното планирање, просторниот информативен систем, надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Министерството за животна средина и просторно планирање во 2007 година воспостави информативен систем за мониторинг на квалитетот на водите,

воздухот и цврстиот, радиоактивниот и медицинскиот отпад, реализирано е приоритетно пошумување на голините и урбаните средини на површина од најмалку 2.500 ха/год, изработен е катастар за животна средина, формирана е национална мониторинг-мрежа, изработени се проекти од областа на управувањето со загадувањето и природните ресурси, продолжи одржувањето на Автоматски мониторинг-станици на р. Вардар и финансирање на ЛЕАП-ите на седум општини (Ранковци, Кратово, Кисела Вода, Василево, Македонски Брод, Аеродром, Сарај), изработена е Студија за процена на состојбите во градот Велес, потпишани се меморандуми за соработка кои претставуваат основа за трансфер на технологии и реализација на проекти за гасификација на домаќинствата и примена на природен гас како еколошки енергенс во индустријата, усвоена е Национална програма за следење на состојбите и управување со податоци за животната средина, реализирана е Програма за подигнување на јавната свест за животната средина, реализирани се повеќе кампањи за заштита на животната средина и подигање на јавната свест. Во рамките на Проектот (CARDS 2004), спроведени се Кампањи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето и оцена на влијанието врз животната средина.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2008 година се следниве: успешна имплементација на законите за животна средина, подготовка на студии, како основа за донесување просторни планови за подрачја и локалитети; донесување на закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, поддршка на стопанскиот сектор и индустријата во постигнување на стандардите кои ги наметнуваат директивите на ЕУ и новите закони, увид на состојбите во животната средина, заштита на водите на ниво на сливни подрачја со реализација на Програмата за води и странски инвестициони вложувања (Швајцарија, KfW i EU/CARDS Програмата) со реконструкција/изградба на водоводи, канализациони мрежи, колектори, фабрики за води, водозафати и пречистителни станици, санација на корита на реки и др., збогатување на мрежата на мониторинг станици за следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот и системот за трансфер на податоци, информирање на јавноста и јакнење на свеста за заштита на животната средина.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 114
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 793

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Со буџетот на Министерстовото за 2008 година се планирани следните буџетски програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат поддршка на извршувањето на основните функции на Министерството и ја поддржуваат имплементацијата на новите закони и подзаконски акти од областа на животната средина, со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на предвидените активности.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на денови на вработените поминати на обуки: 50

Програма 2 - Заштита на животната средина. Оваа програма вклучува активности базирани на стратешките програмски активности кои се однесуваат на

реализација на проекти, интерсекторска соработка и имплементација на меѓународни документи ратификувани од страна на Република Македонија. Приоритетни активности и цели се мониторинг на: квалитетот на компонентите на животната средина, изготвување студии и проекти за управување со цврст отпад, елаборати за прогласување, односно управување со заштита на природното наследство и подигање на јавната свест за значењето на здравата животна средина и сочуваното природно наследство за идниот одржлив развој на Република Македонија, изготвување на законски проекти за заштита на основните компоненти на животната средина и на природата, активности за санирање на жешки еколошки точки: рекултивација на браната на хидројаловиштето Топилница во Бучим, реализација на Проектот на старо хидројаловиште РОЦ Злетово Пробиштип, санација на комплексот на флотација - рудникот Лојане, стабилизација и рекултивација на депонија ЕФП Осломеј, чистење на депонии.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на финансиски проекти: 250

Програма 3 - Просторни планови. *А*ктивностите во оваа програма се однесуваат на работите поврзани со просторното планирање, односно изготвување и спроведување на Просторниот план на Република Македонија и другите просторни планови, со цел да се реализира целосна покриеност на територијата на Републиката со просторни планови.
АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на финансиски планови: 2

Програма 4 - Мониторинг. Програмата за мониторинг на животната средина со лабораторија, опфаќа активности за мониторинг на: амбиентен воздух и одржување на оформената инфраструктура, реките и подземните води и одржување на изградената инфраструктура и вградената опрема, трите природни езера, на природните живеалишта и биолошките заедници, собирање и трансфер на податоците од мониторингот и нивно објавување, идентификување на проблемите во животната средина.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на прекршочни норми за максимални дозволени концентрации: 400

13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.307.673 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за транспорт и врски како составен дел на Владата на Република Македонија ги уредува односите во сферата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Министерството за транспорт и врски во текот на 2007 година има изработено повеќе нормативни акти од областа на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, изврши трансформација на Македонски железници, ги распредели ЦЕМТ дозволи, изврши санација на пристаништата во Охрид и Св. Наум, спроведе постапка за избор на трет мобилен оператор, ја доврши изградбата на дел од автопатот Е 75 Неготино -Демир Капија, ја изврши

планираната реализација на програмата МЕАП (Акциона програма за унапредување на животната средина и општините), изгради водоснабдителни и канализациони системи во единиците на локалната самоуправа, продолжи со санациите на активните свлечишта во РМ, изврши реконструкција на повеќе мостови во соработка со НАТО, ги изработи предвидените урбанистички планови.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Министерството за транспорт и врски во текот на 2008 година ги планира следниве приоритетни активности: изработка на закони и подзаконски акти од областа на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и комуникациите, започнување со изградба на делницата од автопатот Е-75 Демир Капија-Смоквица, продолжување со санацијата на активните свлечишта, модернизација на железничката инфраструктура, продолжување со реконструкцијата на мостовите на автопатот Е-75 во соработка со НАТО, решавање на проблемот со водоснабдување со изградбата на нови водоводи и фекални канализации во ЕЛС, изработка на урбанистички планови на населените места, изградба на Северната трибина на Градскиот стадион.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 186
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.266

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2008 година планирани се следниве програми:

Програма 1-Администрација. Во рамките на оваа програма опфатени се активности кои се од општ интерес на Министерството, а кои обезбедуваат услови за ефикасно функционирање на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и комуникациите, во која се вклучени само општите режиски расходи. Оваа буџетска програма опфаќа административни активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско работење, планирање и развој, како и вршење на правни работи, со цел за обезбедување логистичка поддршка на сите останати програми на Министерството за транспорт и врски.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на објавени тендери за продажба на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија: 82

Програма 2- Сообраќај и комуникации. Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите во сферата на сообраќајот,телекомуникациите и внатрешната пловидба. Основните цели се: изработка на прописи од сферата на сообраќајот и електронските комуникации, контрола на примената на донесените прописи од областа на сообраќајот од страна на надлежниот инспекторат, регулирање и уредување на внатрешната езерска пловидба, регулирање и уредување на воздушниот и железничкиот сообраќај, издавање на ЦЕМТ и обични транспортни дозволи, воведување на нов оператор во фиксната телефонија, продлабочување на каналот Билјанини извори.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на распределени ЦЕМТ дозволи: 1.000

Програма 3-Урбанизам и градежништво. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности во сферата на урбанизмот, градежништвото и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија. Основните цели за 2008 година се насочени кон подобрување на

водоснабдувањето во населените места во ЕЛС и снабдување со здрава вода за пиење, доизградба на автопатот Е-75, санација на активните свлечишта и мостовите во соработка со НАТО, изработка на урбанистички планови за населените места, како и извршување на контроли за почитување на урбанистичките планови од страна на Државниот инспекторат.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на проекти за изградба на водоводи и фекални канализации во Република Македонија: 40

13002 АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 930.020 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во делокругот на Агенцијата за цивилно воздухопловство е обезбедувањето на безбедно одвивање на воздушната пловидба, контролата на летање, метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба, одобрување на сите летови и прелети преку државната територија на Република Македонија, координација при употреба на воздушниот простор, вршење на инспекциски надзор во областа на безбедноста на цивилната воздушна пловидба, регистрација на воздухоплови, аеродроми и леталишта, активности поврзани со потрага и спасување, остварување и унапредување на меѓународната соработка како и развој во областа на цивилното воздухопловство.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Агенцијата за цивилно воздухопловство оствари зголемен обем на сообраќај, го реализираше планот на давање на услуги за слетување, ја ратификуваше спогодбата за ECAA (European Common Aviation Area), имплементираше голем дел од законската рагулатива на ЕУ.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основните приоритетни цели на Агенцијата за цивилно воздухопловство е поделба на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Давател на услуги (Прелети и приодна контрола) и Регулатор (кој ќе ги имплементира законските регулативи и ќе го контролира давателот на услуги), зголемување на безбедноста на авиосообраќајот преку имплементација на современи воздухопловни концепти во управувањето на воздушниот сообраќај, ефикасно законодавство и финализирање на процесот за раздвојување на регулаторот од провајдерот, како и зголемување на сообраќајот во воздушниот простор за 5 -7% и пораст од околу 10% кај терминалниот сообраќај.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 298
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 2.512

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 1- Администрација.Оваа буџетска програма опфаќа административни активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско сервисирање за потребите на Агенцијата, планирање и развој, како и вршење на правни работи од областа на домашното и меѓународното право, со цел за обезбедување логистичка поддршка на сите останати програми за постигнување на примарната цел - безбедност во сообраќајот.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Издадени дозволи за редовен и нередовен авионски сообраќај: 317

Програма 2 - Воздухопловна навигација. Оваа буџетска програма опфаќа активности од областа на воздухопловната навигација и подразбира сервисирање на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија, како и сервисирање на услугите за слетување и осветлување со цел пораст на безбедноста во сообраќајот, согласно со стандардите и регулативите на меѓународните организации.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Остварени летови: 130.334

Програма 3 - Метео и воздухопловни информации. Програмата ги опфаќа активностите на институцијата во врска со метео и воздухопловните информации, прогнози, мерења и нејзината дејност се однесува на давање на услуги во областа на воздухопловната метеорологија за прелет, за слетување и за полетување; давање на услуги за публикување на сите информации кои се потребни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај, кои придонесуваат за остварување на повисока безбедност во воздушниот сообраќај.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Издадени билтени за генерална, комерцијална, воена авијација и за прелети: 91.000

Програма 4 - Воздухопловна техника. Програмата реализира активности во областа на воздухопловната техника за одржување на вкупните системи (земски радионавигациски системи, информатички системи, радарска техника, комуникациски и метеоролошки системи, енергетски системи, мототехнички системи и техничко одржување), на системот за автоматска обработка на податоците, комуникации и навигации и на системот за непрекинато напојување.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Одржување на CNS (Communication, Navigation and Survaliance) уреди: 221

Програма 5 - Безбедност, воздухопловна едукација и медицина. Оваа буџетска програма опфаќа активности во областа на безбедноста, воздухопловна едукација и медицина, програми, испити и дозволи, пловидбеност и регистар, воздухопловни стандарди и регулативи, пребарување и спасување непосредно поврзани со: безбедноста во одвивањето на воздушниот сообраќај; инспекциски надзор во воздушниот сообраќај и проверка на здравствената состојба на воздухопловниот персонал.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Извршени безбедносни (security) инспекции: 14

14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ВКУПЕН БУЏЕТ: 3.123.929 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која донесува и спроведува политики од областа на земјоделството,

шумарството, водостопанството и руралниот развој и сродните области како безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна заштита и врши следење и процена на ефектите од спроведувањето на политиките во областите од негова надлежност.

Министерството презема мерки и извршува активности поврзани со: користење на природните ресурси: земјоделско земјиште, шуми, пасишта и води на еколошки одржлив начин; зголемување на ефикасноста на полјоделското и сточарското земјоделско производство, преработка и маркетинг; обезбедување оддржлив развој на руралните средини; унапредување на ловството и риболовот; обезбедување заштита на здравјето на растенијата и животните; мониторинг и инспекциски надзор во областите од надлежност на Министерството, како и други активности пропишани со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година беа реализирани мерките за директна поддршка со администрирање на околу 43.000 апликации; спроведени се активности од Програмата за рурален развој како подготовка во користење на средствата од претпристапните фондови на ЕУ. Реализирани се обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, подготовена е Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и Акциониот план за европско партнерство. Изготвени се повеќе работни текстови на законски регулативи од областа на земјоделството. Подготвена и усвоена е Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013, ратификуван е Договорот за изменување и пристапување кон ЦЕФТА - ЦЕФТА 2006 од страна на Собранието на РМ, основана е АД за промоција и откуп на вишоци на земјоделски производи, реформирано е ЈП Агроберза кое е во тек на изградба на капацитети за складирање, разладување и градирање на земјоделски производи и обезбеден е проектен пакет за инстиуционални реформи поддржан од проект-заем од Светската банка. Формиран е Агро-прехранбен совет за консултирање на Владата со релевантните учесници во секторот, остварени се активности за средување на евиденцијата на државно земјоделско земјиште, извршена е ревизија на сите постапки за доделување на земјоделско земјиште во државна сопственост и санкционирање на незаконските постапки и интензивиран е процесот на распределба на расположливото неискористено државно земјоделско земјиште. Со цел за создавање на услови за користење на одобрените средства од ИПАРД предпристапните фондови на ЕУ, реализирани се подсекторски студии за дефинираните подсектори, одредени се ИПАРД мерките како дел од ИПАРД програмата 2007-2009 одобрени од Владата и прифатени од ЕУ. Спроведени се две акции за чистење на каналите со кои беа опфатени околу 243 км на канали и речни корита за спречување или намалување на штетите од поплавите во повеќе региони во земјата, извршена е доградба и проширување на системи за наводнување, формирање на нови водостопанства и водни заедници и се изградени водоводи и канализации. Објавен е нов конкурс за вршење на ветеринарно здравствена дејност од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните и избрани се ветеринарни друштва кои ќе го извршуваат истото и се спороведени Програмата за здравствената заштита на животните и Програмата за проширена репродукција на шумите за 2007 година.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Согласно со Програмата за работа на Владата на Република Македонија и обврските преземени од процесот на пристапување на земјата во ЕУ, во 2008 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги планира следниве активности: усогласување на законската регулатива со регулативите на ЕУ, почитување на обврските преземени со членството во СТО и имплементирање на ССА според динамиката предвидена

во НПАА. Создавање на почетни услови за поставување на функционален пазар на земјиште за промена на неповолната земјишна структура и регулирање на сопственоста. Од институционален аспект ќе започнат активностите за поставување на систем за регистрирање и идентификација на земјишните парцели согласно со праксите на европскиот интегриран систем за администрација и контрола. Исто така се планира дефинирање на пофокусирани мерки на директна поддршка на земјоделството за 2008 година, според компаративната предност на конкурентните домашни производи и согласно со здобиените сознанија од пописот за земјоделство за структурата на секторот, поддршка на модернизирањето и реструктуирањето на земјоделските стопанства во однос на големината на фармите и прилагодување на производството според барањата на пазарот, преку подобрување на понудата и пристапот кон руралните кредити со функционирање на новиот инструмент за рурално кредитирање - ЗКДФ и преку имплементација на инвестиционите мерки за рурален развој, поизбалансиран регионален развој кој ќе се оствари со реализација на Мерката 3 од ИПАРД Програмата за диверзификација на економски активности во руралните средини и мерките за рурална инфрастуктура од Националната програма за рурален развој, зајакнување и подобрување на врските мегу учесниците во пазарниот ланец на земјоделско-прехранбени производи со промовирање на организирана соработка меѓу производителите и преработувачите, јавно-приватни инвестиции во пост-бербени активности преку трансформација на ЈП Агроберза и промоција на здружувањето на земјоделските производители, држливо стопанисување со шумите и дивечот и надминување на последиците од пожарите во 2007 година, запазување на економските, социјалните и еколошките функции на шумите во Република Македонија согласно со Стратегијата за шуми, реализација на предвидените капитални проекти и одржливо управување со водите, обезбедување на достапност на доволни количества квалитетна вода, намалување на последиците од штетно дејство на водата и од недостиг на вода и заштита и зачувување на водите согласно со интегралниот пристап во управувањето со водите, обезбедување на потребните стандарди за заштита на здравјето на граѓаните и животните преку активностите на ветеринарните и фитосанитарните служби во состав на Министерството.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 484
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 35.914

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Министерството за 2008 година се планирани шест буџетски програми и тоа:

Програма 1 – Администрација . Оваа програма вклучува активности поврзани со: реализација на општите административни работи, ревизија на националната регулатива, водење на управни и судски постапки, усогласување на законската регулатива со регулативите на ЕУ, подготвување на општи акти на Министерството, протоколи, договори и други акти, менаџмент со човечки ресурси и водење на персоналната евиденција на вработените, навремено информирање на јавноста за политиката и активностите на министерството и спроведување на внатрешната ревизија. Тука се вклучени и активностите за координација на евроинтегративните процеси на земјоделскиот сектор, координација на странската помош и меѓународната соработка и земјоделската трговска политика и воспоставување на Земјоделски информативен систем (ЗИС).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на донесени законски и подзаконски акти согласно со НПАА: 102

Програма 2 - Шумарство. Во рамките на оваа програма се вршат активности за обезбедување на законска, институционална и економска рамка за одржливо стопанисување со шумите и дивечот преку рационално користење на шумите, другите шумски производи и општокорисните функции на шумите со што ќе се одржува нивната продуктивност, капацитет и потенцијал и ефикасно чување на шумите во државна и приватна сопственост од бесправни сечи и шумски кражби. Целите на оваа програма е да се обезбеди трајност во стопанисувањето и управувањето со шумските ресурси во државна и приватна сопственост и развој на ловството во Република Македонија и доследно спроведување на прописите од Законот за шумите, Законот за ловството, Законот за семе и саден материјал, Законот за заштита на растенијата од болести и штетници, од ЈП "Македонски шуми", од претпријатијата што вршат одгледување и заштита на шумите со посебна намена, од претпријатијата што се занимаваат со шумско расадничко производство, од ловните друштва, од здруженијата на ловци и другите субјекти кои користат дивеч во ловиштата и претпријатијата што се занимаваат со промет и преработка на дрво.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на потпишани договори со правни лица за реализација на активностите за пошумување и заштита на шуми: 5

Програма 3 – Земјоделство и рурален развој. Оваа буџетска програма вклучува активности за прилагодување на домашното законодавство со легислативата на ЕУ, дефинирање на мерките за финансиска поддршка на земјоделското производство со цел за подобрување на приходот на земјоделските производители и намалување на руралната невработеност и сиромаштија, обезбедување на стабилно производство на квалитетна храна по пристапна цена за потрошувачите и обезбедување на прехранбена сигурност на населението, подобрување на вредноста на земјоделското производство, зајакнување на генетската база за растителното и сточарското производство, воведување ефикасен систем за евиденција на земјоделското земјиште, одржување и унапредување на систем за мониторинг и менаџмент за лозови насади и оптимална употреба на земјишните ресурси на еколошки одржлив начин.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на донесени програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој: 6

Програма 4 - Ветерина. Активностите на оваа програма се во насока на обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животните, спречување и контрола на појавата на болестите кај животните, посебно на тие болести кои се пренесуваат на луѓето (зоонози), благосостојбата на животните, како и законска поддршка за заштита на профитабилните пазари (особено на ЕУ) за извоз на месо, обезбедување на здравствена и хигиенска исправност на храната од животинско потекло и унапредување на животната средина и природата, заштита на луѓето и животните од заразни болести, обезбедување на достапност на сигурна храна од животинско потекло за луѓето, изготвување и усогласување на законодавството со тоа што го бара ЕУ и СТО и употреба на ефикасни квалитетни и безбедни ветеринарно - медицински препарати, обезбедување на производство, промет и употреба на безбедна и квалитетна добиточна храна со цел за постигнување на висок степен на здравствена заштита на животните, луѓето и животната средина.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Процент на испитани говеда за бруцелоза и туберкулоза од вкупниот број на говеда кои се целна група за испитување: 80%

Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал. Оваа програма ги вклучува мерките и активностите согласно со Законот за здравје на растенијата, Законот за заштита на растенијата, Законот за семе и саден материјал и активностите на Фитосанитарната управа и Управата за семе и саден материјал. Преку овие активности треба да се постигне спречување на појава и ширење на растителни штетници, обезбедување на меѓународна трговска размена на здравствено исправни растенија и производи од растително потекло, обезбедување и употреба на екотоксиколошки, ефикасни производи за заштита на растенијата и обезбедување на земјоделски производи конкурентни за ЕУ и мегународниот пазар, имплементација на стандарди за вештачки ѓубрива, сертифицирање и контрола на семенскиот и садниот материјал од странско и домашно потекло согласно со стандардите и прописите на меѓународните организации од областа на семето и садниот материјал (ISTA, UPOV, OECD) и поддршка на производството на сертифициран и високоприносен семенски материјал. Во рамките на оваа програма се врши спроведување на специјализирани лабораториски тестови на растенијата, растителните производи, дијагностика на штетни организми и други објекти и предмети, биолошки испитувања, испитувања на физичките и хемиските својства на производите за заштита на растенијата (пестицидите).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени лабораториски фитопатолошки, квалитативни и хемиски анализи за следење на растителни штетни организми: 450

Програма 6 - Водостопанство. Оваа програма вклучува активности за непосредно извршување на законските и други прописи и општи акти во областа на водостопанството, заради прилагодување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, одржливо управување и користење на водните ресурси, обезбедување на доволни количества на квалитетна вода и намалување на последиците од недостигот на вода, заштита и намалување на последиците од штетното дејство на водата, заштита и зачувување на водите и намалување на сиромаштијата и ревитализација на селата.

Во рамките на програмата се планира реализација на следниве капитални проекти:
- *Хидросистем Злетовица*, кој опфаќа изградба на браната "Кнежево" и доводните цевководи за водоснабдување на Штип и Свети Николе. Со реализацијата на овој проект ќе се обезбеди вода за водоснабдување на над 100.000 жители во општините Штип, Пробиштип, Кратово, Свети Николе, Лозово и Карбинци и наводнување на 3.000 ха земјоделско земјиште;
- *Хидросистем Лисиче,* кој е повеќенаменски објект и ќе се користи за водоснабдување на населението во градот Велес, водоснабдување на околните села што гравитираат на системот, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на 4.100 ха плодна земјоделска површина, ревитализација на езерото Младост, обезбедување на билошки минимум на реката "Тополка" и за подобрување на микроклимата во регионот. Завршена е првата фаза од изградбата на ХС Лисиче и истиот е пуштен во употреба во 2007 година. Во текот на 2008 година треба да се изгради доводен канал на река Врановска во акумулација Лисиче и да се изгради кракот за поврзување на ХС Лисиче со акумулација Отовица.
- *Наводнување на јужновардарската долина*, со кој се опфатени активности за рехабилитација, модернизација и/или проширување на постојаните системи за наводнување во Миравци, Кованци, Негорци/Прдејци, Гевгелија, Грчиште и Паљурци и

- *Регулација на водни текови на реката Вардар*, ги опфаќа активностите за развој на земјоделството преку одржување на постојната мрежа за наводнување и обновување на запуштените капацитети по текот на реката Вардар.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Должина на реконструирани, изградени и исчистени канали за наводнување и одводнување: 140 км

14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

ВКУПЕН БУЏЕТ: 74.500 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола е одговорна за давање на стручна помош на индивидуалните земјоделски производители со цел за зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и негова поголема искористеност, преку примена на соодветни мерки во процесот на земјоделското производство со практична имплементација на научните и техничките сознанија.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година се изврши трансформацијата на поранашните индивидуални центри за развој во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и се создаде основа за квалитетна советодавна услуга во земјоделството. Реформите овозможија развој и имплементација на ФАДН во Република Македонија и истата е поддржана во НПАА, изготвен е Закон за воспоставување на ФАДН во Република Македонија. Агенцијата во рамките на своите надлежности вршеше активности за развој на техничко економски советодавни услуги на индивидуалните земјоделски производители и нивна реализација на терен; подржана е реализацијата на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Како основни приоритети за 2008 година се следниве активности: развој на квалитетна советодавна услуга и нејзина имплементација на терен; функционирање на системот за мерливост на квалитет и квантитет од спроведени советодавни услуги кај ИЗП; овозможување на флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство и во руралните области и одржување континуитет на системот за мониторинг на фарма - ФАДН.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 132
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 564

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Агенцијата за 2008 година се предвидени шест буџетски програми:
Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги вклучува активностите и трошоците на правната служба, сметководството, АОП и останатите режиски трошоци, преку кои се обезбедува непречен проток на информации и документација, одржување и надградба на информацискиот систем, поддршка на базата на податоци за индивидуалните земјоделски производители и реализација на Програмата за односи со јавноста и медиумите.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на Агенцијата: 20

Програма 2 - Совети. Во оваа програма се опфатени активностите за давање на советодавни услуги на терен кај фармерите и нивните здруженија, со што се постигнува зацврстување на професијата земјоделец, се едуцираат земјоделските производители по одделни области и се насочуваат кон планско производство, се дава поддршка во евидентирање на фарма - сметководство на фарма, се информираат фармерите, се имплементираат нови научно-технички достигнувања на терен и слично.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број земјоделци кои добиваат совети: 4.000

Програма 3 - Поддршка. Во рамките на оваа програма се опфатени активностите кои произлегуваат од Годишната програма за поттикнување на развојот на земјоделството, преку соработка меѓу Агенцијата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на склучени договори за вршење на услуги со надлежните институции: 5

Програма 4 - Развој. Преку активностите кои се спроведуваат во рамките на оваа програма се овозможува директна комуникација меѓу Агенцијата и индивидуалните земјоделски производители со што се дава можност за директна имплементација на научните и стручните сознанија и на владините мерки на микро план.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на индентификувани проблеми на фарми: 60

Програма 5 - Изработка на техничко економски советодавни пакети за ИЗП.
Оваа програма ги опфаќа активностите околу изработката на таканаречените техничко - економски советодавни пакети - ТЕСП, заедно со сите придружни елементи кои се наменети за конкретни корисници, посебно за земјоделските производители кои во денешни услови тешко обезбедуваат самофинансирање.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изработени техничко економски советодавни пакети: 20

Програма 6 - Систем за мониторинг ги опфаќа расходите за прибирање, обработка и анализа на податоците за физичките и економските параметри од индивидуалните земјоделски производители (пазарно ориентираните и оние кои произведуваат за сопствени потреби), а кои преку шведската статистика се испраќаат во Брисел, седиштето на ФАДН.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на фарми за кои се изготвени извештаи во рамки на ФАДН: 450

14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 117.627 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за хидрометеоролошки работи е буџетска институција која извршува функции определени со Законот за вршење на хидрометеоролошки работи. Во делокругот на надлежностите на Управата спаѓа вршење на

хидролошки и метеоролошки работи кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси, противградобијната одбрана и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот и го координира нивното извршување.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во 2007 година е извршено предупредување за развојот и наидувањето на опасни и штетни хидролошки и метеоролошки појави; изградени се 18 хидролошки станици во рамките на Проектот "РИМСИС" од кои седум станици се опремени со најсофистицирана опрема за мерење и трансмисија на податоците од Управата; во рамките на Проектот "РИМСИС" инсталиран е швајцарскиот национален хидролошки софтвер со чија помош е изготвен првиот хидролошки годишник за 2002 година после повеќе од 15 години. Учествувано е во реализација на проектот "Мониторинг систем на реките во РМ" и проектот "Автоматски мониторинг станици за квалитет на водите на реката Вардар". Исто така, изготвени се и презентирани временски прогнози и најави за пристигнување на топлотни бранови и постоење опасности од пожари. Активирана е противградобијна одбрана во повеќе општини и земјоделски региони во Република Македонија; компјутерски се поврзани главните радарски центри Ѓуриште, Тополчани и Пожар меѓу себе и со центарот во Скопје и реализиран е проектот за модернизација на меѓународната мрежа за размена на метеоролошки податоци РМДЦН со нов систем за пренос (МПЛС).

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритети на Управата за хидрометеоролошки работи за 2008 година се прилагодување на хидролошкиот мониторинг систем кон законодавството на Европската унија, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата; изготвување на проекти и програми од областа на хидрометеоролошките истражувања и работи на примена на хидрологијата и метеорологијата за потребите на стопанството и интензивирање на меѓународната соработка и евроинтеграционите процеси во областа на хидрометеоролошката дејност; изработка на хидролошки подлоги за мали хидроелектрани (МХЕ); усовршување на методите за одбрана од поплави и воведување нови модели за прогнозирање и пропагација на поплавните бранови. Исто така се планира изработка на климатски и агрометеоролошки карти во ГИС технологија; инсталација на нов хардвер и софтвер за визуелизација на метеоролошките податоци, зголемување на обемот на земјоделските површини каде ќе се спроведува одбраната од град и воспоставување на стабилни телекомуникациски врски со сателитските системи на СМО.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 204
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 543

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Управата за хидрометеоролошки работи за 2008 година предвидува четири програми, и тоа:
Програма 1 - Администрација. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности кои ги поддржуваат другите програми на Управата со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на законските обврски на одделните програми во рамките на Управата и активностите на полето на

меѓународната соработка со цел за зголемување на степенот на комуникација и пристап кон сите европски асоцијации од областа на хидрометеоролошката дејност.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на спроведени процедури за јавни набавки: 60

Програма 2 - Хидрологија и анализа на природната средина. Оваа програма опфаќа активности кои се однесуваат на воспоставување, изградба и одржување на мрежа на хидролошки станици, хидролошки набљудувања и мерења на површинските и подземните води, воспоставување, изградба и функционирање на хидролошкиот телекомуникациски систем за собирање, размена и распределба на забележаните податоци и обработените информации, како и анализирање на хидролошката состојба, издавање прогнози и извештаи за водостоите на реките, езерата, вештачките акумулации, подземните води и сл. Во рамките на оваа програма се вршат редовни и систематски испитувања на квантитативните и квалитативните карактеристики на површинските води во државата, на квалитетот на воздухот на подрачјето на државата. Со реализација на овие активности треба да се добие глобална слика за состојбата со расположливите количини на вода и квалитетот на водите, степенот на чистотата на амбиенталниот воздух, загаденоста и трендот на загадувањето, а кои треба да помогнат во спроведувањето на планот и програмата за заштита на водите од загадување и на планот и програмата за заштита на воздухот од загадување.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на спроведени теренски активности за прибирање на хидролошки податоци: 10

Програма 3 - Метеорологија и анализа на прогнозата на времето. Оваа буџетска програма опфаќа активности кои се однесуваат на: воспоставување, изградба и одржување на мрежа на метеоролошки станици; метеоролошки набљудувања и мерења за потребите на временската прогноза, на климатологијата, агрометеорологијата и специјални метеоролошки набљудувања во мрежата на метеоролошките станици и основна обработка на забележаните податоци, висински (радиосондажни) мерења со цел за подобрување на начинот на изработка и презентација на временската прогноза. Спроведувањето на овие активности има за цел одржување на базата на климатските податоци; осовременување на програмскиот пакет за статистичката обработка на климатските податоци; автоматизација на метеорошкиот набљудувачки систем; усогласување на метеоролошките информации со правилата и прописите пропишани од страна на Светската метеоролошка организација.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изготвени временски прогнози за наредни три дена: 365

Програма 4 - Радарско следење и модификација на времето и информатика и телекомуникации. Оваа програма опфаќа активности за перманентно радарско набљудување за состојба на атмосферата; оперативно спроведување на одбрана од град на бранети земјоделски површини во Република Македонија преку главните и помошните радарски противградобијни центри; истражување на физичките основи на модификација на времето и климата и развој на методи за оперативно спроведување на заштита од град. Во рамките на оваа програма се и активностите околу користењето и одржувањето на информатичката технологија, телекомуникацискиот систем и радарските системи во функција на хидрометеоролошката дејност.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на хектари земјиште на кое се врши заштита од град: 620.000 хектари

14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.733.000 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за поддршка и развој на земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата согласно со Законот за основање на Агенцијата се авторизација на плаќањата, извршување на плаќањата и сметководство на плаќањата.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Агенцијата започна да функционира во јули 2006 година, како Одделение за прилагодување на институциите во економско-социјалната област во рамките на Секретаријатот за европски прашања. Законот за основање на Агенцијата беше донесен на 1 јуни 2007 година („Службен весник на РМ“ број 72/2007) со што се создаде правна основа за функционирање на Агенцијата. Во 2007 година беа спроведени обуки на вработените во следниве области: деловна комуникација, обука за управување со проектен циклус, обука за внатрешна ревизија, обука за функционирање на Платежна агенција, обука за човечки ресурси, Летна школа за европска јавна администрација во Република Македонија, Креативни индустрии итн.

Во поглед на исполнувањето на условите за добивање на акредитација од Европската комисија, во текот на 2007 година беа изработени правните акти за извршување на работите на Агенцијата во поглед на реализацијата на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој и меморандумите за соработка со други органи на државната управа. Воедно, беше извршена предакредитациска процена од страна на надворешни ревизори и врз основа на нивните препораки се изврши усогласување на правните акти.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Агенцијата во 2008 година ќе бидат насочени кон донесување на правните акти за извршување на работите на Агенцијата во поглед на реализација на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој и склучување на Меморандуми за соработка со други органи на државната управа. Агенцијата ќе работи на акредитација од страна на Националниот координатор за авторизација, акредитација од страна на Европската комисија, спроведување на годишниот план за обука за 2008 година, изработка на Стратегија за информирање, изработка на оперативен план за спроведување на Стратегијата за 2008 година, изработка на упатство за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој, организирање на најмалку 20 информативни настани, конференции за печатот и радио и телевизиски емисии, со цел за подигнување на свеста кај руралното население за можностите и добивките од користењето на средствата од ИПАРД фондот.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 50
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 660

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2008 година предвидува една програма:

Програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој заедно со клучните институции ќе ја спроведе Програмата за рурален развој 2006-2008 година во РМ, донесена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со поддршка на Проектот за структурни и правни реформи на Министерството. Општата цел на програмата е востановување на мерките за рурален развој во согласност со мерките и административните системи на ЕУ, поддршка на развојот во руралните области во согласност со постојните програми кон целните корисници заради подобрување на конкурентноста и одржливоста на земјоделството и руралните области, како и установување на потребните административни системи во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за управување со претпристапните фондови на ЕУ наменети за рурален развој.

15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ВКУПЕН БУЏЕТ: 482.347 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Клучните задачи, обврски и активности на Министерството, произлезени од законските надлежности се: креирање политики и активни мерки за вработување и заштита од долгорочна невработеност; изготвување на закони и подзаконски акти за работните односи, вработување, плати, надоместоци и додатоци на плата; изготвување и имплементирање на законски и подзаконски акти за родовата рамноправност; обезбедување на организациони и другите предуслови за работата на Економско социјалниот совет, развој и унапредување на социјалниот дијалог и социјалното партнерство на трипартитно и бипартитно ниво; унапредување на системот за пензиско инвалидското осигурување, и развој на капитално финасираните пензиски столбови и доброволното пензиско осигурување согласно со европските стандарди; надзор на законитоста во работењето на ФПИОМ и Агенцијата за супервизија, развивање и унапредување на системот за социјална политика, заштита и помош на социјално и материјално загрозени лица; лицата со посебни потреби, цивилните инвалиди, азиланти и бегалци и имплемнтација на законската регулатива за правата на учесниците во НОВ; воените инвалиди; припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства. Прашањата од областа на трудот, кои ги опфаќаат привремено невработените; системот на плати и животен стандард; колективните договори, социјалното договарање и преговарање и рамноправноста меѓу половите се решаваат во соработка со Државниот инспекторат за труд; Агенцијата за вработување; Сојузот на синдикатите на Македонија; Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување; меѓународни организации; УНДП; УСАИД; Светската банка и др; а правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенефиции се остварууваат во соработка со ФПИОМ, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и здруженијата на пензионери. Заштитата на правата на децата како дејност од јавен интерес, со која се обезбедуваат определени права (детски додаток, посебен додаток, помош за опрема за новороденче и партиципација) и помошта на социјално и материјално загрозени лица, на лицата со посебни потреби, цивилните инвалиди, азиланти и бегалци се остварува низ развој и унапредување на соодветните институции за социјална и детска заштита.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Министерството за труд и социјална политика постигна значајни резултати во процесот на усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ, особено во доменот на социјалната политика; подготвен е Предлог за донесување на закон за социјална заштита и социјална сигурност, Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, Закон за инвалидски организации; подготвени се: Национална стратегија за деинституционализација, Национална стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМакедонија, Националната стратегија за миграција на РМакедонија, Национална стратегија за семејно насилство, усвоен е Заеднички меморамдум за инклузија, изготвени се повеќе подзаконски акти: Правилник за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита: Дневен центар за деца на улица, Центар за жртви на семејно насилство, Дневен центар за лица кои злоупотребуваат и др. До септември 2007 година отворени се 20 народни кујни во 20 општини на територијата на Република Македонија во кои што се обезбедува топол оброк за околу 1.500 стари и возрасни лица, самохрани родители и лица самци изложени на социјален ризик. Во текот на годината се реализира финансирањето на шест дневни центри за возрасни лица со попреченост управувани од невладината организација "Порака", Во доменот на работните односи склучени се Колективни договори и постигнат е развој и унапредување на социјалниот дијалог. Во областа на детската заштита се подготвени измени на Законот за заштита на децата и редовно е вршена исплата на правата за заштита на децата со соодветна едукација, обука на кадарот надлежен за подготовка на храна во општински детски градинки. Во текот на годината навремено и непречено се одвиваше трансферот на наменските дотации за детските градинки кои преминаа на локално ниво, како и трансферот на блок дотациите за градинките во оние општини кои ги исполниле условите за втората фаза на децентрализација. Во областа на инспекцискиот надзор е зголемено вршењето на инспекциските контроли и реализирани се активности во рамките на проектот за зајакнување на капацитетите на ДИТ финансиран од Светска банка и Холандската влада. Процесот на реформите на пензискиот систем се заокружи со развојот на информатичкиот систем за чувар на имот на средства на пензиските друштва за потребите на Народната банка. Со цел за непречено електронско работење на Фондот за ПИОМ се обезбеди опрема за непрекинато напојување со електрична енергија, со што се надмина проблемот на достава на обрасци.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основна цел на Министерството за труд и социјална политика во 2008 година во областа на работните односи е зголемување на вработеноста преку имплементација на активните мерки за вработување предвидени со Акциониот план за вработување и Стратегијата за вработување (2006-2010 година). Главен приоритет во областа на социјалната заштита е подготовка на Национална програма за развој на социјалната заштита, унапредување на системот за таргетирање на корисниците на социјална заштита и воспоставување на мрежен систем во социјалните установи и центри. Во областа на детската заштита приоритет е реформирање на системот за заштита на децата во функција на подобрување на таргетирањето на корисниците на надоместоците на детскиот додаток, изградба на нови објекти од среден капацитет, имплементација и продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, унапредување на партнерскиот однос со ЕЛС и продажба на детските одморалишта. Зголемувањето на бројот на опфатени деца во детските градинки како приоритетна цел ќе се остварува преку: отворање на пет групи во зависност од изградбата на новите капацитети и завршување на објектот Даме Груев-општина Ѓорче Петров. Во областа на пензиско инвалидското осигурување

приоритена цел е заокружување на процесот на реформи во пензискиот систем со имплементација на третиот столб на доброволно пензиско осигурување. Во областа на трудовата инспекција приоритет е целосна реализација на проектот поддржан од Светската банка и Холандската влада во функција на зајакнување на кадровскиот капацитет на ДИТ, подобра примена на законските прописи во областа на работните односи безбедноста и здравјето при работа и информатичко поврзување.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Планираните активности на Министерството за труд и социјална политика во наредната година ќе се реализираат преку шест буџетски програми, и тоа:

Програма 1 Администрација ги покрива сите активности на секторите кои го поддржуваат постигнувањето на останатите програми. Целта на оваа програма е обезбедување на предуслови за навремено и ефикасно извршување на надлежностите, преку градење и развивање на системски пристап во реализацијата на политиките кои се во надлежност на останатите организациони единици. Со програмата се опфатени активностите за: координирана стручна поддршка во процесот на усогласувањето на постојното и идно законодавство со законодавството на ЕУ, континуирано одржување на кадровската екипираност, градење и развивање на стручните капацитети на Министерството, како и активностите кои придонесуваат за одговорно, наменско и рационално користење на финансиските ресурси и средства.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на спроведени тендери: 54

Програма 2-Работни односи и пензиско инвалидско осигурување опфаќа креирање на стратегија за политики и акциони планови за вработување; изготвување на закони од областа на трудот, вработувањето, платите, надоместоците и додатоците на плата и рамноправноста меѓу половите, колективни договори и подзаконски акти; и обезбедување на организационите и другите предуслови за работата на Економско-социјалниот совет, развој и унапредување на социјалниот дијалог и социјалното партнерство на трипартитно, бипартитно национално и локално ниво, како и целосна имплементација на реформите во пензиско инвалидското осигурување.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на законски и подзаконски акти од областа на работни односи и пензиско осигурување: 10

Програма 3-Социјална заштита се однесува на: системот, организацијата, функционирањето и развојот на социјалната заштита; предлагање, следење и развој на социјалната политика; преземање на мерки за намалување на сиромаштијата на населението; материјално обезбедување на привремено невработените граѓани; преземање на мерки за спречување и надминување на основните социјални ризици; правните односи во бракот, семејството; старателство и посвојување; заштитата на децата и малолетните лица; деца со воспитно социјални проблеми и деца со нарушено поведение; заштитата на лицата со интелектуална или телесна попреченост; заштита на цивилните инвалиди од војната; заштита на раселените лица и барателите на азил; преземање на мерки за социјално вклучување; основање, започнување со работа и евиденција на установи за социјална заштита; вршење работи од областа на социјалната заштита од други правни и физички лица; креирање политики за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост; креирање на

стандарди за соодветен квалитет на услугите; постапување по меѓународни конвенции, договори и други акти и спроведување на процесот на хармонизација на законите од областа на социјалната заштита со законодавството на Европската унија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на законски и подзаконски акти од областа на социјална заштита: 12

Програма 4-Детска заштита се однесува на унапредување на системот за заштита на децата, креирање на политики, организацијата и начинот на обезбедувањето на заштитата на децата согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење на хумана популациона политика. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат според нивните материјални можности за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установите и службите за заштита на децата преку обезбедување на: определени права за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток, помош за опрема на новороденче и партиципација); облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца) и други облици на заштита на децата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени контроли во детски градинки: 20

Програма 5-Управа за прашања на борците и воените инвалиди ги опфаќа средствата за плати и надоместоци на Управата за прашањата на борците и воените инвалиди, како орган во состав надлежна за спроведување на континуитет во остварувањето на правата на корисниците предвидени со Законот за правата на воените инвалиди, навремена исплата на правата и уредување на прописите за посебните права на борците и воените инвалиди.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на корисници на боречка и воена инвалиднина: 6.343

Програма 6-Државен инспекторат. Во рамките на оваа програма се опфатени активностите на Државниот инспекторат надлежен за инспекцискиот надзор над примената на законската регулатива за работните односи и инспекцискот надзор за подобрување на условите за работа преку заштита на работниците при работа, примената на колективните договори и други акти со кои се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени инспекции на деловни субјекти: 23.000

15010 ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.012.173 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Заштитата на правата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот

развој на децата и обврските на државата во создавањето услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигање, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Дејноста е од јавен интерес и обезбедува определени права (детски додаток, посебен додаток, помош за опрема за новороденче и партиципација) и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици за заштита на децата).

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во 51 општинска јавна установа за деца во 1206 групи во текот на 2007 година се опфатени вкупно 21.880 деца, од кои 15.535 деца до 6 годишна возраст, 5.813 деца од подготвителната година и 532 деца со други форми, односно од вкупната популација на децата до 7-годишна возраст во општински детски градинки опфатени се 21,2% деца. Во текот на годината се вршеше навремено трансферирање на наменските дотации за тековно одржување на детските градинки, и непречено трансферирање на блок дотации во втората половина од годината за градинките лоцирани во оние општини кои ги исполниле условите за втората фаза на децентрализација. Во рамките на материјалните можности преземени се активности за создавање услови за нормално функционирање на јавните установи за деца, детски градинки преку тековно и инвестиционо одржување на истите, изведба на кровопокривачки работи (ЈУДГ Срничка, Снежана, Кочо Рацин, Раде Ј. Корчагин-Скопје, Коста Поп Ристов-Делчево, Детска радост-Гевгелија и др.). Во текот на 2007 година организирани се повеќе програмски активности за зимување, летување, настава во природа, разни ескурзии, семинари и др. Истовремено се реализираа и активности за спроведување на процесот на дивестирање на детските одморалишта, извршена е процена на 11 објекти на детски одморалишта од сезонски тип за кои се објавувани отворени повици за нивна продажба и извршена е контрола на работата на четирите приватни детски одморалишта.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основен приоритет во дејноста на детска заштита е навремена исплата на правата по основ на детски додатоци и продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, со цел за навремено обезбедување на средствата за функционирање на општински јавни установи. Во рамките на планираните средства за капиталните инвестиции неопходна е санација и реконструкција на детските градинки во рамките на расположливите средства, финализирање на изградбата на објектот за згрижување и воспитание на деца во населба Даме Груев, општина Ѓорче Петров, замена на застарената опрема на јавните установи и поцелосно искористување на расположивите капацитети со промовирање на скратени програми за децата во руралните и демографско загрозени општини. Во рамките на расположливите можности ќе се врши и инклузија на деца од ромската популација на возраст од 4,5 до 6 години во пет јавни детски градинки. Приоритетна цел во наредната година е и продажба на објектите на детските одморалишта.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 21-Дејност на детски градинки. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на децата кој како дејност се организира во детските градинки за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование и спортско рекреативни активности, преземање на мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот и менталниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основото образование. Дејноста во општински

јавни детски градинки се остварува преку организирање и спроведување на програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програми за продолжен престој и вонинституционални форми на активности со деца. Во приватните детски градинки згрижувањето и воспитанието на деца може да се остварува согласно со наведените програми, за што одлучува органот на приватната детска градинка во согласност со актот за основање.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на деца згрижени во детски градинки: 21.000

Програма 22-Дејност на детските одморалишта. Одморот и рекреацијата на децата како облик на заштита на деца се организира во јавните општински детски одморалишта и детско одморалиште на градот Скопје, како и во приватните детски одморалишта. Дејноста на јавните детски одморалишта се обезбедува преку организирање и спроведување на програми за: зимување, летување, настава во природа и други програми, а во приватните детски одморалишта одморот и рекреацијата на деца се остварува согласно со наведените програми, за што одлучува органот на приватното детско одморалиште во согласност со актот за основање.

15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.503.541 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста на социјална заштита претставува организирана дејност на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени одредени групи на населението. Оваа дејност се остварува преку социјална превенција, вонинституционална и институционална социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита. Во рамките на оваа програма е вклучена и дејноста на 27 меѓуопштински центри за социјална работа, дејноста на заводите за социјална дејност, прифатилишта на бездомни лица и жртви на семејно насилство, дневни центри за деца на улица, деца со пречки во развојот и корисници на дрога.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година постигнати се значајни резултати во одделни сегменти на социјалната заштита и тоа во делот на вонинституционалната заштита отворени се повеќе дневни центри за деца со интелектуална попреченост и отворен е прифатен центар за азиланти. Во текот на 2007 година како резултат на унапредување на процесот на таргетирање на социјалните надоместоци постигнато е намалување на бројот на корисници на социјална парична помош за околу 2% и одржан е приближно ист број на корисници на постојана парична помош, еднократна парична помош и паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Имплементацијата на НАП од Стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 даде резултати во намалувањето на разликите во пристапот до образованието на ромите, зголемен е број на ромските ученици во образовниот процес и намалување на бројот на евидентирани невработени Роми.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основна цел во областа на социјалната заштита во 2008 година е обезбедување на одржлив систем на социјална заштита и подобрување на системот на таргетирање на социјалната помош односно обезбедување на социјална помош за најранливите категории на населението. Со цел за подигање на статусот на социјално загрозеното население е приоритетно нивно активно

ангажирање на пазарот на трудот преку организирање на јавни работи. За остварување на овие цели планирано е усогласување на законската регулатива со регулативата на ЕУ, продолжување на деинституционализацијата на социјалните установи преку развивање на разни форми на згрижување и навремено исплатување на социјалните надоместоци.

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 2-Вонинституционална социјална заштита која се однесува на активностите на центрите за социјална заштита (27), заводи за социјална заштита (3), Прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство, дневни центри за деца на улица, корисници на дрога, и деца со пречки во развојот, со цел за реализирање на правата утврдени со Законот за социјалната заштита, Законот за семејството и други законски акти, давање на стручна помош прифаќање и краткотрајно згрижување на одредени категории на лица и соработка со невладиниот сектор.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица сместени во дневни центри: 450

Програма 3-Институционална социјална заштита Оваа програма ги опфаќа активностите врзани со згрижување на лицата со социјален ризик во социјални установи за згрижување на лица со пречки во развојот, деца со воспитно-социјални проблеми, деца без родители, домови за стари лица и др.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица сместени во социјални установи: 700

Програма 4-Надоместоци и права во социјалната област. Во оваа програма се опфатени паричните примања согласно со Законот за социјалната заштита, и тоа: социјална парична помош наменета за лицата способни за работа на социјално необезбедени (околу 60.000 домаќинства), постојана парична помош која ја користат лица неспособни за работа и социјално необезбедени (5.000 семејства), помош и нега од друго лице која ја користат лица неспособни за извршување на основните животни потреби, еднократна парична помош која се доделува на семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик, надоместоците на цивилните и воените инвалиди, надоместоци по основ на права од детска заштита, помошта на внатрешно раселените лица. Воедно во оваа програма се опфаќаат и трансферите до социјалните фондови: Фондот за ПИОМ и Агенцијата за вработување, со цел за навремено исплаќање на пензиите, надоместоците на невработените и покривање на дефицитот по основ на пензиската реформа. Во рамките на оваа програма се реализираат и активностите сврзани со имплементација на Оперативните акциони планови од Декадата на Ромите, Декадата во областа на вработувањето, како и продолжување на функционирањето на осум ромски информативни центри и отворање на нови четири на територија на РМ.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на корисници на разни права по основ на социјални надоместоци: 95.000

16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.226.631 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени;

организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката; воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство; верификацијата на струките и профилите во образованието; ученичкиот и студентскиот стандард; технолошкиот развој, информатичката и техничката култура; информациониот систем; меѓународната научно-техничка соработка; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Министерството за образование и наука во текот на изминатата година ги извршуваше активностите поврзани со: успешно спроведување на модернизацијата на образовниот процес во насока на примена на европските стандарди во дејноста на образованието и науката и изменување и дополнување на наставните планови и програми, со цел за квалитативно подобрување на воспитно-образовниот процес. Остварувањата во изминатата година беа насочени и кон воведувањето на деветолетката во основното образование, подобрување на ученичкиот и студентскиот стандарад со зголемување на бројот на корисниците на ученички и студентски стипендии и реконструкција на постојните студентски и ученички домови, имплементација на проектот компјутер за секое дете, воведување на кредит трансфер систем во високото образование, како дел од определбите на Болоњската спогодба, унапредување на научно-истражувачката дејност во насока на потребите на економскиот развој на земјата.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Министерството за образование и наука во текот на оваа година ќе бидат насочени кон натамошна децентрализација на образованието, воведување на ефикасен систем за следење на користењето на наменската и блок дотација за образование во општините, натамошно спроведување на модернизација на образовниот процес, воведување на екстерна евалуација во образованието преку национални оценувања во основното и средното образование и државна матура во средното образование, воведување на задолжително средно образование, натамошна имплементација на Болоњската спогодба, создавање на услови за вработување на научниот подмладок во јавниот и приватниот сектор заради превенција на евидентниот "одлив на мозоци", реализирање на Програмата за инвестиции, односно завршување на доградбата на започнатите училишни објекти од претходните години од основното и средното образование, како и отпочнување на изградбата на нови училишни објекти согласно со потребите и реконструкцијата на постојните ученички и студентски домови во насока на обезбедување на услови за реализација на задолжителното средно образование, имплементација на проектот за изградба на училишни фискултурни сали во основните и средните училишта.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 15.879
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 469

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Министерството за образование и наука ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма претставува административна и логистичка поддршка на активностите во одделните дејности на образованието и науката. Основна цел е обезбедување услови за успешно извршување на дејностите од образованието и науката, согласно со постојните закони и

подзаконски прописи. Во рамките на оваа програма ке се преземат активности за реализација на Проектот за воведување на интерактивни лекции (е Content) и неговата е - учење (е Learning) платформа, напредно е–учење (Advanced е Learning – AeL).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на вработени што посетуваат обука финансирана од донации: 70

Програма 2 - Основно образование. Основното образование се остварува согласно со Законот за основното образование и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот и ја опфаќа дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Се остварува во 329 училишта за редовно основно образование, четири основни училишта за образование на деца со посебни потреби, шест заводи за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци со посебни потреби, 14 училишта за паралелно музичко-балетско образование и едно основно училиште за дооформување на основното образование на возрасните, со над 1.100 објекти. Во 2008 година, со цел за создавање на подобра инфраструктура за реализација на дејноста на основното образование, во рамките на оваа програма ќе продолжат да се реализираат отпочнатите активности за доградба на основните училишта како и отпочнување на изградба на нови училишни објекти. Што се однесува до отпочнатиот процес на децентрализација финансирањето на тековното одржување на основните училишта и превозот на учениците се врши со наменски дотации до општините, а на централно ниво е останато финансирањето на платите на вработените во дејноста на основното образование, капиталните трошоци и финансирањето на материјалните трошоци за посебните основни училишта, заводите и центрите за музичко образование во Скопје, Битола, Тетово и Штип. Во текот на годината ќе се продолжи со активностите за успешна реализација на втората фаза на фискалната децентрализација на образованието преку финансирање со блок дотации за тие општини кои ги исполнуваат условите за премин во втората фаза. Во текот на годината во рамките на проектот за изградба на училишни фискултурни сали ќе се изврши изградба на училишни фискултурни сали во дејноста на основното образование на територијата на Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ученици во основното образование: 236.493

Програма 3 - Средно образование. Активностите на оваа програма се реализираат согласно со Законот за средното образование со кој се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието. Дејноста се остварува преку планови и програми за средно образование и се остварува во 93 јавни (од кои десет државни) и шест приватни средни училишта. Во 2008 година, целите ќе бидат насочени кон воведување на задолжително средно образование, подобрување на инфраструктурата за реализација на дејноста средно образование преку реализизација на проекти за изградба, опремување и пуштање во употреба на училишни објекти. Исто така во рамките на капиталните потпрограми ќе се овозможи и изградба на училишни фискултурни сали со заем од ЦЕБ. Основни цели на оваа програма се реализација на започнатите реформи во гимназиското и стручното образование, како и спроведување на државна матура во средните училишта.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ученици во средното образование: 96.500

Програма 4 - Високо образование. Оваа програма ги опфаќа активностите кои согласно со Законот за високото образование се уредуваат условите и постапките за основање, финансирање и престанок на високо образовните установи и се утврдуваат условите за организација, управување, развој и за вршење на високообразовна дејност. Дејноста се остварува преку четири државни универзитети: "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, "Св. Климент Охридски" во Битола, Државниот универзитет во Тетово и Универзитет "Гоце Делчев" во Штип. Основни цели на оваа програма се обезбедување услови за редовна и квалитетна настава на високообразовните институции како и реализација на обврските од Болоњската декларација чиј што потписник е и Република Македонија, продолжување со имплементацијата на европскиот кредит трансфер систем и формирање на т.н. единствен европски простор во високообразовната дејност.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на студенти во високото образование: 28.800

Програма 5 - Ученички стандард. Ученичкиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјалните и други услови за образование на учениците. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, грижа за здравјето, стипендии, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните, информативните, спортско-рекреативните и другите заеднички потреби на учениците. Заради обезбедување на подобри услови за сместување и исхрана на учениците кои се сместени во ученичките домови, како и успешно спроведување на задолжителното средно образование, во текот на 2008 година се планирани активности за реконструкција на постојните ученички домови. Цел на оваа програма е унапредување и подобрување на ученичкиот стандард во државата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ученици сместени во ученички домови: 2.200

Програма 6 - Студентски стандард. Студентскиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјалните и други услови за образование на студентите. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, здравствена заштита, стипендии и кредити, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните, информативните, спортско-рекреативните и другите заеднички потреби на студентите. Основна цел на оваа програма е унапредување и подобрување на студентскиот стандард преку реализација на проекти за реконструкција на студентските домови како и започнување со изградба на нов студентски дом.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на студенти сместени во студентски домови: 5.500

Програма 7 - Наука. Науката ги опфаќа активностите во врска со: системот, начелата, јавниот интерес, облиците на организирањето и управувањето во научно-истражувачката дејност, начините на поттикнувањето и помагањето на развојот на научно-истражувачката дејност, научно-истражувачките кадри и други прашања од интерес за научно-истражувачката дејност. Научно-истражувачката дејност опфаќа научни истражувања, оспособување и усовршување на кадри за научно-истражувачка работа и научно-истражувачка инфраструктура. Основни цели на оваа програма се: развој и зголемување на конкурентноста и ефикасноста во научно-истражувачката дејност во функција на активирање на постојните и стимулирање на нови производни процеси и програми, заради создавање услови за подобрување на економската состојба во државата и

мотивирање на создавање на научно-истражувачки кадар преку изнаоѓање на дополнителни извори за финансирање на стипендиите за студентите на постдипломските студии. Научните институти, како јавни научни установи основани од Републиката заради вршење на научно-истражувачка дејност од јавен интерес, вршат систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредување на науката. Цел на оваа програма е развој на научно-истражувачката дејност од јавен интерес преку усогласување на правната рамка на оваа област со истата на Европската унија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на финансирани научно истражувачки проекти: 220

16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 131.650 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Македонија и ги извршува следниве надлежности: изготвување на концепции за промени на предучилишното, основното и средното воспитание и образование во Република Македонија; изработува наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност, на установите за предучилишното, основното, средното образование и воспитание, специјалистичкото образование, ученичките домови, образованието на учениците со посебни потреби; стручно и педагошко усовршување на раководниот и воспитно-образовниот кадар на установите и следење и вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата; проучување и истражување во областа на образованието на одделни воспитно-образовни проблеми; подготовка и издавање на дидактичко-методска и друга педагошка прирачна литература; врши советодавна стручна работа (стручен надзор) во воспитно-образовните установи поврзани со унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност; изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците и имплементација на концепцијата за матура и за завршен испит во средното образование; врши вреднување на квалитетот на учебниците, има издавачка дејност (издавање на педагошка документација и евиденција за основното и средното образование, издавање на прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници за предучилишното, основното и средното образование).

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Донесување на Концепција за деветгодишно основно образование; направени се измени и дополнувањата на Законот за основното образование и за потзаконски акти, изработени се нови наставни програми за I одделение и развојни цели за I, II и III одделение; издадени се информативно-промотивни публикации за деветгодишното основно образование наменети за наставници, родители, ученици и други заинтересирани корисници; донесени се нови програми за подготвителна година (за децата на возраст од 5 до 6 години) во градинките; донесени се нормативи за простор, опрема и наставни средства за учениците од I до III одделение; донесени се програми во училиштата за организирање на продолжен престој на учениците од I до V одделение по новата наставна програма; одржани се советувања со директорите и стручните служби

на јавните градинки за новите основи на програмата за подготвителна година; одржани се семинари за наставниците за предучилишно воспитание и одделенските наставници за новите наставни програми за прво одделение; се остварува следење, советодавна инструктивна работа со наставниците и подготовка на матурски и завршни испити.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Воведување и реализирање на завршни и матурски испити во средното образование (во 90 јавни средни училишта, државната матура ќе ја полагаат околу 16.000 кандидати). Главно тестирање за национално оценување по предметите македонски јазик и албански јазик во осмо одделение. Примена на новите наставни програми за деветгодишно основно образование; обука на наставниците за новите програми и описното оценување; јакнење на соработката на Бирото со училиштата и Државниот просветен инспекторат за промоција на квалитетот во образованието; органите на општината, високообразовните и научните установи; меѓународните институции за образование како и со други установи; оценки за квалитетот на учебниците; изработка на наставни програми за VII,VIII и IX одделение и наставни програми за ученици со посебни потреби за деветгодишно основно образование; подготовка на прирачници и други дидактички материјали за наставниците; анализа на средното образование во нашата држава и во развиените земји на Европската унија; спроведување на активности за професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар и советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 155
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 809

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Бирото за развој на образованието ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Претставува административна и логистичка поддршка на активностите во надлежност на Бирото. Спроведува постапки за јавни набавки согласно со Законот за Бирото и Законот за јавните набавки. Ги извршува надлеженостите за унапредување и развој на предучилишното, основното и стредното образование.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на објавени и спроведени јавни набавки: 10

Програма 2 - Развој и подготовка на наставни програми. Како резултат на започнатите реформи во основното (деветгодишно основно образование и воспитание) во рамките на оваа програма се реализира стручна и педагошка работа за изготвување на нови наставни програми во основното образование, утврдување на современ наставен план за деветгодишно основно образование и изготвување на нови програми за наставата за учениците со посебни образовни потреби. Во рамките на оваа програма се реализира стручна и педагошка работа за изготвување на нови наставни програми во гимназиското образование и изготвување на нови наставни програми по општообразовните предмети од средното стручно образование и изготвување на нови наставни програми за учениците со посебни образовни потреби, проучување и истражување во областа на образованието на одделни воспитно-образовни проблеми. Податоците и резултатите од истражувањата се користат за планирање и развој на образованието во Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изготвени нови наставни програми: 154

Програма 3 - Подготовка и реализација на државна матура. Со реализацијата на активностите од оваа програма се планира изведување на државна матура од првата фаза на реализација на Концепцијата за матура и завршен испит (мајчин јазик како задолжителен предмет и математика или странски јазик како изборен предмет) и подготовка на испитен материјал за истата, подготовка на тестови на испитите од државната матура и нивно оценување и спроведување на испитите во средните училишта како и навремено известување за постигнатите резултати. Цели на буџетската програма е подобрување на квалитетот на образованието, воспоставување стандарди за оценување на постигањата на учениците и наставниците. Реализација на првата фаза од Концепцијата за матура и завршен испит т.е спроведување на екстерно тестирање на задолжителниот предмет мајчин јазик (македонски јазик или албански јазик или турски јазик) и изборниот дел математика или странски јазик (англиски или француски или германски или руски јазик). Сроведување на главното тестирање за Национално оценување на постигањата на учениците во одделенска настава по предметот мајчин јазик (македонски јазик и албански јазик).

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изготвени тестови: 32.000

Програма 4 - Развој и подготовка на наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование. Во текот на годината ќе се продолжи со отпочнатите реформски активности во средното стручно образование, изготвување на концепција за задолжително стручно образование и доживотно учење, обука на наставниците за новите - изменетите наставни планови и програми, реализација на отпочнатите реформи во средното и постсредното образование, изготвување на нови наставни програми, изготвување на стандарди на занимања во соработка со социјални партнери, обука на советници, наставници и директори од средните училишта и други активности предвидени со Законот за средното образование и Законот за стручно образование и обука. Цели на буџетската програма се изготвување на нови наставни програми за стручно образование, обука на наставен кадар од стручното образование, изготвување на концепција за средно образование, изготвување на концепција за постсредното образование и професионален развој на советници и наставници од средното образование и изготвување на концепција за задолжително средно образование.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изготвените нови наставни програми за средното стручно образование и постсредно образование: 350.

16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 301.624 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за млади и спорт врши следење на спортските и спортско-рекреативните активности, развој на масовниот и врвниот спорт, води грижа за статусот на младите, ги помага различните облици на организирање на младите, врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Агенцијата за млади и спорт во текот на 2007 година организираше редуциран систем на натпревари особено во првиот и вториот степен, започна со спроведување на антидопинг контрола во кошарка, ракомет, одбојка и фудбал, спроведе кампања за поттикнување на имплементацијата за Националната стратегија за млади и изврши нејзино промовирање; отпочна со процесот на имплементација на Националната стратегија за млади преку организирање Кампања за утврдување приоритетни акции; промовира младински иницијативи и интереси во Република Македонија на форумите, организираше состаноци и други форми на организирање со Советот на Европа, Централноевропската иницијатива, УНЕСКО и други меѓународни институции кои се занимаваат со младински прашања.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основните приоритети на Агенцијата за млади и спорт за 2008 година се насочени кон зголемување на опфат на деца, млади и граѓани со национален систем на натпревари, надградба на процесот на децентрализација во спортот, остварување на врвни спортски резултати на поединци, екипи и репрезентации на националните спортски федерации, постигнување високи резултати на спортските репрезентации на Олимписките игри во Пекинг 2008 година, потпишување на билатерални протоколи на соработка во областа на спортот со соседните земји и земјите од Европа, спроведување на Конвенцијата за насилство во спортот и поддршка на националните спортски федерации во спречување на насилното однесување во спортот.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 25
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.025

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 2 - Спорт. Програмата ги опфаќа активностите за партиципација во програмите од јавен интерес на државата, во кои како приоритети и обврска се поттикнување на спортските активности на децата и младите, организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари, поттикнување и реализација на програмите на националните спортски федерации, изградба и одржување на информатичка спортска мрежа, помагање на издавачката дејност во спортот, оганизирање стручна и научна работа во спортот.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: 100.000

Програма 3 - Млади. Оваа програма води грижа за психофизичкиот развој на младите и промоција на здрави животни стилови, нивната заштита од болести на зависност, развој на механизми за реализација на превентивна грижа, како и реализација на програми за интегрирање на младите со посебни потреби во општествениот живот, како и афирмација на младинската политика и развој на младински структури.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на млади луѓе вклучени во програмите за претприемништво и бизнис: 18.000

Програма 4 - Меѓународна програма. Оваа буџетска програма партиципира во програмите од јавен интерес на државата, во кои како приоритети и обврска се утврдени програмите на 46 спортски федерации, кои учествуваат во меѓународниот систем на натпревари организиран од меѓународните спортски

асоцијации, за сите возрасни категории, програмите со кои се остварува учество на европските и светски првенства во младинска и сениорска категорија, во машка и женска конкуренција; се поддржуваат програмите на лица со инвалидитет кои учествуваат на меѓународни натпревари организирани од надлежните меѓународни асоцијации, програми со кои се организираат меѓународни натпревари (балкански, светски и европски првенства во нашата земја). Со оваа програма се дава поддршка и партиципација во организација на традиционалните меѓународни спортски манифестации, турнири, натпревари организирани во Република Македонија, како и поддршка на програмите на потенцијалните кандидати за учество на Олимписките игри во Пекинг 2008 година. Со оваа програма се поддржува меѓународната соработка на билатерална и мултилатерална основа, соработка со Советот на Европа и други меѓународни институции во областа на спортот.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Учество на спортисти од Република Македонија на меѓународните спортски натпревари: 1000

18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 376.330 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за култура ги извршува активностите за следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата, организација, финансирање, развој на мрежата на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес. Основната цел е насочена кон подобрување на културниот и животниот стандард на граѓаните на Република Македонија, како и препознавање и признавање на националниот културен идентитет и интегритет на македонската култура и македонската држава во меѓународни рамки.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Министерството за култура изработи повеќе нормативни акти од својата надлежност, и тоа: измени и дополнувања на Законот за филмскиот фонд, Закон за заштита на културното наследство, Закон за авторското право и сродните права, Предлог на закон за аудиовизуелни добра, Предлог за прогласување на споменичка целина Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, Правилник за археолошки ископувања и истражувања, работна верзија на Правилникот за непосредна заштита на културното наследство, анализа на состојбите на институциите за заштита и музејската дејност со цел за спроведување на законската обврска за нивно раздвојување и слично.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Како основни приоритети на Министерството за култура за 2008 година се: искористување на културата како ресурс за развој; заштита и (ре)креирање на културното наследство; поттикнување на современото творештво со посебен фокус на културните потреби на младите; создавање услови за остварување и заштита на врвни културни вредности; подобрување на менаџментот во културата; афирмирање на културниот идентитет на заедниците; соработка со невладини организации и меѓународна соработка/соработка со соседите.
Нормативните активности на Министерството за култура во 2008 година се насочени за следниве законски проекти: Предлог на закон за аудиовизуелните добра, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите, Предлог

закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, како и анализа за потребата од донесување на посебни прописи за одделни дејности во културата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 98
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.170

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Министерството за култура ги поддржува следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма опфаќа реализација на општите активности од областа на културата, вклучувајќи ги административните активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско сервисирање за потребите на Министерството и дејностите од областа на културата; планирање и развој; како и вршење на правни работи од областа на домашното и меѓународното право за работи поврзани со културата. Во рамките на оваа програма опфатени се проектот за изградба на Стариот театар, Скопската тврдина, Градската куќа и концертната сала, Музеј над вода во Охрид, Универзитет на Св.Климент кај Плаошник, локалитетите Стоби и Скупи и Тетовското кале.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на тендери за капитални инвестиции: 15

Програма 2 - Управа за заштита на културното наследство. Управата за заштита на културното наследство е надлежна за вршење на управните и одредени стручни и други работи од областа на заштитата на културното наследство. Основни цели на оваа програма се: категоризација на заштитените споменици на културата; привремена заштита на незаштитени добра; воспоставување на Националниот регистар на културното наследство; воспоставување на информативниот систем за културното наследство на Република Македонија; како и дигитализација на културното наследство.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на истражувања во областа на музејската дејност: 70

18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.950.027 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Финансирањето на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти и децентрализацијата на власта.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година во областа на издаваштвото и библиотекарството реализирани се значајни капитални дела од национален интерес, извршено е купување на македонски публикации и македонскиот задолжителен примерок, извршена е заштита на книжниот фонд, делумно одржување на софтвер. Во филмската дејност поддржана е Светската премиера на филмот “Боли ли“ на Анета Лешниковска во официјална конкуренција на

Интернационалниот филмски фестивал во Ротердам, најновото филмско остварување на режисерот Милчо Манчевски "Сенки", филмот на Теона Митевска "Јас сум од Титов Велес", дебитантското остварување на "Превртено", оддржан интернационалниот Скопски филмски фестивал и Интернационалниот фестивал на филмови од Југоисточна Европа.

Во музичко-сценската дејност реализирани се: годишната програма во одделението за центри, домови на културата и фолклор, драмска дејност, манифестацијата Прилеп-град на културата 2007 година, негување на класичните дела и застапеност на делата од македонскиот симфонизам. Заштитата на културното наследство продолжи со конзерваторско-реставраторските работи на археолошките локалитети Стоби, Хераклеа, Баргала, Бања Банско и Орта џамија во Струмица, конзерваторски интервенции на покривот на црквата на манастирскиот комплекс "Св.Наум", конзервација на мозаичните површини во Плаошник во Охрид, реставрација на транзените на Шарена џамија во Тетово, презентација на амамот во Тетово, конзервација на архитектурата, живописот и иконописот во црквата "Св.Богородица"- Лешок, реставрација на стражарската кула на Камениот мост во Скопје, конзервација на икони и адаптација на галериски простор во црквата "Св.Никола" во Штип, конзервација на архитектурата и санација на тремот на црквата "Св.Никола" с. Манастир, Мариово. Ликовната дејност главно се заокружи преку реализирање на изложбени активности во галериските простори, во изложбените салони на музеите, центрите и домовите на култура. Министерството за култура во текот на 2007 година даде поддршка на следниве манифестации и фестивали: Охридско лето, Млад отворен театар, Галичка свадба, Војдан Чернодрински, Струшки вечери на поезијата, Мајски оперски вечери, Скопски џез фестивал, Интерфест Битола и др. Во областа на музејската дејност беа опфатени истражувањата, евидентирањето, документирањето, заштитата и конзервирањето, откупот, чувањето и презентирањето на музејските (археолошки, етнолошки, историски, уметнички и природонаучни) и кинотечни добра, при што како позначајни се уредувањето на археолошката поставка во Владата на Република Македонија, уредување на постојана музејска поставка во Старата кула во Кратово, археолошки истражувања на локалитетите Баргала, Оши пале, Татиќев камен, Голем град-Преспа и други.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите во 2008 година главно ќе бидат насочени во повеќе области, при што во областа на издавачката дејност се планира потикнување на современото книжевно творештво, зголемување на преведената литература и книжниот фонд. Во областа на библиотекарството се планира дополнување на библиотечните фондови, валоризација на библиотечните добра, автоматизација на библиотечните процеси. Во областа на филмската дејност се планира поддршка на домашни автори и копродукциски проекти во согласност со правилата на Европската конвенција за кинематографски копродукции, поддршка на документарниот, анимираниот и експерименталниот филм од автори од сите заедници кои живеат во Република Македонија. Во областа на музичко-сценската дејност се планира зголемување на продукцијата на домашно симфониско и музичко-сценско творештво, мултимедијална енциклопедија на македонскиот фолклор, стимулирање на домашното творештво со откуп на дела и Цд, како и создавање услови за нивно реализирање, стимулирање на домашната продукција со квалитетни драмски текстови од домашни автори, поддршка на квалитетни проекти и елиминација на квантитативна продукција, стимулирање на проекти од млади автори и поддршка на драмскиот аматеризам. Во областа на заштитата на културното наследство се планира вршење на истражувачки работи за подготовка на проектите, изработка на проекти за санација и ревитализација, изработка на елаборати за ревалоризација на духовно, движно и недвижното

културно наследство, проект за дигитализација на културното наследство. Преку музејската дејност се планира уредување на постојаните музејски поставки согласно со елементарните светски стандарди, поддршка на музејската филмска продукција, презентирање на археолошките локалитети во функција на развој на културниот туризам-уредувње на три археолошки локалитети за презентација и едукација, изведба на унифицирани репрезентативни мини, монтажни објекти-информативни пунктови за туристичката и културна понуда, виртуелна презентација на културното богатство и др.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 2.189
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 419

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Финансирање на дејностите од областа на култура ги поддржува следниве програми:

Програма 1 - Издавачка дејност. Приоритет во издавачката дејност е поддршка на капитални изданија од темелна важност за Република Македонија кои ќе придонесат за популаризација на современото книжевно творештво и развој на современата критичка мисла, како и издавање на монографии, хрестоматии и речници. Посебно внимание ќе се посвети на издавање на преведената литература од македонски јазик на јазиците на заедниците и обратно, како и преведената литература од странски и класични јазици на македонски јазик и јазиците на заедниците.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на публикации: 350
Програма 2 - Библиотекарство. Преку оваа програма се врши континуирано збогатување на библиотечниот фонд, следење на меѓународните библиотечни стандарди, одржување на хардвер/софтвер опремата, заштита на книжниот фонд; автоматизација на библиотечното работење и валоризација и ревалоризација на книжното културно наследство.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на корисници на библиотечен материјал (членови и читатели): 130.000

Програма 3 - Филмска дејност. Филмската дејност е дејност за продукција на аудиовизуелно дело, како уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи и се поддржува продукцијата на играни филмови, документарни, кратки и анимирани филмови.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на филмови (долгометражни, кратки играни ианимирани): 27

Програма 4-Музичка и сценско-уметничка дејност. Оваа програма овозможува подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски, балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, како и народни песни и игри и дела од фолклорот, како и дејноста на домовите на културата и центрите за културата. Преку програмата ќе се реализираат праизведби и изведби на значајни дела од симфониската, концертната, оперската, балетската, камерната и ораторијалната литература, поддршка на македонско музичко творештво, поддршка на трајни записи (компакт дискови) на дела од музичката литература, афирмација на македонските уметници на домашната и меѓународната сцена.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на музички проекти и театарски премиери: 209

Програма 5-Заштита на културното наследство. Основна цел на заштитата е зачувување на културното наследство во изворна форма и создавање на услови за негов опстанок и за задржување на сите податоци што ги носи со себе како сведоштво, извор или своевиден документ, како и оспособување на недвижното културно наследство како ресурс за општествен развој. Заради тоа е потребна негова ревитализација со цел за обезбедување на сопственото одржување, но и придонесување во севкупниот економски развој, пред се искористување на наследството за развој на културниот туризам. Со ревитализацијата ќе се поттикне оживување на старите градски јадра, создавање на нови простори за културни случувања, обнова на опустошените рурални средини и сл.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на елаборати за недвижно и движно културно наследство и заштитно конзерваторски основи: 124

Програма 6-Ликовна и галериска дејност. Основната цел на оваа програма е организирање на монографско-ретроспективни изложби, самостојни и групни ликовни изложби, ликовни колонии, како и други тематски проекти од областа на архитектурата и дизајнот.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на самостојни изложби и други самостојни проекти: 235

Програма 7-Културно уметнички манифестации. Преку програмата се дава поддршка на манифестации и фестивали кои потесно го третираат севкупното продуктивно и репродуктивно творештво. Основата цел е следење на развојот на културата, особено на продуктивното и репродуктивното творештво во облик на едно контунуирано надградување на националната култура, поттик, промоција и афирмација на македонско културно богатство, промоција на врвни уметнички ансамбли од светот, како и доближување на светските текови во уметноста до домашната публика.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на културно уметнички манифестации: 22

Програма 8-Музејска и кинотечна дејност. Со програмата се опфатени истражувањата, евидентирањето, документирањето, заштитата и конзервирањето, откупот, чувањето и презентирањето на музејските (археолошки, етнолошки, историски, уметнички, природонаучни и кинотечни добра). Целите на буџетската програма се остварување на непосредна заштита на сите видови на недвижно и движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното културно богатство и обезбедување на траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културно наследство, создавање услови за развој на културен туризам, како фактор за социјалниот и економскиот развој.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на музејски поставки и изложби: 53

Програма 9-Меѓународна соработка. Преку програмата се врши унапредување на билатералната и мултилатерната соработка со акцент на регионот и ЕУ, афирмација на националната култура во светот и промовирање на странската култура во РМ, оддржување на интензивна комуникација во сите области,

размена на искуства, афирмирање на културните вредности со другите држави, меѓународни организации (ЕУ, УНЕСКО, Совет на Европа, Франкофонија и др.), воспоставување на билатерални договори, како и усовршување на кадри во одредени области.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на меѓународни проекти: 10

19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.623.523 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Мисијата и основна цел на Министерството за здравство е обезбедување на високо ниво на здравје на населението, како и високо квалитетна здравствена заштита на најисплатлив начин. Оттука, Министерството за здравство е надлежна институција за воспоставување и одржување на ефикасен и достапен систем на здравствената заштита подготвен за пристапување во ЕУ. Утврдените задачи наложуваат Министерството за здравство да биде владин советник за прашања од областа на здравството и хигиената, како сеопфатно тело за утврдување на стратегиите, предлагање на законите и следење на поврзаните прашања.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година донесени се значајни законски акти и извршено е целосно усогласување на постојните закони со законската регулатива на ЕУ:Закон за лекови, Закон за отрови, Закон за опојните дроги и психотропни супстанции, Законот за прекурсори, Закон за санитарната и здравствената инспекција, Закон за ментално здравје, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за безбедност на козметичките производи и Предлог на закон за заштита на пациентите, донесена е Национална програма за безбедност на храната и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната, екипиран е Секторот за анализа на политиката за безбедност за храната, формирана е Комисијата на Македонскиот кодекс за храна како стручно советодавно тело, подготвен е Регистар на производни капацитети за храна. Како резултат на реализација на здравствените програми е постигнато намалување на бројот на заболени од заразни болести, рано откривање на одредени болести, одржување и подобрување на опфат со вакцинација на децата, воведување т.е. вакцинирање на децата со вакцина против Хепатит Б, обезбедување на доволни количини на безбедна крв и друго, постигнато е намалување за 15% на просечната должина на престој во сите болници, зголемување за 20% на амбулантната хирургија во однос на вкупната хирургија, Спречени се осум епидемии на зараза од труење со храна итри интрахоститални инфекции.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основни приоритетни цели во 2008 година се: натамошно подобрување на здравствената состојба на населението преку подобрена достапност при обезбедувањето на здравствените услуги за населението, зголемување на покривањето со вакцини на населението и воведување на нови вакцини, според потребите, подобрување на примарните и јавните здравствени услуги со посебен акцент на подобрувањето на здравствените услуги во руралните и оддалечените места, целосно здравствено осигурување на населението, намалување на смртноста кај приоритетните болести: рак, кардиоваскуларни заболувања, респираторни заболувања, како и намалување на жртвите на несреќни ситуации, заболувања на зависност (користење на алкохол, пушење и наркотици и злоупотреба на дроги), намалување на смртноста кај новороденчињата и подобрување на оралното здравје кај населението особено кај младите.

Одржлив, поефикасен и подостапен (поисплатлив) систем за обезбедување на здравствената заштита преку одржливо финансирање на здравството, подобро искористување на постојните средства што ќе вклучи приспособување на структурата на давателите на услуги, како и приспособување на организацијата според потребите на населението, воспоставување на капацитети за планирање и следење на функционирањето на здравствениот систем и Фондот за здравствено осигурување, воспоставување ефикасни механизми за финансирање на здравствените институции, вклучително и реално плаќање на давателите на услуги засновано на нивниот учинок, подобрување на квалитетот на здравствените услуги наменети за пациентите преку: обезбедување на здравствена заштита со што е можно помали прекини на социјалниот и економскиот живот, истакнување на други видови на здравствена заштита (едно-дневни оперативни зафати, домашни посети), обезбедување висококвалитетни и со соодветна цена фармацевтски производи за населението, обезбедување здравствени услуги кои се повеќе фокусирани кон потребите на пациентите вклучително и поголема достапност на итни услуги, како и уважување на желбите на осигурениците како на пр. решавање на забелешките на пациентите во пократок рок, здравствен систем приспособен на глобализацијата кој ќе биде подготвен за пристапување кон Европската унија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 212
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 3.356

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Програма 1-Администрација. Програмата ги опфаќа општите административни активности кои се во функција на поддржување на реализацијата на здравствената политика и материјално финансиските и инвестициони тековни работи.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на тендери: 42

Програма 2 - Државен санитарен и здравствен инспекторат. Државниот санитарен и здравствен инспекторат функционира во рамките на Министерството за здравство како посебен орган и согласно со законските прописи врши надзор во областа на санитарно хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението. Основни задачи на инспекторатот е спроведување на мерки за спречување и сузбивање на заразни болести преку надзор над здравствените објекти (објекти на јавно и приватно здравство од примарната, секундарната и терцијалната здравствена заштита), образовно социјални и детски установи, објектите и средствата за јавен превоз, објектите за рекреација, површински води, производство и промет на опојни дроги и отрови, производство и промет на предметите за општа употреба, објекти коишто испуштаат штетни материи и бучава, објектите во кои што се даваат хигиенска нега и услуги и надзор над лицата коишто се вработени на работни места каде што со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на луѓето, ексумација на умрени лица и пренос во Република Македонија и во странство, луѓе, стоки, превозни средства на граничен премин, управување со медицински отрови и др.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на контроли: 8.400

Програма 3 - Биро за лекови. Бирото за лекови како орган во состав на Министерството за здравство има надлежности во областа на производството,

прометот и снобдување со лекови, медицински помагала, помошни лековити средства, опојни дроги и отрови според позитивните прописи кои се однесуваат на тие области, изготвување на законски прописи од областа на лековите, медицинските помагала, помошните лековити средства и отрови и опојни дроги води постапка за увоз извоз, ставање во промет на лекови, медицинските помагала, помошни лековити средства и медицински помагала, опојни дроги и отрови и врши инспекциски надзор од оваа област.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на регистрирани лекови: 780

Програма 4 - Дирекција за храна. Дирекцијата за храна како орган во Министерството за здравство претставува централен орган одговорен за инспекција и супервизија во целиот синџир на храна. Главната цел на оваа институција е преземање на мерки за гарантирање на храната која е предвидена, дистрибуирана или маркирана во земјата, во согласност со највисоките стандарди за безбедност и хигиена на храната, како и во согласност со легалните (правните) барања, односно кодексите за добра пракса. Во рамките на оваа програма ќе се реализира и Мониторинг програмата за безбедност на храната која обезбедува интегриран приод во контрола на храната и безбедна храна со висок квалитет во рамките на средствата обезбедени по основ на издадени одобренија при регистрација на објекти за производство на храна и издадени сертификати за безбедност и квалитет на прехранбени производи во Буџетот на Министерсво за здравство.
АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на записници и решенија: 10.150

Програма 5-Здравствена заштита и превенција. Програмата за здравствена заштита за превенција содржи: превентивни активности за рано откривање на заразни и други болести. Оваа програма ги опфаќа потпрограмите: Рано откривање, дијагностицирање и лекување на рак на дојка кај жената, систематски прегледи на ученици и студенти, организирање и унапредување на крводарителството, Превентивна здравствена заштита, задолжителна имунизација на населението, Испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението. Заштита на населението од СИДА. Активна здравствена заштита на мајките и децата и Рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената. Основни цели на овие програми се: натамошно унапредување на превентивната здравствена заштита на населението во Република Македонија преку спроведување на општите и посебни мерки за обезбедување на мирна епидемиолошка состојба во државата, обезбедување на исправна вода за пиење, превентивни мерки за спречување и рано откривање на туберкулозата, бруцелозата и СИДА, редовно спроведување на систематски прегледи на децата и младината, спроведување на континуирана задолжителна имунизација, спроведување на превентивни мерки за активна здравствена заштита на мајки и деца и обезбедување на доволни количини на крв.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на Програмите за превентивна здравствена заштита: 415.366

Програма 6- Програмата за куративна здравствена заштита во рамките на оваа програма се обезбедуваат средства за лекување на болни од болестите на зависности, душевни растројства и болните кои се третираат со дијализа,

обезбедување на лекови за трансплантирани болни цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на Програмите за куративна здравствена заштита: 113.000

Програма 7-Дирекција за радијациона сигурност. Дирекцијата за радијациона сигурност е институција формирана од Владата на Република Македонија и за работата одговара пред претседателот на Владата на РМ согласно со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Дирекцијата за радијациона сигурност е надлежна за: изготвување на потзаконски акти, водење на постапката на пријавување, регистрација, издавање на дозвола и контрола на изворите на јонизирачкото зрачење, издавање на дозволи за: увоз, извоз, дистрибуција, пренос, превоз, складирање, одлагање, давање на користење, сместување, поставување и одржување, престанок на употреба, која било друга активност во врска со изворите на јонизирачкото зрачење, како и презема интервенции во случај на вонреден настан.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на инспекциски контроли: 400

19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 237.950 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа е буџетска институција која ги врши работите што се однесуваат на: следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа; реформа на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; надзор од негова надлежност над законитоста на работењето на општините, унапредувње на институциите на локалната самоуправа, формулирање и спроведување на политики, мерки, инструменти и стандарди за изградба на децентрализиран систем на локална самоуправа усогласен со европските стандарди и врши други работи утврдени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Министерството ги реализираше следниве активности: координирање на процесот на децентрализација; изготвени се повеќе Информации и доставени до Владата за статусот на процесот на децентрализација; подготвена е нова Програма за спроведување на процесот на децентрализација на власта 2008-2010; изготвен е Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за град Скопје; Информација за иницијативата и спроведените активности за воспоставување на регистар на недвижен имот на општините во Република Македонија; подготвена е Информација за унапредување на локалното развојно планирање и подготовка на стратегии за развој на локално ниво во 10-те тематски области на трансферираните надлежности; усвоена е од страна на Владата Информација за Програмата за обука на локалната самоуправа за 2007. Даден е приоритет на обуките од втората фаза од процесот на децентрализација и за менаџирање на ИПА фондовите; активности за редовен надзор над законитоста на прописитен на општините во таа насока е извршен увид во 374 службени гласници на општините, предмет на надзор биле преку 7.500 прописи на општините;

преземени се активности за креирање на политика за обезбедување рамномерен регионален развој; донесен е Законот за рамномерен регионален развој; спроведена е кампања "Повеќе можности за сите" која има за цел промоција на Законот за рамномерен регионален развој; формирани се Совети за развој во сите осум планско-развојни региони; изготвен е Предлог на стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија; Методологија за изработка на планови за развој на планинските региони; Одлука за критериуми и индикатори за утврдување на подрачја со специфични развојни потреби; Методологија за пресметување на степенот на развиеноста на општините и регионите; Одлука за класификација на општините и регионите според степенот на развиеноста, Одлука за начинот на распредлеба на средствата за рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија и активности за унапредување на меѓуопштинска соработка.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритети и цели на Министерството за локална самоуправа за 2008 година се: формулирање и спроведување политика во функција на унапредување и развој на локалната самоуправа во Република Македонија; координирање и спроведување на процесот на децентрализација; воспоставување на механизми за следење на извршувањето на пренесените надлежности; подобрување на квалитетот на локалните јавни услуги, зголемување на меѓу општинската соработка; воспоставување на систем за обука на општинската администрација; реализирање на учество во инструментите на ЕУ за претпристапна економска помош; јакнење на институционалните капацитети за имплементација на политиката за рамномерен регионален развој и увид во донесување на прописите на општините.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 34
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.321

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во Буџетот на Министерството за 2008 година планирани се четири буџетски програми:

Програма 1 - Администрација. Програмата ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите за реформа на локалната самоуправа, следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа и други активности со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на основните функции на Министерството.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на обуки на државни службеници: 12

Програма 2 – Правен надзор. Програмата ги опфаќа активностите за правен надзор над законитоста на прописите на единиците на локалната самоуправа; реализирање на активности за надзор над законитоста на работењето на органите на општините во Република Македонија во согласност со принципите содржани во Европската повелба за локална самоуправа и преземање на активности за воспоставување на Регистар на прописите на општините.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршен увид на прописите на општините: 100

Програма 3 - Развој на локалната самоуправа. Програмата ги опфаќа активностите во функција на рамномерен развој преку утврдување на мерки за унапредување на развојот на стопанско и недоволно развиените подрачја, разработка на студија за рамномерен развој; обезбедување на соодветни механизми за рамномерен развој; активности за развој на односите меѓу општините, стопанските субјекти и граѓанскиот сектор во функција на промовирање на економскиот развој; намалување на диспаритетите преку остварување напредок во развојот на стопански недоволно развиените подрачја; развој на соработка меѓу општините и идентификување на постојните нормативни и оперативни пречки и тешкотии за меѓуопштинска соработка и можните начини за надминување на истите и спроведување на програми насочени кон локалните приоритети.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на донесени програми за развој на планските региони 8

Програма 4 - Децентрализација. Програмата ги опфаќа активностите за координирање на процесот на децентрализација, спроведување на Програмата на Владата на Република Македонија за децентрализација 2008 –2010 и мерките утврдени во Акциониот план за нејзина реализација; координирање на трансферот на надлежностите од централно на локално ниво на власта; реализација на Стратегијата за обука на државните службеници во општините; подобрување на ефикасноста на државните службеници во општините при извршување на задачите, институционално зајакнување на општините за справување со новите надлежности и одговорности.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на обуки за втора фаза на фискална децентрализација: 15

19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.972 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија во земјите каде што живеат и работат; помагање на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија; запознавање на иселениците со состојбите во Република Македонија; создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економскиот живот во Република Македонија и Заклучокот на Владата на Република Македонија, донесен на нејзината втора седница, одржана на 5 септември 2006 година со кој Агенцијата за иселеништво ја задолжи своето натамошно дејствување да го насочи на контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора, а преку развивање системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и посебно заедницата на единиците на локалната самоуправа, да се транспонира како центар преку кој македонската дијаспора би добила квалитетна стручно-техничка помош во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на Република Македонија и посебно на планот на извоз на македонски производи во странство.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2007 ГОДИНА

Во 2007 година активностите на Агенцијата за иселеништво беа насочени кон спроведување на законските надлежности и Заклучокот на Владата на Република Македонија донесен на Втората седница, одржана на 5 септември 2006 година, со кој Агенцијата за иселеништво своето дејствување требаше да го

насочи на контакти со македонските иселеници преку воспоставување на системска мрежа со единиците на централната власт и локалните власти заради давање стручна-техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на земјата и на планот на извоз на македонски производи. Агенцијата за иселеништво ја реализира оваа цел со: воспоставување на системската мрежа со единиците на централната власт и единиците на локалната самоуправа; информирање на иселениците со добиените податоци за економските потенцијали по општини, како и по стопански гранки преку интернет страницата; изработка на дигитален носач на медиум-водич за инвестирање во Република Македонија, Инвестирај во Македонија на кој се прикажани начинот и постапката за инвестирање со упатства потребни за инвеститорите; изработка на дигитални носачи на медиум на општини по стопански гранки во кои се претставени производните гранки кои се доминантни на подрачјето на нашата земја; изработка на адресар на бизнисмени-иселеници од Македонија, менаџери и фирми; направени комплетни подготовки за одржување на форум на бизнисмени иселеници од Македонија; Реализирање на проекти кои придонесуваат за унапредување на културниот развој и одржување на националниот идентитет на иселениците како што се: дистрибуирање на аудиовизуелни дела од образовен карактер наменети за најмладата генерација на иселеници, посебно материјали за информирање за можностите за стекнување државјанство на Република Македонија; изработка, умножување и дистрибуција на материјали во печатен и електронски облик со изворни македонски песни, ора и документарни филмови, доставување на учебници, книги, списанија, постери, календари, брошури и слично. На полето за унапредување на положбата и правата на исленициите од Република Македонија на иселениците им е овозможено добивање на виза за Република Македонија при влез во државата и стекнување државјанство без плаќање административни такси; преку бројните контакти со иселениците и изработката, умножувањето и дистрибуираните материјали за информирање за можностите за стекнување со државјанство на Република Македонија зголемен е бројот на лица кои поднеле барања за државјанство на Република Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Агенцијата за иселеништво во текот на 2008 година има за цел да ги опфаќа сите активности кои треба да се реализираат за интензивирање на процесот на инвестициони вложувања во Република Македонија преку поединечни директни инвестиции и заеднички вложувања со постоечки компании во земјата, а тоа ќе влијае на зголемување на извозот на македонски производи во земјите каде што живеат нашите иселеници. Со ваквото вклучување во стопанскиот живот во Република Македонија се очекува да се интензивира процесот на реинтеграција на нашите иселеници. Реализација на проекти кои придонесуваат за унапредување на културниот развој и одржување на националниот идентитет на иселениците како што се дистрибуирање на аудио-визуелни дела од образован карактер наменети за најмладата генерација на иселеници. Изработка, умножување и дистрибуција на материјали во печатен и електронски облик со изворни македонски песни, ора и документирани филмови, доставување на учебници, речници, книги и списанија, календар, постери, брошури и слично. Унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија преку предлагање на законски мерки кои се интерес на иселениците од областа на економијата, за решавање на државјанскиот статус и вклучување во јавно политичкиот живот преку вклучување во изборниот процес во Република Македонија. Значително подобрување на информирањето на иселениците за состојбите во економскиот, политичкиот и општествениот живот во Македонија во прв ред преку соодветното презентирање на содржините на интернет страницата

на Агенцијата за иселеништво. Одржување на перманентна комуникација преку интернет страницарта и директна комуникација преку систем на говорна телефонија со интернет пристап. Организирање на средби со иселеници во земјите каде што живеат и во Република Македонија заради остварување на најефикасен пристап за реализација на целите од стратешкиот план на Агенцијата за иселеништво и иницирање на средби на кои ќе се поврзуваат иселениците и граѓаните во Република Македонија кои се занимаваат со одредена професија, со цел да најдат заеднички допирни точки за нивно професионално унапредување и соработка. Организирање на средби на иселеници по сродни професии. За 2008 година Агенцијата за иселеништво има за цел интензивирање на процесот на инвестициони вложувања во Република Македонија преку поединечни директни инвестиции и заеднички вложувања со постојните компании во земјата, а тоа ќе влијае на зголемување на извозот на македонски производи во земјите каде што живеат нашите иселеници. Со ваквото вклучување во стопанскиот живот во Република Македонија се очекува да се интензивира процесот на реинтеграција на нашите иселеници.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 946

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Со Буџетот на Агенцијата за иселеништво за 2008 година е предвидена програма која ја опфаќа целокупната дејност на институцијата, односно активностите за реализација на поставените приоритети за реинтеграција на иселениците од Македонија; поттикнување на културниот развој на иселениците; унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија; информирање на иселениците со состојбата во Република Македонија; унапредување на врските со иселениците од Република Македонија и други работи како основна цел на Агенцијата.
АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на испратени аудио визуелни и печатени материјали до иселениците: 10.000

19302 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ВКУПЕН БУЏЕТ: 15.500 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е формирана на 26 април 2006 година, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата ги спроведува решенијата вградени во законот, кои се во функција на зголемување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на администрацијата, како јавен сервис со легитимитет, како и зајакнување на довербата на јавноста во државната власт, но и кај сите институции што вршат јавни овластувања. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е организирана во два сектора и шест одделенија. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер има за цел координација на буџетска програма на разни работи што се однесуваат за следниве и тоа: решавање по жалбена постапка, подготвување на листа на имателите на информации, едукација на лицата задолжени за посредување со информации од јавен карактер, издавање на билтени, брошури и друг пропаганден материјал и друго.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2007 ГОДИНА

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер до 1 септември 2007 година ги реализира обврските што произлегуваат согласно со Закон. Подготви листа на иматели на информации со вкупен број од 1400 и истата ја објави како посебен прилог во дневниот весник „Време''. Комисијата за овој извештаен период, поточно до 10 август 2007 година има разгледано 169 поднесени предмети, меѓу кои 187 жалби.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритетните активности на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во текот на 2008 година се однесуваат на целосна имплементација на зацртаните решенија во законот, исто така ќе придонесе за поголема отвореност и јавност во работата на државните органи, органите на општините и градот Скопје, но и кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања. Комисијата во целост ќе се залага барателите на информации да го остварат правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, за она што се работи во органите и институциите, чија основна функција е да ги штитат интересите на граѓаните. Комисијата исто така подготвува листа на иматели на информации, дава мислење по предлози на закони, презема активности на планот на едукацијата на имателите на информациите, соработува со имателите, подготвува годишен извештај и го доставува до Собранието на Република Македонија, извршува работи на меѓународна соработка, спроведува проекти на меѓународните организации и соработува со органите на други земји. Врши обука и издавачка дејност од сферата на слободниот пристап до информациите од јавен карактер и други утврдени работи со закон. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во текот на 2008 година планира преземање на активности за натамошно подобрување на меѓусебната комуникација и соработка во изразувањето, обезбедување на стручна помош насочена кон унапредување на слободата на изразување и јавно информирање и соработка во иновирањето на Законот за радиодифузната дејност и хармонизација на домашното законодавство со европските медиумски стандарди.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 965

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2008 година предвидува една буџетска програма која е во насока на ефикасно и успешно спроведување на законските функции за успешна реализација на зацртаните приоритети чија основна функција е да ги штитат интересите на граѓаните.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на пријавени жалби: 300

20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.500 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозните групи и работите во врска со односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во 2007 година беше изработен и донесен Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група; согледување на состојбите во македонските православни епархии: европската, американско-канадската и австралиската; учество на манифестацијата "Македонија во чест на Св.Кирил и Методиј" во Рим, Италија; учество на манифестацијата "Македонија во чест на Св.Методиј" во Елванген, Германија; учество на манифестацијата "Македонија во чест на Сесловенските просветители" во Москва, Русија; подготовки за одржување на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог; активности околу доделувањето на ордени по повод 40-годишнината од Автокефалноста на Македонската првославна црква.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Комисијата во оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следниве приоритети: примена на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група; активности околу подготовка на Законот за гробишта и организирање средби со претставници на верските заедници; вклучување на високошколските институции во системот на високото образование; опремување на библиотеки во средно-теолошките училишта и поддржување на акцијата за отворање библиотеки во верски објекти од значење за културниот и духовниот развој во Република Македонија; учество на манифестациите од интерес на државата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 8
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 688

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2008 година предвидува една програма која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со цел за успешно резлизирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на издадени одобренија за привремен престој на странски верски лица: 530

21001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 700.872 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за геодетски работи е управна организација во рамките на државната управа со самостоен статус на правно лице, а за својата надлежност е директно одговорен пред Владата на Република Македонија. Основната функција на Државниот завод за геодетски работи е утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а се состои од извршување работни задачи од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година Државниот завод за геодетски работи реализира 68 % востановен катастар на недвижности и регистрација на правата со 77 % запишани права на земјиште и 82 % етажни права на згради, завршено стерео-плотирање и 92 % покриеност на Република Македонија со основни

катастарски планови, реализирани се 58 % од Проектот ЈИЦА, Е-поврзувањето на Државниот завод за геодетски работи со интернет е во развојна фаза, регистрирани се 69 приватни геодетски фирми.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите на Државниот завод за геодетски работи во оваа година ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритетни цели: 82% востановен катастар на недвижности и регистрација на правата со 85 % запишани права на земјиште и 90 % етажни права на згради, завршено стерео-плотирање и 96 % покриеност на Република Македонија со основни катастарски планови, реализација на 75 % од Проектот ЈИЦА, пораст на ефикасноста и доверливоста на поединечните, хипотекарните и трнсакциските записи и за издадени исправи и податоци од КЗ и КН, регистрирање на нови 40 приватни геодетски фирми и Е-поврзување на ДЗГР со интернет.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 797
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 450

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Целите и приоритетите на Државниот завод за геодетски работи за 2008 година во Буџетот ќе бидат прикажани преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програмата ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат услови за ефикасно извршување на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на регистрирани приватни геодетски фирми: 40

Програма 2 - Програма за премер и катастар. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите. Основни цели на оваа програма се воспоставување на катастар на недвижности и регистрација на правата; воспоставување целосна поврзаност во Е-систем и целосно покривање на територијата на Република Македонија со прво картирање.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Востановен катастар на недвижности на територијата на Република Македонија: 82%.

22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 178.000 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, стандарди и номенклатури,

воспоставува меѓународна соработка во доменот на статистиката, континуитет во обезбедувањето на статистички информации со подобрен квалитет и слично.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година институцијата ги постигна следниве резултати: Спроведен е Пописот на земјоделството во јуни 2007 година; тековно се спроведуваа статистичките истражувања утврдени во Петгодишната програма за работа за периодот 2003-2008 година. Донесени се планираните Класификации и Номенклатури во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2007 година, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистиката и тековно се реализирани планираните активности од TWINNING проектот.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Приоритети и цели на Државниот завод за статистика за 2008 година се: спроведување на статистички истражувања во земјата кои се во согласност со Програмата за статистички истражувања за период 2003-2008 година; спроведување на Попис на деловни субјекти април 2008; спроведување на анкета за плати во јавен и приватен сектор; попис на угостителски објекти, реализација на планирани обуки утврдени во TWINNING проектот; унапредување на статистичкиот систем на Република Македонија; подобрување на квалитетот на статистичките информации; воспоставување на бази на податоци; примена на нови методи; отпочнување со активности за префрлање на административните регистри во надлежност на други институции и воспоставување на статистички регистри; јакнење на улогата на ДЗС како координатор на статистичкиот систем на Република Македонија, интеграција кон статистичкиот систем на ЕУ.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 254
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 632 денари

ПРОГРАМИ ЗА 2007 ГОДИНА

Во буџетот на оваа институција за 2007 година се предвидени четири буџетски програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на Програмата за статистичките истражувања и на другите основни функции на Заводот, со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на статистичките истражувања.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: 10

Програма 2 - Статистички истражувања. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности поврзани со спроведување на статистички истражувања; пренесување на надлежностите за водење на административни регистри од ДЗС во други соодветни институции; хармонизација на статистичките истражувања со ЕУ регулативите, активности поврзани со донесување на методологии, класификации и стандарди хармонизирани со ЕУ регулативите од областа на статистиката. Во рамките на оваа програма постои и потпрограма Регионални одделенија за статистички истражувања. Оваа потпрограма вклучува активности кои се однесуваат на прибирање на податоци од деловните субјекти од теренот; зголемување на опфатот на извештајните единици врз основа на сите истражувања; подобрување на квалитетот на добиените податоци од извештајните единици; ажурирање на адресарите од статистичките истражувања; подобрување на работата на анкетарската мрежа; организација и спроведување

на анкетните истражувања на теренот; посета на теренот; прибирање, шифрирање и внес на дел од добиените извештаи од теренот; соработка со локалните власти; организациона и техничка поддршка на статистичките истражувања и меѓусебна соработка со ДЗС; детектирање на потребите на корисниците и сервисирање на нивните барања од областа на статистиката; давање услуги на локалните власти и локалните корисници и слично.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани статистички истражувања: 50

Програма 3 - Програма за попис. Оваа програма вклучува активности за спроведување на Пописот на деловни субјекти. Основна цел е воспоставување на статистички деловен регистар усогласен со регулативите на Европската унија и со препораките од ЕУРОСТАТ. Со ова би се овозможило воспоставување на регистар кој ќе служи како основа за подготовка на примерок за спроведување на статистичките истражувања. Со пописот се планира да се соберат податоци за деловните субјекти и тоа за нивната големина, структура, бројот на вработените, потеклото на капиталот и други податоци.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на воспоставен статистички регистар на деловни субјекти: 1

Програма 4 - Програма за поддршка на програма за избори. Оваа програма опфаќа активности кои се однесуваат за редовно и тековно ажурирање на избирачките списоци; организационо-техничка и методолошка обработка на податоците во Избирачкиот список, стручна изработка на техничките описи на избирачките места, со цел за успешно спроведување на сите избори.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ажурирања на избирачкиот список и избирачките места: 12

24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 94.800 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Македонија ги врши работите кои се однесуваат на примање архивска граѓа и водење евиденција за неа, средување и обработка на архивска граѓа, чување и заштита на архивска граѓа (конзервација и реставрација), истражување и комплетирање на архивските фондови и збирки и научно истражувачка работа од областа на архивистиката, објавување архивска граѓа и организира предавања, изложби и други погодни облици на културно, просветна и научна дејност.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Објавени се следниве изданија: "Крсте Петков Мисирков", "Писма", "Турски документи за историјата на Македонија" опремување на одделенијата на ДАРМ со неопходна компјутерска опрема, зголемен инспекциски надзор кај имателите на архивската граѓа, континуирана конзервација и реставрација на архивската граѓа, средување и обработка на приоритетни фондови.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Стручна помош во одбирањето на архивска граѓа, изработка на архивски знаци и листа на категории, како и евидентирање на архивската граѓа и нејзино преземање и уништување на документарниот материјал со изминат рок на чување, рационализација на просторот во депоата, конечна локација на

фондовите по гранки на дејности, микрофилмување на архивската граѓа од прва категорија и конзервација и реставрација на оштетената архивска граѓа, средување и обработка на архивската граѓа од следниве фондовски целини: архивска граѓа истражена во Република Македонија и странските архиви која се однесува на историјата на Македонија, фондови на македонски организации и друштва, црковно-верски фондови и организации во Македонија, техничка документација, фондовски истражувања во Турција, Србија и Црна Гора, Унгарија, Полска, Италија, Хрватска, евидентирање на фондовите во странските архиви, активности од билатерален и мултилатерален план, потпишување на договори за соработка со повеќе архивски институции и издавачка дејност.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 216
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 427

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Државниот архив на Република Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 – Администрација. Во рамките на оваа програма се одвиваат активностите поврзани со изработка на нормативно-правни и општи акти, правно застапување на ДАРМ, водење кадровска, статистичка евиденција и водење финансиско-материјално книговодство, законитост, ефикасност и навременост во извршувањето на планираните и тековните работи во доменот на нормативно-правните и финансиско-материјалните работи, законитост во планирањето, трошењето и контролирањето на одобрените финансиски средства со Буџетот на Република Македонија, зголемување на човечките потенцијали во Државниот архив како неопходен атрибут за успешно извршување на планираните работни задачи, одржување и зголемување на безбедноста на објектите во Државниот архив на Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на објавени тендери во текот на годината: 6

Програма 2 – Заштита и надзор на архивската граѓа. Во рамките на оваа програма се изведуваат следниве активности: инспекциски надзор во архивското работење на сите иматели во Републиката како и надзор врз канцелариското работење во органите и организациите кои не вршат јавни овластувања, преземање на архивска граѓа од имателите, нејзино евидентирање, микрофилмување, конзервација и реставрација на оштетена архивска граѓа, валоризација, класификација, систематизација и обработка на архивските фондови и архивска граѓа и изработка на научно-информативни средства за неа, организирање и изведување и истражување на архивска граѓа во земјата и странство, откуп на архивска граѓа и подготвување на документи за издавање на зборници и други изданија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: 900

25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.930 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда, надлежно за вештачење од областа на материјално-финансиското

работење, сообраќајно-техничката, електромашинската струка, градежништвото и архитектурата, агрономијата, графологијата, технологијата и вршење на супервештачења и експертизи. Вештачењата по области ги опфаќаат: материјално-финансиска област (даночно затајување, затајување, злоупотреба на службената положба и овластување, измама, проневера во службата, фалсификување, уништување на деловни книги); сообраќајно-техничка област (сообракајни незгоди, тешки сообраќајни незгоди со смртни последици, тешки дела против безбедноста и имотот во сообраќајот, увиди и реконструкции на лице место); вештачења од граѓанската и стопанско правната област (надомест на штета, долг, физичка делба, хипотека, стечај).

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година постигнато е: зголемување на ефикасноста со завршување на вештачењата, особено на предметите на вештачење кои се префлени како залиха од 2006 година, завршување на вештачењата за предметите коишто се водат во истражна постапка; вклучување на поголем број на вешти лица, како надворешни соработници заради навремено и во пропишаниот рок завршување на вештачењата и унапредување на соработката со судовите на сите нивоа.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на институцијата за 2008 година се: подобрување на ефикасноста во материјално-финансиската област и сообракајно-техничката област, како и градежно-архитектонската област преку изведување на тимски вештачења и супер вештачења, продолжување и унапредување на соработката со судовите во Република Македонија, како со основните така и со апелационите судови, зголемување на транспаретноста во работата со цел за изготвување наоди и мислења на поефикасен начин.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 25.
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 837

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во буџетот на институцијата за 2008 година е предвидена една буџетска програма 2-Судски вештачења, која опфаќа активности поврзани со вештачење по кривични предмети (даночно затајување, измама, проневера во службата, фалсификување и уништување на деловни книги, сообраќајни незгоди, убиства, реконструкција на самото место и слично). Основната цел на овие активности е зголемување на стручната и техничката опременост со цел за поефикасно извршување на поставените задачи и унапредување на соработката со судовите во Република Македонија.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на примени предмети за вештачење: 1280

26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 124.930 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науки и уметности е научно истражувачка организација која во својата основна дејност работи на повеќе научно-истражувачки проекти, има обемна издавачка дејност, организира научни собири,

организира уметнички изложби, учествува на меѓународни научни собири и соработува со повеќе Академии од странство.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Издадени се повеќе изданија од разни области, одржани се околу десет научни собири. Учество на академци во странство на научни собири и одржувани се контакти со странски академии за соработка.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Работа на научно-истражувачките проекти, повеќе од 60 проекти, издавачка дејност, учество и организација на научни собири, организирање на изложби и други активности во функција на Академијата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 59
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 16.812

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Македонската академија на науките и уметностите ќе се реализира преку следнива програма

Програма 1 – Администрација. Во рамките на оваа програма се врши извршување на основните функции на Академијата, научна работа, издавачка дејност, организирање на научни собири, организирање на уметнички изложби, учество на меѓународни научни собири, соработка со други странски академии и научни институции од светот и земјата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на научно-истражувачки проекти: 65

28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 312.924 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година поддржана е изградба, модернизација и реконструкција на локалните патишта, изградба на локалните водоводи, резервоари, цевководи и селска мрежа, изградба и реконструкција на електрична мрежа, изградба на системи за одводна каналска мрежа за отпадни фекални води, изградба на водопоила за сточарски фарми, микроакумулации, градобијни станици, изградба и реконструкција на здравствени и ветеринарни амбуланти; превоз на ученици, во руралните центри и во објекти од културата, изградба на две училишта и електрифицирана е една фарма.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Активностите кои ги презема Бирото за регионален развој се насочени кон намалување на разликите во степенот на развиеноста во однос на нивото на Републиката и намалување на миграцијата село-град преку создавање подобри инфраструктурни и други услови за развој во неразвиените подрачја и преку севкупните мерки, а особено индиректните зголемување на вработеноста. Поттикнувањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја

ќе се остварува преку директна поддршка со насочување на средства во реализација на инвестициони проекти во економската инфраструктура, социјалната сфера и слично. Во текот на 2008 година Бирото ќе продолжи да води грижа за наменското искористување на одобрените средства и активно ќе ја следи изградбата на инфраструктурните објекти.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 15
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 657

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Бирото за регионален развој за 2008 година предвидува една програма, која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Бирото за регионален развој со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции. Се предвидува започнување со практична имплементација на надлежностите на Бирото согласно со новиот Закон за рамномерен регионален развој, а особено: подготовка на аналитичко-документациска основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој, изработка на предлог-методологијата за изработка на плански документи, изработка на предлог-одлуката за критериумите, индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби, изработка на предлог-критериумите за степенот на развиеност на ЕЛС и регионите изработка на предлог-акт за класификација на ЕЛС и планските региони според степенот на развиеност.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на одобрени инфраструктурни објекти за изградба: 231

29010 СУДСКА ВЛАСТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.595.688 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи. Судскиот совет ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности: ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судски буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на судовите и врши други работи предвидени со закон.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во текот на 2007 година се постигна подобра операционализација на судскиот буџет, преку спроведување на активности, согласно со новиот Закон за судовите и спроведување на групни јавни набавки и реалокации на средства од судскиот буџет со цел за максимално искористување на одобрените буџетски средства; постигнато е значајно подобрување на условите за работа во судовите со координативните активности на Судскиот буџетски совет и меѓународните институции кои обезбедуваат разни видови на финансиска помош за судството во Република Македонија; извршени се големи капитални инвестирања на ниво на судската власт, кои се предуслов за реформите во судската власт; постигнато е зголемување на ефикасноста во менаџирањето со судскиот буџет со кадровско

зајакнување во Стручната служба на Судскиот буџетски совет; негување на систем на пилот судови заради изедначување на судската пракса за решавање на супер старите судски постапки; целосна имплементација на унифицираниот менаџмент информатички систем, за подобро менаџирање со судскиот буџет; донесена ИКТ Стратегијата на правосудниот систем во Република Македонија, како дел од ИКТ Стратегијата на Владата на Република Македонија од страна на Академијата за обука на судии и обвинители постигнато е започнување на почетна обука по реализираните испити на кандидатите за обука на идни судии и обвинители и реализација на програмата за континуирана обука на судии и јавни обвинители.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Судската власт планира активности во насока на реализација на следниве приоритети: имплементација на новиот Закон за Судскиот совет на Република Македонија, со кој се менува изборот на судиите и се редефинира поставеноста, надлежноста и составот на новиот совет; зголемена ефикасност на судовите, преку имплементација на новиот Закон за судовите во однос на организацијата и надлежноста на судовите; започнување со работа на Управниот суд на Република Македонија и Апелациониот суд во Гостивар; зајакнување и унапредување на начинот на финансирање на судството преку поттикнување на поголемо независно алоцирање и управување со средствата за судската власт (менаџирањето со судскиот буџет); целосна имплементација на софтверскиот пакет за менаџирање со судскиот буџет и континуирана информатичка модернизација на судовите, со цел: максимална операционали-зација на годишните планови, пресметување на трошоците на едно оптимално ниво и неопходност од редовно намирување на долговите кон претпријатијата кои обезбедуваат услуги за судовите; следење на можности за регрупирање на заеднички активности, со цел за максимално искористување на одобрените буџетски средства во нивни намени; имплеметација на ИКТ стратегија во правосудството, односно во Судската власт, како дел од стратегијата за информатика на Владата на Република Македонија; следење на започнатата почетна обука на кандидатите за судиите и јавни обвинители; следење на континуираната обука на судиите и јавните обвинители; целосно формирање на Судскиот совет на Република Македонија, со цел за извршување на надлежностите предвидени со закон.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 2804
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 545

ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

Буџетот на Судската власт предвидува една буџетска програма: 2-Судска администрација, која ги опфаќа сите активности на институцијата во насока на успешно извршување на основните функции.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на судски предмети: 1.700.000

31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 300.900 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши

други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривичниот систем да функционира ефикасно и навремено.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

